Младен СРБИНОВСКИ

# ТРИУМФ НА НИШТОЖНОСТА

МЛАДЕН СРБИНОВСКИ

# ТРИУМФ НА НИШТОЖНОСТА

Издавач

Приватно издание на Младен Србиновски

Графичко уредување и печатење

Коцаре Принт – Охрид

## 1. МЕЃУ УДБАШИТЕ

Има и повеќе од петнаесет години, бев на Велигден во мојот Вруток и во дворот на новото училиште до Главардар, налетав на една распадната, небаре надвор со нозе шутната книгишка стара педесетина години, Со партизаните, од Владимир Назор. Се разбира, ја зедов. Ќе ја залепам, ќе ја зачистам... Токму во ова издание сум читал како стариот поет отишол во титовите партизани. Па тоа е книга од нашата, стара училишна библиотека...

Утредента на враќање за Скопје, само што почнав да ја вrткам старата книга, во полупразниот вагон на шинобусот влегоа двајца помлади полицајци, веројатно возна патрола. Кимнавме едни на други за поздрав и од толкуте празни седишта, седнаа баш пред мене... Овој пат мојата преплашеност беше без основа. Двајцата полицајци имале подруга намера. Сакаа безбели на ретките патници да им покажат дека се и тие од семејството на читателите. Извадија дваесетина фотокопирани листови, па заедно сите тројца ќе читаме. Вовед во криминологијата, јасно ги прочитав големите букви на една од страниците што ги поделија читачите меѓу себе. Беше очигледно дека пред мене седнаа амбициозни полицајци кои вонредно студираат безбедност. Овие ќе напредуваат...

Читачите пред мене почнаа да читаат и по пет минути откако тргнавме, нишањето на шинобусот приспивно им подејствува и гласно закркореа. По еден час, на влегување во Скопје, двајцата се разбудија.

- До каде си со материјалот? - му вели мустакестиот на дебелиот.

- До никаде. Читам, ама ништо не памтам. Ти барем читаш и памтиш.

- Што дека памтам, а, почнам да читам, веднаш заспивам...

Побројните патници нечитачи немаа баш можност да видат како помалубројното, читачко семејство културно се воздигнува. И врз мене парталосаната книга в раце рассејувачки подејствува...

Понекогаш, во време на летниот распуст, ќе слушневме дека неранимајковци влегле и во училишната библиотека и искинале и изнафрлале книги... Дали тие омазди кон книгите беа после земените училишни оценки, најточно не се сеќавам, но очигледно е дека првиот таен заговор на младешката аздисаност секогаш е против книгата.

Во пристојно снабдената училишна библиотека, уште од најмал ги читав и книгите за мојата возраст, и оние за повозрасните. Наставниците и клучот од библиотеката ми го даваа да издавам и прибирам вратени книги.

Нечитачите веднаш се познаваа... Да ги молиш да ги вратат книгите што не ги отвориле и некому ако му здодееш, а никако нејќеш да го кажеш затоа што вчерата си читал таква книга каде што по никоја цена не се издава свој другар, за благодарност често ми ја враќаа книгата со шутирање. Што станаа читачите во животот нама да зборувам. А нечитачите, макар што добро шутираа книги, не станаа фудбалери. Многумина станаа полицајци.

И подоцна, јас кога почнав да пишувам и објавувам, моите школски другари намуртени полицајци, наместо ракување дека одамна не сме се виделе, напреку и низ заби само ќе ме прекореа, што тоа сум серел, по тоа весниците и книгиштата. Очигледно многуто читање лошо ми повлијаело на мене.

Не се свесни колку се во право. И самиот незнам колку длабинско и судбински повлијаело читањето врз мене. Родени сме да бидеме меѓу полицајците, а цел живот се бранам да не тргнам со удбашите.

## 2. СЕМИЊА НА ОМРАЗАТА, ’РКУЛЦИ НА ЉУБОВТА

Љубовта цути, не се збира и в китка не се врзува, но се намирисува, а омразата се сее и жнее. И жетвата никогаш не потфрла, не се дособира. Семето сме ние. И доказот. Што сееме, не можеме да дожнееме... ’Ркулци сме од нечија љубов, но пркнати во запустена бавча со билки на омразата, расте тој коров во нас и не обзема штом во себе троа не потплевиме. Најтешкото. Нема потешко од себе плевел да корнеш... Нужно е секој ден, секој момент во себе да се плевам, страче омраза во мене да не остане и штом мислам тој отровен коров во моја бавча веќе не расте и можам рацете да си ги измијам, таа отровна билка од некаде, сепак, ќе даде знак дека некоја преостаната жиличка на омразата сеуште рие, низ мене некој порано недооткорнат нејзин корен веќе пронаоѓа почва...

Полесно, најлесно е да корнеш подзакорчени рани од колената на детството соринати од туѓи сопки, обично од сопките на посилните и поголемите. Така, така некако ми изгледа македонската и пошироко балканската општествено политичката клима, на луѓе до непрепознатливост обраснати од бурјанот на омразата кои одбивајќи во себе да требат, одбиваат да возраснат и вечно корнејќи си ги подзагноените корки од раните на колената успеваат да предизвикаат кај оние одоколу што ги набљудуваат болно слатка жртвена сочувственост.

Такво некакво на едно око отворено е и темнотото кусо саботно попладне во студениот 17 декември 2016 пред зградата на бившата НИП Нова Македонија во Скопје. Во високата зграда на една од главните скопски раскрсници е сместено седиштето на Државната избирачка комисија. Збунувачко, веќе неколку дена, комисиските седници директно се пренесуваат од повеќе национални телевизии за гледачите.

Комисијата расправа горе на катовите за прегласување во едно избирачко место со нецели петстотини гласачи од кои резултати при

прегласувањето не би можела да се смени и оспори тесната победа од два пратеници на дотогашната владеачката структура. Но, протестираат тие, староновите победници. Зашто?

Сообраќајот е блокиран на фреквентната скопска раскрсница од собрана неколкуилјадна очајничка разгневеност на владеачката партија ВМРО-ДПМНЕ на кои од импровизирана бина им се обраќаат највисоките партиски функционери. Избирачката комисија не е Парламент или протестот пред Државната избирачка комисија е само повод за излив на само на нив разбирливата нивна разгневеност? Немирковците многу нешто од светкавите и намигнувачки властосласни перформанси на играчката Македонија со која што се забавуваа над десет години ѝ уништиле и сега на глас пиштат и вриштат што народниот подарок в раце што не им функционира. Зашто? Тие сепак се какви такви победници на какво таквата играчка. На крајот им се обраќа и претседателот на партијата, Никола Груевски. До скоро, една деценија македонски премиер, Груевски се изжали на странски амбасади дека се мешаат во внатрешните работи на државата и се закани дека нема никогаш да дозволи никаква кантонизација и федерализација на државата, двојазичност, манување на идентитетот... Зашто?

Опозициската СДСМ на штотуку одржаните парламентарни избори и се доближи на владеачката ВМРО-ДПМНЕ. И наместо бројните нивни партиски кадри да ликуваат што се во можност со коалиционен партнер да стасаат до потребното парламентарно мнозинство и формираат нова Влада, ужалено штуро на фејсбук, едвај по некој ќе напише по една реченица дека досегашниот режим не би смеел и понатаму да опстане на власт. Зашто?

И партиите на Албанците даваат скржави изјави дека прво ќе издадат заедничка платформа со политички барања, па потоа ќе определат со кого ќе коалицираат. Зашто?

Ова се главните три политички ногарки од македонското политичко троножно столче. Троножникот е најстабилен стол, а само македонскиот политички троножец е вечно нестабилен. Зашто?

Невладините организации на постизборните прес конференции површно истакнуваат дека гласачкото тело на етничките Македонци покажало конзервативност, а албанскиот електорат пројавил почитувачка граѓанска свест. Зашто?

Безизлезот е најприродната состојба на Македонија,тоа големо и наше вечно ЗАШТО како ченгел фатило, тегне и не дава да мрднеме. Неброени прашања и прашалници, и наместо јасни и разбирливи одговори за потонатиот во секакви проблеми обичен човек, македонската политичка и интелектуална елита молчи. Зашто?

Жалната и вечна наша македонска состојба. Македонија сведена на фејсбук статус, а емоциите на македонските граѓани се тркалаат по улица...

Толку ли сме лицемери? Да, исплатливо е. Тоа е нашата државна идеологија, нашиот стил на живот, нашата втора природа. Македонизмот најпрво е лицемерие, па потоа останатото. Живееме во бескрајно неправедно општество. И тоа е нормално. Живееме во бескрајно неслободно општество. И тоа е нормално. Живееме во бескрајно корумпирано општество. И тоа е нормално. Живееме во шовинистички поделено општество. И тоа е нормално. Во Македонија нормалноста плаши. Овде лицемерието е нормалност, држава. Тоа се темалите на државата. Опозициската СДСМ сакаат да победат за да ја вратат Македонија во нормалност. Или, во провереното нивно лицемерие, за нив нормалност...

* * *

Се расчу... Дваесеткатната зграда на Македонската радио и телевизија ѝ се доделува на македонската полиција и по еден месец, директорката Стошиќ почна со нашето бркање од работа...

Од некаде му надоаѓа, но само незаштитениот во беспомошноста се врти кон искреноста. Или, си го врти и другиот образ... за двојно понижувачка шлаканица. Со новонастаната состојба, по случајност, се поклопи и изборот на ново синдикално раководство во најголемата синдикална организација на МТВ. Одеднаш, околу мене се навртија и оние кои нејќеа со години и да ме поздрават. Тебе ќе те ставиме претседател на синдикатот на Општи служби, а после и на целиот синдикат. Кај тебе само нема да поминат... Се бранев, им велев, како што секогаш сум им велел, вие знаете во каква држава живееме, ако решиле, ништо не помага... Пријатели сме, успејаа, ме ставија и се разбира, за тоа краткото време, почнав да ги заштитувам вработените. Одеднаш чудо, мојот избор не го поддржува Сојузот на синдикатите на Македонија. Каков грев му имам направено сега пак на Синдикатот? Одев во Синдикатот, барав прием кај претседателот и растресени мечкести чиновнички секогаш имаа изговори да ме вратат.

Сепак, изнајдов можност и се сртетнав со тогашниот Претседател на синдикатите на Македонија. Со очите недоотворени од дувацисвто, ни едно ни две, ми вели, ти на синдикатот во МТВ од ванчомихајловистите си? Вработените таму убаво знаат кој сум и ништо не им пречи, му велам, ама поткасано... Ова, ова е нашата држава, ова се удбашките наши распрдени функционери и интелектуалци. Немаат ли оправдување и аргумент, (а скоро никогаш ги немаат) аргументот им е невредата, денунцирањето или, "мерки и активности" со памбук крвта да ти ја испијат... Кој ѓавол ме тераше да се нафатам и по секој начин да изнајдам можност на Државна безбедност, создадена да си ги понижува и уништува своите граѓани, да ѝ го подадам и вториот образ. Ни прв пат ми е, ни последен... Прав е Исус во Библијата. Само колку време да ги вртиме

образите на злотворот дури самиот не се свести што прави. На улавата и палава УДБА веројатно не ѝ беа доста седумдесет години...

Празнејќи ги канцелариите на МТВ за да се всели на наше место МВР, работните бироа требаше да ги раздолжиме во македонското радио. Завршуваше мојата прва и последна работа што сум ја добил од државата. Те земе ли УДБА на заб, биди срекен и ако преживееш... Знаев какви пеколни децении на голо преживување се пред мене и не брзав со раздолжувањето. По неколку дена, меѓу последните, ја завлеков работната маса од осумнаесеттиот кат кон лифтот и на приземје не требаше да прашувам на каде да затуркам.

Лизгањето на бироата на претходно раздолжените веќе имаа исцртано дебели црни ленти по зелениот линолеум. По поминатиот тесен ходник кон радиото, од зад агол, во огромната подрумска просторија, одеднаш: статична глетка за вечноста издвоена од делничноста. Двеста, триста, петстотини, колку ли бироа беа накамарени едни врз други?

Преплашен од ништо, одеднаш подзинав како подотворените фиоки заканувачки што висеа од бироата разштрафени и распарани, небаре подадени органи од несошиените стомаците на бирократијата. Со криви ногарки или без ногарката што им се изгубила, и скоро сите со подуништен фурнир дури одмаздничките дотука ги дотуркале, нивните довчерашни корисници, од нив разделувајќи се ги навртеле како им дошло во оваа заедничка подрумска гробница на бироата. Едни кон други, едни врз други, наопаку, на плеќи, токму во состојбата и положбата на нивните корисници кои до скоро меѓу себе потајно или поотворено како очи што си вадеа или тајно се сакаа... Бироа од разни периоди и моди на работењето, владеењето и напредувањето; од оние што никогаш не напредуваат во работата какво што беше и моето тукушто дотуркано, со железни ногарки со еден ред фиоки, без клучалка и без параван со иверична табла за заштита од ѕиркање во нозете, до оние на преуспешните, со огромни, тешки, сферично закривени бироа со два реда фиоки кои чиниш летаат заедено сосе заседнатиот зад него... Нафрлани едни над

други и сите со видливи лузни од немарното нивно удирање по ќошеви дури дотуркале до ова дереце, самите бироа кажуваа повеќе од секаков збор за личните премрежија на нивните ползувачи од кои веќе вчерата се разделиле.

Можеше ли пометафорична, а реална слика да ми излезе пред очи? Сјаен почеток за роман... Немаше тогаш уште паметни мобилни телефони за да ја штракнам ова самооформена сценска глетка достојна за насловна на Тајм.

Смајано подникнувачки се стресов во подрумскиот застојан воздух со мирис на прав и пилевина. Па, ова, државата пропаѓа!? Или само мене така ми се чини и просто поттрчав на враќање.

Прелагата и сликата од понебеси ги одржува немоќните во живот работните бироа остана повпечатливо врежана во мене од сите подоцнежни општествени превирања, избори, улични протести или телевизиски дебати со раздразнетата размрданост на македонистичките актери кои во немоќ да го спасат или обноват скршениот систем од времето, најчесто потсетуваа на мајски комарци на кои немирни Албанчиња на плажа им ставиле сламка во задникот и ги пуштиле во етерот да летаат... Баеги во нив е проникната баналноста на злото, што вели Хана Арент и од шовинизмот растворен во нивната мрачна глупост која за миг ги престорува од клеветници од најдолен тип во потенцијални злосторници, не се срамеа од тоа што го прават затоа што во Македонија така напредуваа. Сега кочат, кочат со идеологијата на омразата без сопирачки, но фајдето е мало, свесно или несвесно, со на себе коњските амови за да гледаат само низ шовинистичката мисиркова клучалка на омразата, неможат веќе да се извлечат од реколтата на оваа нивна горчлива пребогата жетва. А тоа, тоа им е нивниот поглед на светот. Тоа се македонистите. Кои не напикаа во срамна беда до економско осиромашување и системски наметнато незнаење. А оние кои сакаат од таа македонистичка беда да се извлечат, и животот си го ставаат на коцка...

Во средината на јули 2008, беше организирана една од промоциите од мега проектот на Министерството за култура, Сто и триесет томови македонска литература. На онаа промоција во Битола бев и јас. Свечено ни беа поделени по пет авторски примероци, бевме нагостени во Епинал и по полноќ тргнавме кон Скопје. Во владиното мини бусче бевме шест-седумнаесет писатели, Гане Тодоровски, Ташко Георгиевски, Иван Чаповски, Марко Китески, Тодор Чаловски, Миле Неделкоски, Раде Силјан, Бранко Цветкоски, Веле Смилевски, Трајче Крстески, Блаже Минески...

При попријатното враќање на полната месечина, со изгаснатите светилки во бусчето, спокојно, од средина и без воведи, како што го прават само свои со свои, како само да ја продолжуваа својата одамна започнатата расправа, на моменти, де сочувствено пријателски, па потоа, де нервозно поврескаво, Ташко Георгиевски и Миле Неделковски за време на целиот, три-четири часа пат, од Битола, до Скопје, ја расправаа нашата заедничка, болна и (не)пријатна тема, бугарството.

Возачот, учтиво тивок дебелко, негрешен Васил Тупурковски од пред дваесет и пет години, од она што го слушаше, незнам во некој ендек како не не истумба... Дали пред тоа уште на маса започнале, незнам, но остарените писатели, врсници и пријатели, во аргументите, во основа, се сложуваа. Да, нашите предци се чувствувале македонски Бугари, да, дедо ми бил егзархиски, бугарски учител во моето Кронцелево, ама јас сега сум Македонец, му одговараше тивкиот Ташко на поизбувливиот Миле. Но, на прашањето, зашто тоа не му го кажеме на народот, зашто го лажеме, чии државни интереси штитиме, зашто првите томови од едицијата ги фалсификуваме, немаше одговор ни од двајцата соговорници, ни од некој од нас уста три и пол часа што не отвори. Дали беше провокација, не верувам, но само за неупатените, во случајов, веројатно само за возачот, и сега за читателите, сега прочитаново им е шокантно. Некако ваков затечѐно вџашен ни е и целиот народ; од свои даноци што ги плаќал да е опкружен од свои исшколувани лицемери. Врховната удбашка заповед е

народот жеден преку вода да го пренесуваме и нешто и ако потслушне, да се притеснува од слушнатото или прочитаното што е подразбирливост за сечија култура и историја, па и за нашата.

Преку ваквите неапсолвирани горливи проблеми кои се кршат од секој што фатил и една страница текст да напише за нашево дезориентирано секојдневие и кои што сега како магепсана непремостливост ни ја парчосуваат државата, со децении и децении се одвиваше и одвива суровата македонистичка хајка по неистомислениците од секој вид. Ваква срамна мачнотија сигурно била отприлика и атмосферата кога пред тртиесетина години настрада актерот Ристо Шишков. Или случајот со Јован Котески, Живко Чинго, со т.н. либерали... За безбројте, со илјади постари случаи од четириесеттите и педесеттите години на минатиот век, од монтирани судски процеси на докторите, до случајот со Венко Марковски и да не зборуваме... Само кога би можеле масите во кафеаната кај, веќе покојниот Јоле, на Друштвото на писателите да зборуваат...

Немањето и грам можности за дијалог ја уништи и Југославија. Европската унија во седумдесеттите години на минатиот век кога Југославија ја канеле за полноправно членство и без никакви додатни исполнувања на услови, кој можел на Тито да му подрече дека тоа е за сите полезно, дека тоа ќе е само нова успешна и повисока стапка од развојот на државата...

Силите што најмногу ја рушеа Југославија, а кои сега крокодилски солзи леат по неа, јасни беа уште со невиденото бербатење по младешките текстови во словенечкиот весник Младина на крајот од осумдесеттите години, за Европа сега(здај). За несреќа на останатата југословенска заедница, а за нивна словенечка среќа, словенечкото општество и тогаш имаше капацитет да ги подзаштити своите младинци од наша јужначка правоверност. Се пушти ли идеологија по писател, новинар или некаков филозоф мисловно да го дисциплинира, да знаете, тоа е најдобар знак за државата дека си ги брои деновите до исчезнувањето.

Не ја мразев Југославија. Немам симпатија за оние, па и за Тито, кои нејзините животодајни разнородности ги злоупотребуваа за беспотребни, вечни секташења. Макар што меѓу оние кои треба да жалат за Југославија, сигурно сум и јас. Можеби си воообразувам, но моите романи и текстови во тој простор сами ќе си најдеа југословенски издавачи, критичари и читатели. Во екот на најголемите хајки овде кон мене, текстот "Балканска кошница копнеж" ми го преведоа и објавија, никој друг, туку белградските "Речи" на процинциќевската Б92. Едноставно, сакале да се информираат за македонската бура во чаша вода. И им благодарам. Моите текстови се моите горила и тој текст и денес ме брани, покажувајќи и пред дваесет години како сум мислел и што сум предлагал. Англискиот јазик да биде втор службен јазик во Македонија.

Самостојна Македонија ништо не научи од југословенските превирања и македонската кревкост може да опстои само ако е демократска. Затоа што таа е пред се, идеја. Чудо за свое време од високософистицирана граѓанска внатрешна "платформа" на Организација на потлачените (тогаш) македонски Бугари која не пропагира освета. Наша прознаена стојност и за дома и во сегашнава независност пред Европа. Тогаш, зашто на сите дебати тукашниве наши албански интелектуалци секогаш се поубедливи со "однадвор увезената платформа за Голема Албанија" од нашиве македонистички интелектуалци? Едноставно: немаш "аргументи" кога бегаш од внатрешната своја "платформа" а со сите сили ја браниш затскриено увезената платформа за Голема Србија како антимакедонски и антиевропски македонизам и да бидеш умен. Без оглед дали се викаш Владимир Милчин или Митко Мацунков, Слободан Унковски, Димитар Димитров, Љубиша Георгиевски или Мирослав Грчев... Нивното пишување и јавните истапи, како и од останатата поситна боранија е само шмирантство од ист македонистички театар, заради кого граѓански нереформираниот македонизам во самостојна Македонија еве дваесет и шест години, губитнички е. Некои од нив се ревносни критичари (и со право) на појавното и опасното кај ДПМНЕ, но слепи со децении за базичниот

канцероген македонизам кого го јаваа, од кого блика нашиот вечен авторитаризам и од кој се испили и беше од сите заглушувачки здушно поддржуван и Груевски. Македонизмот е колективна пијанка која во време на југословенството ни создаде еуфорично расположение, а сега токму тој не уништува и не беше препорачливо наше трезнење се до влегувањето на разулавените толпи во април 2017г. во Собранието. Облекувани и маскирани во сите костими и бои, во македонското Собрание на 17 април 2017г. влегоа македонистите! На среќа, сето се заврши без жртви. Како, навистина како проевропскиот Заев овде европски да работи? Ќе можеме ли ние оттука на соседна Србија освен народни песни да ѝ извеземе и малку европејство?

Не раскара, не осиромаши, не искраде, не иссели, згора на тоа и не лаже, македонизмот е единствената пречка за наше влегување во ЕУ и НАТО. Сакаме цел свет да го "превесламе" и како македонисти таму да не примат. А, тоа, некако европејците не го пијат. Македонизмот, мисирковштината беше можна и е можна само со полициски патерици. Со диктатура. Македонизмот е капитуланство, молчење, нечиста совест, корумпираност од секаков вид... Затоа, вистината на маса. Колку на прв поглед болна, вистината (веројатно во овие времиња подзаборавивме) уште повеќе е лековита. Ништо не лечи поубаво од вистината. Мораме да ѝ погледнеме в очи. Зашто го нејќеме тоа? А тогаш, само тогаш прв пат ќе почувствуваме дека сме и групно силни и социјално вакцинирни. Не историски документи, не Зијадин Села, Божидар Димитров, Ван Хауте, Ангела Меркел и недоброј други оттука и од светот да ни кажуваат кои сме и што сме и како да ја уредиме државата. Сами да одговориме на тоа огромно "ЗАШТО", што не дави и уништува. Сакаме ли воопшто некогаш да излеземе од оваа каша во која од македонизмот сме втурнати?

Тукашниот севкупен народ, во основа, навистина не ги мрази Албанците колку што врескаа груевистите против нив, но народот чувствува и гледа дека Албанците само поентираат, а него неговите

партии на што и да го насочат, отпосле увидува дека секогаш го насамаруваат. Секогаш е на губитничката страна. Зашто?

Македонизмот ја изведе целата бескрупулна историја на бесчестието врз својот народ и пак не успеа. Како да им објасниш на нашиве одбрани македонистички тапчовци дека и за нив лично помало ќе е блamирањето ако воопшто ништо не бранат и од никого не не заштитуваат. Сакаш ли нагледно да учиш вежбање на одвратност - гледај вечерни тв дебати на нашите телевизии. Македонците се мразат себе си, Албанците влакно не даваат да падне и на она што баш секогаш и не им служи на чест...

Југославија од сите страни веќе се нишаше и на година и пол пред нејзиниот распад, дури во 1987, во додатокот на "Лик" на "Нова Македонија", никој друг, туку академик Гане Тодоровски во неговото интервју порача дека е време на народот да му се каже дека српскиот јазик треба да се воведе како втор службен јазик во република Македонија. Неговото интервју предизвика лавина реакции. Значи, баш секогаш не се молчеше. Му се спротивстави, поетот Голооточанец, сега покојниот, Душко Наневски, на него се надоврзаа уште многумина јавни личности, повеќе против, малкумина и зад таа идеја застана. Оној што сака да ја провери целата оваа полемика, излезена е и во посебна книга. Јас како новинар во научно популарната програма на МТВ, тогаш направив емисија со многумина од вклучените и невклучените во оваа полемика и најмногу ме зачуди кога од малкумината од оние кои ја поддржуваа оваа идеја беше и Блаже Ристовски.

Во истата таа 1987г., Собранието на социјалистичка република Македонија изгласа закон со кој на народните пратеници Албанци им се забранува да зборуваат од собраниската говорница на својот јазик... Макар што таа нивна уставна можност ретко кој ја ползувал.

Ако некој за последниве триесеттина години бескрајно ги иритираше граѓаните со македонистички терор за неможно идеолошко

помирување на мртвите и граѓанско сплотување на живите беше токму академик Ристовски. Денеска од времето замолчан, но вечно семоќниот "фолклорист" и "протагонист" особено ги провоцираше македонските Албанци со се нови и нови заложби за учење на македонски јазик на училиште: не од петто, од трето, не од трето од прво, не од прво од предшколска, не од предшколска, од градинка, не во дневници, само во службени книги, не во службени книги, само на официјални документи... Албанците со векови кога никој не ги принудуваше да учат македонски наречја знаеја да се разберат со своите соседи, сега македонистичките душегрижници им го згадија на македонските Албанци и чаршискиот македонски и нејќат да го зборуваат, но веќе и со дебели оправдувања дека државата ги малтретирала...

Какви беа тоа идеолошко партиските тела и високи функционери во КПЈ кои направија списоци со албански лични имиња кои не смеат да им се даваат на новородените Албанчиња? Лиридона? На наше Слободанка... Баш е убаво сега пак да излезат тие партиски листови со проскрибирани албански имиња.

Ја читав и преведената и на македонски пред дваесетина години, Книгата за Ветмохими (за Самопонижувањето) на косовскиот Албанец, Адем Демачи и се чудев. Дело без дело, неможно за споредба и со средни книжевни остварувања на албански јазик, но со биографија на авторот достојна за нобеловец - дисидент која што му ја пишувала УДБА цели дваесет и осум години. Од четириесет и пет години на постоење на титова Југославија, политички затвореник дваесет и осум години за ништо! По Нелсон Мандела, најголем затворски престој во светот од политички причини! Толку ли омразата им ја заслепила свеста, во задникот ли им беше мозокот на југословенското партиско раководство? Уништувајќи му го животот заради застапувањето на кој знае баш колку обмислена кај него идеја за," Косово - република"; идеолошкиот фанатизам на Партијата покажува дека не била подалеку од Адем Демачиевата младешко мисловна закостенетост. Вадејќи пиштол на секоја мува, наместо само со

рака да мафнат, еднопартизмот се натпреваруваше и ликуваше во покажаната суровост кон сенешто застанато на идеолошкиот пат, со кое што само потхрануваше сечие и секакво незадоволство. И ширум, како во случајов, отвораше порти не само за република, туку за Косово - држава.

Од дваесет и три години на суштествување на Караѓорѓева Југославија, зетот на Тодор Александров, радовишанецот Коце Ципушев одлежува дури деветнаесет години затвор. И Венко Марковски е на таа светска топ десет на Амнести интернешенел, (за кого мојата скромност ја напиша драмата "Македонскиот Фауст") со шеснаесетина години затворенички стаж.

Со таа мрачна топ листа за долго робијање од идеолошко политички причини, ние Македонците можеме ептен да "се пофалиме", со многу, со стотици имиња кои што од политички причини поминале на Голи Оток и во Идризово, ситница, од пет до десет години. Но, таква е човечката вечна, без одговор и разрешница, бескрајна приказна за односот на државата кон граѓаните...

Петнаесеттина години пред познатиот вевчански случај, но медиумски останат потполно во мрак, во раните седумдесетти години, градот Гостивар решил, уште еднаш да зема вода од изворот на Вардар. Најспонтано, вруточани и Македонци и Албанци, појдоа в гостиварската општина да им објаснат на општинските власти дека на триста метри до изворот, отаде црквата, има уште едено големо извориште, Шапатинец, очигледно крак на нашата прочуена река и него нека го земат за експлоатација, нека не го чепкаат уште еднаш познатиот извор... Што би се рекло со јазик на денешниве невладините организации, граѓанска самосвест, иницијатива и меѓунационално самоорганизирање за пример... Но кој да им објасни на аздисаните општинции од кај повторно да земат вода за градот што се шири и што "се дави" во вода од секоја Шарпланинска тумба над него? За инает на воздигнатите селани, пак ќе земат вода од изворот на Вардар, па макар екскурзијантите и посетителите веќе да не видат и капка од изворот - македонски симбол! Настана период

на народно вриење, моите повозрасни вруточани окркаа по некоја полициска палка, но не се предаваа. Отидоа неколку пати и до "ЦеКа" во Скопје, ги примил Папеш, ги примил некој полковник, ги примил некој со главата меѓу уши, ја побараа божем за разбирање и старата селска познаничка, илегалката што цела зима ја криеле во време на НОБ по вруточките куќи, Веселинка Малинска, но потиштено се враќаа. "Сите биле исти лајна"... Збрчеа ликувачки булдожерите на Главардар за да им покажат на дрзниците кои се повисоките национални интереси и повеќе од половина од изворот го каптираа за гостиварските чешми и индустриска вода за претпријатија што произведуваа само - загуби. За да се разбие единството на селото, многумина потоа потшепнуваа дека меѓунационално ги раскаруваат...

"Е, како ме спаси, бе Младен, во дежурствата од голема белја," - ми вели неодамна дури пиеме кафе, другар ми Веап, најстариот од тројцата браќа, сопственици на прочуената кафеана со риби на изворот на Вардар.

"Баш не се сеќавам", му велам.

"Како бе, не се сеќаваш? Во осумдесеттите кога не тераа со список да вардиме некој да не напише антидржавни пароли?

"Тоа го знам, ама што сум те спасил, не се сеќавам".

"Ние двајцата, по еден Албанец, еден Македонец, сме биле од десет, до дванаесет навечер... Ти си излегол, си ме барал, ме виде кога слегов од автобус, ми кажуваш, ајде, ние двајца сме на дежурство овие два саата, јас почнав да пцујам, нема да дежурам, јас ли ќе ги довардам некои ако сакаат нешто да напишат, ти ми велиш, еј, Веап, ајде ќе муабетиме два саати низ село, гледаш дека е ова будала држава, зашто да настрадаш за ништо. Зашто некој да те пријави? Се знаеме кои сме, писмен бара писмен, лопов бара лопов, курва бара курва, чесен бара чесен, домаќин бара домаќин, за нив нема националност". И сум почнал да му набројувам

албанско македонски примери на такви “занаетчиски“ дружења од нашиот крај. “ Со тие зборови некако се смири и го направивме дежурството. Често пати ова го раскажувам на луѓе“.

“Зар едно беше. Не, навистина не се сеќавам на слученово, ама ете, и јас некогаш знам да бидам умен. Да, порано знаев да бидам умен, сега нешто на старост се избајкушив“, - му велем низ смеење и наместо да ме облее бран на задоволство, од помислата на неслученото: да не сум го сретнел и некоја селско кафеанска разлаена уста да рече не дошол, ме облазуваат морници како на ветрето покрај Главардар кога на моменти ги притресува поседнатите на кафеанските столови.

Не само опипливите и имагинарните, воображените од нас и во нас стравови со иста, ако не и со поголема силина не оптоваруваат и притискаат во безднатa Македонија без крај и излез од помислата, колку мала небрежност може овде на човека трајно да му наштети. Колкумина се тие на кои ништо не сме им згрешиле, а кои молкум потајно нешто ни памтат? Поставеното такво, среќно измечтаено општество што ќе не ослободи од внатрешните стравови во секој момент да не сме потенцијален предмет за изживување на садистичките секогаш кај нас неказнети матни наумници, внатрешно ќе не ослободи за да почувствуваме и речеме дека сме навистина граѓани во граѓанска, европска држава.

Двајцата веќе подостерени пријатели и соселани со иста судбина, овој пат со запамтена заедничка среќна постапка, шмркнаа од кафето.

Меџит, помладиот брат на Веап, за време на воениот конфликт 2001, кон брат ми, Мирчета, покажал човештина што не се заборава. “Ако се чувствуваш несигурно, со целата фамилија, кај мене. Како ќе поминам јас, така и ти“...

Стреите од родните куќи во Вруток ни се потчешуваат со онаа од куќата на Михаило Јовановиќ, нашиот прв сосед. Дојден од Србија за

време на градењето на хидроцентралата, се оженил со вруточанката Бранка Јанеска со кои имаат две деца, Драгутин и Томислав, мои врсници и другари од првиот наш ден на овој свет. Чичко Михаило беше буквално со златни раце и нема албанска и македонска куќа и вруточка и во околните неколку села во која нешто не подработел. Се чудам како сегашниве вруточки и речански автомобили и трактори сеуште можат да одат без неговите поправки. А за најбрзите санки на Дракче и Томче само јас можам да потврдам кога од лизганицата, често завршував во Вардар...

Чичко Михаило и тетка Бранка веќе неколку години не се меѓу нас и нивната куќа повремено се отвара. Дракче денес е бизнисмен во Канада, Томче на работа во Швајцарија и кога се во можност, доаѓаат. Можеби и си вообразувам, но со чувство сум дека по малку доаѓаат и заради мене. Ниту порано, ниту при сегашните наши средби сум ги прашал како национално се изјаснуваат, ниту тие мене такво нешто ме прашувале. Знам само дека за нив сум најважното, само нивниот другар Младен, и за нив двајца ако се Срби и Србин сум само да се дружиме нека доаѓаат...

Овдешната опасна општествено интелектуална гротеска како таен антинароден заговор се спроведува доследно и систематски, што е можно потивко и треба убаво да се запрашеме дали се во право странските набљудувачи или амбасдадори кога често пати велат дека сме со недоволен демократски и државнички капацитет. Непрецизни се само на кого ова се однесува, на народот или на неговата елита? Нам само календарите на минатото, деновиве пред години, ни покажуваат колку е важно една средина да има слободомислечка интелектуалната елита. Македонија наместо интелектуалци хуманисти, има лажговци и фалсификатори, удбаши ерга омнес преку македонизмот да ја изведуваат диверзијата на државата, затоа што македонизмот е класична диверзија. На нашите мекедонисти како посветеници, адепти на лагата, за ширење на нивната како наша колективна вистина за внатрешна употреба најважно им е долготрајните историски општествени движења со кои се стасува до крајната цел, до државноста, да ги знаат што помалку луѓе...

Ние непрестано митотвориме, легенди шириме за избраните удбашки недопирливци и кога почна македонското осамостојување и плуралниот живот, срамежливо, но се прозбореа и теми што само на маси се шепотеа. А тогаш, сепак, сеуште имаше многу живи сведоци за сите дејанија на државата од по Втората светска војна. Една од тие теми беше и за скандалозниот повоен судски процес меѓу јазичарите Ѓорѓи Киселинов и Блаже Конески. Неомилениот од власта Киселинов го тужел миленикот на новата власт Конески дека му ја препишал неговата Граматика на македонскиот литературен јазик. Киселинов изгубил, бил осуден, а со тогаш фамозниот Закон за граѓанска чест било забрането неговото име и да се спомнува во јавноста.

Убеден од свој опит дека за одбраните во Македонија, се што лета се јаде, во пресвртната 1991год. професорот Ѓорѓе Марјановиќ го побарал ова судско досие, се разбира, без проблем го добил, правнички го разгледал, бил фрапиран од целосната криминална судска постапка и пресуда, напишал и книга и одеднаш, в раце добивме едно црвено книвче, полно со факсимили од судскиот процес, со правни толкувања и куп сочни епитети за академикот - присвојувач од Небрегово. Граматиката на Киселинов, главниот аргумент во тужбата на овој жален наш научник кој што никогаш не ќе биде рехабилитиран, во истата таа небранета удбашка година, излезе во засебна книга.

Овој очигледен интелектуално и правнички чесен потег, а македонистички престап од незнаење, набрзина се забошоти како да не се случил, никој не го спомнува, а тајните сили само подзабрзаа на Филолошкиот факултет во Скопје да му прилепат и додавка, Блаже Конески.

Во осамостојувањето божем тргнавме добро, се фалевме дека заедно со Словенија водиме во реформите за членство кон НАТО и ЕУ. И одеднаш, се престоривме во земја-проблем на која како да ѝ нема спас. И... спасот ни се Албанците. Тие ни ги туркаат работите.

Многумина колумнисти во последно време ја спомнуваат и се повикуваат на Травничка хроника. Убаво. Оние неколкумина заседнати травнички првенци кои го започнуваат раскажувањето со новостите за силните турски реформатори и европските дипломати кои сакаат на Босна, секој на свој начин да ѝ стават ред и закон, на крајот на книгата задоволно завршуваат со заклучок дека само во Босна се си останува по старо и нема сили неа што ќе ја реформираат. Нашиве македонисти се токму тие одбрани травничани. Груевски владееше и вечно бараше апсолутно мнозинство за ништо да не мрдне во Македонија.

Зарем само Босна или само сврзаните садови Босна, Косово и Македонија се вечното поле со ветерници за локалните Дон Кихоти? Кој им е виновен на Босна што немаат Албанци? Албанците со децении ни се влечната служба, реморкерите на Македонија. Зашто им се лутиме постојано што поентираат над болшевичкиот македонизам кој нејќе ни за милиметар да мрдне и се трансформира во граѓански македонизам. Од Албанците го дознаваме нашето скриено минато, тие ни ја туркаат државата кон Европа и ја откочуваат од самите нас закочената работа. Заев не е опасен ако владее со Македонија, опасноста е ако дозволи нејзино движење...

Граѓанска држава со болшевички македонизам? Да не смее ништо да се преразгледа и преоцени. Налик на невоспитан гледач од публика, во тие први години на независноста, дофрлав во текстови дека таа наша желба за внатрешна употреба не ни ја прифаќаат ниту нашите сограѓани од други националности, ниту нашите соседски држави, ниту пак некој во Европа. Такво е и историското и сегашното меѓународно гледање на Македонија и тоа е причината зашто заглавивме и тонеме. Македонизмот како фанатизам на сопствениот идиотизам е во состојба државата да ја снема, само тој да опстои. Сите овие над дваесет и пет години независност ние не ја заштитувавме државата, сите економски и интелектуални ресурси беа и се фрлени во заштита на македонизмот.... И денес? Денес имаме македонизам без држава. Европа нема проблем со Првиот

Илинден, со Гоце, Даме, Алаксандров, Миладиновци... Има проблем со Второт Илинден, со учењето на Новаковиќ, на Мисирков, на Конески, со ставовите на Асномска Македонија и со сите нас, повоени генерации македонистички воспитани... Македонизмот е остро спротивставен на европските стојалишта за и во Македонија. Она што е несомнена стојност од Македонија за Европа се: Кирил и Методиј, Климент, Наум, богомилите, ВМОРО, Гоце, Даме, Александров, Миладиновци, Прличев... Трета, помирувачка опција, за нивно помирување, за кое отсекогаш и секаде мојата скромност се залагала, ја нема и не смее да ја има. За македонизмот сето наше минато е бугарско бреме кое без пардон треба да се сече, да се фалсификува и на секој начин да се оцрни, не водејќи сметка дека со тоа и тој наш определен принос, дел од богатиот европски идентитет сега сами го сквернавиме.

Се сеќавам многу убаво на една прес конференција од пред дваесеттина години на овој истиов Метју Нимиц кој со децении доаѓа како посредник од Обединетите нации во Скопје за решавање на спорот со името. Дипломатски избегнувајќи да ги спомне зборовите Македонија, Македонци или македонски иословувајќи не со оваа држава и овој народ, нашиве сокачарско нападни новинари му се нафрлија отворено да каже која е тоа, таа држава и тој народ кај кои сега тој се наоѓа. И како што умеат само највештите дипломати, без примрднување и жиличка на лице, се свртe кон нашиот новинарски полусвет и спокојно им одговори, "Јас се наоѓам во Република Македонија и оваа држава е на македонските граѓани" и без прашање продолжи: "а Албанија е држава на албанскиот народ, Србија е држава на српскиот народ, Бугарија е држава на бугарскиот народ и Грција е држава на грчкиот народ".

Го слушам затворен дома овој став за надворешна употреба искажан на наш, внатрешен терен за кој наместо дебата, никој нема ни да зуцне зашто така зборува медијаторот на ОН, и во тие времиња на најголеми напади по мене, си велам, не ти требаше да се впушташ во сето

ова, Младене, како сака нека се заврши, само не се плаши, најважно, не си тропал глупости.

Ниеден систем не израснува од ништо, карактеристиките на една држава ги определуваат нејзините внатрешни посебности и не е единствено во прашање само нехуманото, шовинистичкото гледање кон различните и поинакумислечките од нас. Покрај интелектуалното македонистичко симулирање, во Македонија е во прашање и класично незнаење на природата на нашата држава. Сакаат да ја управуваат, ја владеат, ги ползуваат благодетите на власта, а не ја знаат природата на оваа држава...

Случајот со еден друг професор, правник, Љубомир Фрчковски е моја лична преживелица и само напишана изгледа обично. Баналноста на секојдневието кое ни го крои животот не зборува повдигнато. Сум читал и претпоставувам: секаде и отсекогаш, од сите министерства, најтивко и најздодевно е во Министерствата за внатрешни работи и не треба посебна писателска инвенција за тапо опуштените полициски разговори и наврапито потпишаните или усните нивни одлуки. И биолог повеќе се возбудува преку памбуче штом инсект со шпенадла ќе боцне и ќе го стави во инсектариум од полициски службеник кога некого става во картонче или на машина за прислушување...

Ќе се раззминеш случајно во Трговски со Верушески и раступотената селска важнотија нафрлена на надворешното со најскапото, чекори подзинато шефот на тајната полиција со заканувачко ситење и намерно не го трга погледот од мене, не внимавајќи дека оди во еден од столбовите...

Исто е моето искуство и со неговиот наследник, директорот на разузнавањето, Виктор Димовски. Случајно ќе се сретнеме и безобразно инаетчиски ќе ме гледа и ќе се врти по мене. Од скоро, пак кога да ме сретне, небаре од прегреано тело од кое се жишнал, како попарен бега од мене.

Како никнати од земја за полицијата, од нас, голема, многу голема и неповрзана група на македонски антимакедонистички интелектуалци, институционалните форсирани удбашки кадри, едноставно, учеа од нас. Нивната вџашеност од нас повеќе беше нивен шок од нивниот судир со сопственото незнаење. Земањето на душа судбини на голем број на македонски граѓани е пред се плод на нивното незнаење на македонските работи. Сега веќе е подруго, можат сеуште и прават со нас и денес што сакаат, но околностите и работата инкубираа за овие децении, и без идеолошки ракавици, удбашките пулени освен што ја поднаучија македонската шашма и сфатија дека тие ја прават, узнаа дека што и да направат и што направиле, нивните раце не прават херојски дела туку окрвавуваат. Пред наши очи спласна нивното патолошка едиповска накочопереност од незнаење при системски всадуваната омраза од удбаштвото како нивна прелага на семоќност што ја поседуваат.

Катастрофалното незнаење на македонската проблематика во децениите при осамостојувањето на Македонија е главниот заеднички содржател на македонските медиуми. За разни новинари и шкрабала и да не зборуваме, всушност, за своето тогашно незнаење сега самите пишуваат, без да се запрашаат дека со нивното незнаење на цел народ мајката им ја расплакале. Нека не им е на атер, и професори нека се, барем сега нека не се правдаат дека такво било времето. Македонистите со до последниот атом на силите се обидуваа македонизмот да го зачуваат, но не бива...

Во тие преопасни години, за време на министерувањето со полицијата на Љубомир Фрчковски, ни беа отварани полициските досиеја...

Незнаењето на македонските проблеми многу пати го гледав и кај Фрчковски од неговите колумни со години понеделнички што му ги читав во “Дневник“. Интересен и провокативен, полициски несомничав, не гледа некогаш дека предметот го промашува, а при промашувањето, со најголема сласт врши пресметка со оние врз кои не увидел дека грешел.

Невозможно е неделно забрзано да си и најточен и инвентивен за секоја тема и старо правило е: најлесно е да се нападне колумна и колумнист. Но тогаш овде си во опасност да станеш цел на оркестрирани удбашки напади во кои крв ти бараат. “Нова Македонија“ и “Пулс“ преку мене покажаа дека е можна македонистичка хајкачка демократија и денес од прегрупираните и подостарените нивни остатоци сеуште жалат и спомнуваат за медиумски “слободните“ деведесетти.

Фрчко на сите новинари го дава бројот на мобилниот, лесно го најдов и му се јавив. Жртвата на целатот... Нема да ширам дали се изненади кога ми го слушна името и дека му се јавувам за неговата колумна за македонските писатели. Е, мило ми е што си ја прочитал, ми вели, но во што е проблемот? Проблемот е што најдобро не ја знаеш работата за која пишуваш. Јас не ја знам? - и растегнато гласно на слушалка в уши ми се смее. Не, не ја знаеш, пак со придушена отсечност, му одговарам. Ќе се сретнеме и ќе видиш...

И, се сретнавме. По скоро една година на раскрсницата пред поранешна “Нова Македонија“. Вадејќи десет денари да купам од уличниот продавач, утрешен “Дневник“, некој од зад мене ми вели, не плаќај, јас ќе те честам весник. Се вртам и, Фрчко во каубојски високи чизми и шешир со голем обод. Чекај, штом ме читаш, јас плаќам. Секогаш се потребни компетентни читатели. Ми подава еден весник, се свртевме и веднаш ми вели, добро, ајде, каде е проблемот, кај се најде ти во колумната за која што ми се јави?

Од кај да почнам?... Јас ли треба да му кажувам што е проблемот? Има една книга од самиот Берѓаев за неговото сослушување лично од Ѓержински по кое наместо да биде затворен, со распитот си ја откупува токму од врховниот иследник својата слобода, го добива пасошот и заминува за Париз. Освен што сме ограничени за силата на моќните мисли и судбини на големите паталци, тие моќно ни изгледаат и по здобиената болка која што не ги кочи во книга и неа да ја срочат. Нашата болка и

судбина затоа што е малечка и паланечка, сама од себе е крастава и најмалку личи да ја типосаш како книга.

Проблемот со македонската литература, му велам, не е со тоа што во неа го има, а многу малку во неа нешто има, таа е срамно празна, умртвеноста на македонската литература е што таа како литература тесно кроена бега од себе, од литературата како проблем и станува литература без четиво, проблематично небитна. И затоа што е свесно небитна е опасна, вие цели децении таа нејзина небитност како општествена опасност ја позлатувате и форсирате и сега плачеш зашто писателите молчат. Тие се дебело платени такви да бидат, тие што не молчат меѓу другите и ти ги замолчуваше и што е важно што не сум се препознал во колумната кога двојно сум навреден... Во таква колумна само двајца без тројца можат да се најдат, и тие од вонлитерарни причини. Кој добил награда, колку добил овој, колку зел оној... Во Македонија тек-тук ќе најдеш достојна литература, ја нема, овде пишувањето е тегнење локуми, забрането е да се пишува полнокрвно. Нашите писатели се создадени да ги бркаат читателите, а јас, со моите книги ги враќам. Прости, ама така е.

"Така е, навистина многу те фалат", - ми вели пријателски. Изгледа човечки. Стамен во срдечноста и одмерен во љубопитноста најпосле застаната пред него. "Ајде, испрати ме на кај дома, па ќе збориме". И тргнавме по "Водњанска".

"А бе, тоа е нашава работа, знаеш, ние немаме во многу области луѓе што ќе ни фрлаат полнокрвни парчиња, човек не може сенешто докрај да следи. Не гледаш, ние немаме еден историчар за асол што ќе не храни...

Небаре рофја ме удри, па, па за тоа, затоа му се јавив! Ти го збориш тоа јас што требаше да ти го кажам. Сам ме донесе на битното...

"Види Фрчко, многу нешто не сме прочитале и не ќе прочитаме, ама кажи ми искрено, те молам, искрено, дали си ги прочитал "За македонцките работи"? Ама, искрено...

Фрчко долго замолче и не рече ништо. Прво ме погледна в очи, па се загледа преку зградите на Државна болница. Добро, му велам, јас ќе ти го дадам мојот од мене подвлечен примерок. Може, вели. Идниот вторник во Александар Палас има трибина за политички прогонувања во дванаесет напладне, подготви се и дојди. Јас те канам...

Идниот вторник пред почетокот на трибината, на Фрчко му ги дадов "За македонците работи" и мојот роман "Шашма". Еден месец, месец и половина отпосле, беше направен полицискиот упад во А1 телевизија. И нив јавно, дали го заслужуваа како телевизија баш од мене, на нивната програма ги поддржав...

Да живееш и размислуваш по некои критериуми на луѓе што ви биле многу битни е да помислиш на нив при своите постапки дека тој фиљан човек лично и да не те познава, ќе ти се намурти или ќе те одобри е најисконската за човека топлина или прекор како врзивност од својата средина што секого урамнотежува, на која човек по едно време со воздишка се сеќава. За обичните луѓе тоа е некој примерен домаќин од соседството или неговите родители, а за пообразованите тоа се најчесто поистакнатите нивни бивши професори.

Со полно стрпливи пријатели по полиците, апатридски повлечен настрана, одамна, одамна немам личности кои и да ми се превсенат пред мене, не би имал потреба да се правдам за (не)стореното. А сепак, без тоа нема, нема општествена средина, нема држава. Токму обратно, сега понепријатно ми е од безобразници, мене кога ми честитаат дека, "сепак" испаднало по "моето, дека сум ги надмудрил". Да знаев поубаво со кого имам работа, дека нејќете држава, а само најбитно ви било, со сите средства само македонмизмот да опстојува, никогаш, ама никогаш не ќе се впуштев да ви ги чистам македонистичките лајненици во кои се давите и во кои ви е убаво, а кутриот народец ви е плен. Сами чувствувајќи се дека се поразени и надмудрени на најотворен и најчесен начин, како малку да им беше она што за сите овие децении ми го правеа, па сеуште гледам

како горат од желба за додатна одмазда. Најбескрупулните најсурово се одмаздуваат на другите, за она во што самите грешеле.

Нашиов македонизам изнаштанца интелектуални и секој друг вид на развратници што ни ги продаваше за икони и сега кога сето се распаѓа и се е на ачик, на најголемиот број од самонаметнатите авторитети, човечки корупки, им останува само да молчат пред од нив збодинатиот **ТРИУМФ НА НИШТОЖНОСТА** нив прво што ги голта. И, и кога за тоа никој не го тера, тогаш, тогаш некој ќе се појави нешто да извади, (ако го забележиш), нешто и уште нешто, пред сите... А тоа нешто, е уште нешто од себе. Ако нешто во него има.

Не ми бил професор Денко Малески и не сум имал ни некој посебен однос кон него. Слично, што ми беше отпосле мило, со години како студент, но и потоа, сум читал извонредни текстови за економијата и филозофијата, на втората страница од белградските "Књижевне новине" од некој Владимир Глигоров. Без самољубиво парадерство својствено за интелектуалците, па тој, (мислев е некој од Војводина), беше најдобар од сите југословенски автори што објавуваа во весникот. Многу подоцна дознав дека е син на Киро Глигоров и кога почнаа при осамостојувањето со кампања за Глигоров да го вратат во Македонија, во некој од тогашните текстови имам речено, не Киро, син му Владимир нака дојде.

Од Денко Малески можеби одамна и сум прочитал некој негов текст во "Погледи" и толку. Како да се чувал за овие времиња. Сите кога молчат, да имаме што да прочитаме. Убавината на неговите колумни е подголтнувањето како кажување, не експлицитноста на кажаното. Мудроста лебди над неговата шлајфна сроченост. Потсетува на добросовесен шофер кој сепак, се нафатил да пренесе преполн автобус пробисвети, откаченици и многумина платени да изигруваат луди кои при возањето му го дрпаат воланот, а тој смирувачки ветува и советува, само не докршувајте го возилово, само уште една кривина, само уште еден мост и на станица сме во Европа. После ве пуштам колку сакате да стискате на свирката.

Особено колумната, "Дилемата на македонското национално единство" од пред неколку години, за баба му и дедо му, македонски Бугари од Струга, за татко му, со младост и студирање во време на пропагандната диктатура на кралска Југославија и тој, повоена генерација родена во новата држава... Стожерна колумна подоцна многупати превземана и препечатувана. Безвремена. Познавајќи ги нашиве удбашко македонистички ѕверишта, за мене откритие на длабока човештина и чесност. Тој очигледно е врвен, како што сега модерно е да се вели, тинк тенк менаџер на политичките проблеми, но тој со оваа колумна откажува да биде и македонистички менаџер на вистината. Зар има и такви меѓу македонистите?

Нашето аутсајдерство ова многу години порано го пишуваше, но тоа е неспоредливо со тежината на зборот од етаблираниот професор, првиот министер за надворешни работи на независна Македонија. Што сакаме повеќе? Кои сме ние бе, нам јавно да ни се исповеда? Само и само во нас самозатруените да го подраствори македонистичкиот отров. Во неговите колумни нема друго освен, човечка благородност од највисок ред. Од татко на не баш најталентиран писател, исползувајќи ја можноста за сјајно образование кое што му овозможува да се издигне над генерациски збеснатите ќерки и синови на комунистичките властодршци, Денко Малески одамна и на нив, и нам служејќи ни на чест, огноотпорно со години се оцртува во најпрофилираната интелектуална фигура на непотрошената и непотрошливата Македонија.

Кој да дојде од странство, набрзина, разочарувачки, в лице ни соопштува дека немаме доволно капацитет за нужни реформи. Македонизмот и кога сам на себе може да си ласка штом од себе почнал да го произведува најздравото, единки кои критички гледаат и кон него како општествен процес, следствено и употребливи за негово самореформирање, тој токму таквите безмилосно ги санкционираше. Мојата скромност ја изземам, но, не и не, ние немаме толку многу кораби за сите, уште незапловени, да ги потопуваме...

Најпосле, за среќа, веќе не како порано. Не само десперадорски единки, сега дел од цела структура, реформскиот дел од Удба која некако сватила дека веќе вака не оди со уништувањето на народот и политички артикулирајќи се преку владата на премиерот Заев узреано критички, најпосле потпрогледа на "се постоечкото". И за наша граѓанска среќа, веќе нема застанување...

Доцна но не предоцна, од некаде треба да се почне... Група професори, ако не целиот Правен факултет од Скопје како институција која со децении подготвува кадри кои што, пред се, во општествено - политичкиот, судскиот и полицискиот систем во најголем дел ја управуваат Македонија, треба сами, (тие најдобро знаат како тоа да го изведат), да се извинат за сите до сега носени и спроведувани нехумани закони и на сите политички репресирани граѓани по секоја основа. За да покажеме дека се има одвнатре сила и визија за системско наше поевропејчување.

## 3. ШОВИНИЗМОТ, НАША ДРЖАВНА ИДЕОЛОГИЈА ОД КОЈА НЕ СЕ СРАМИМЕ

Македонизмот како општествена политичка појава е збир од хегемонистички ставови создадени и вообличувани во божемнно учење од втората половина на XIX век од српската општественост дека во централниот дел на Балканскиот полуостров на македонската географска територија суштествува посебен народ меѓу Србите и Бугарите со свој јазик, традиција, култура...

Практичното спроведување на терен на оваа антибугарска сепаратистичка платформа од великосрпството над сто и педесет години со сите можни "мерки и активности" испишува мачна судбина врз македонските Бугари како ретко каде низ други региони на Европа.

Кажаново не е ништо ново за поупатените во оваа проблематика. Македонизмот преоѓа низ повеќе развојни етапи, а четириесеттина години беше и официјална идеологија во најјужната федерална југословенска социјалистичка република и Македонија беше уставно конституирана за национална држава на македонскиот народ со национални малцинства во околните држави. Од нејзиното осамостојување 1991г. таа идеологија продолжи да биде државна политика и во новформираната мала централнобалканска држава до вооружениот конфликт од 2001г. меѓу македонските безбедносни сили и албанските воени параформации.

По изгубената војна на македонските безбедносни сили, со Охридскиот мировен договор и новиот македонски устав, Република Македонија е држава од повеќе етнички заедници.

Официјалната идеологија на македонизмот во новиот македонски устав веќе ја нема, но државните институции неа драконски и понатаму ја тренираат само врз најголемата етничка заедница во државата, врз нас, Македонците.

Трагикомична и во основа сиромашна е листата на книги и протагонисти излезени од Гарашаниновото "Начертанје". Едни се Новаковиќ, Белиќ... српските обмислувачи, а вторите се оние македонски Бугари како Пулески, Чупоски, Мисирков... што ја прифаќаат и спроведуваат нивната идеја за антибугарски сепаратизам. Но на терен жестокоста е сосема друга приказна. Оваа прва, долга и "отворено тврда" негова фаза трае до почетокот на Втора светска војна.

Втората "помека" фаза на македонизмот е под југословенски патронат, македонизмот и бошнаштвото како орудија на југословенството и за југословенството. Во тие четириесетина години по Втората светска војна се изведува македонистичкото етаблирање. Се создадоа државните македонистички институции и македонистичките кадри кои со своите пирови победи кон Бугарија и затскриеното пресметување дома со нивните неистомисленици, сметаа ќе се вечно на "правата" страна.

Конески и останатите повоени државни македонисти, во повоените години официјално го вртат "научниот" интерес и вдахновување од "платформата" на Пулески, Чупоски, Мисирков... Но, научната кревкост на "делата" на веќе спомнатите први протагонисти на македонизмот не дозволува одеднаш да се исфрли сета бугарска наталоженост со векови како наша народносна препознатливост, па се преоѓа кон нејзино грубо фалсификување и мешање со македонистите.

Третата фаза на македонизмот, на југословенство без Југославија, на риби на суво, која ја живееме во овие над дваесет и пет години на македонска независност е катадневното пропаѓање на и воено победениот и уставно санкционираниот македонизам во самостојна Македонија.

Македонскиот народ гледа ден и ноќ телевизија, слуша дека странските емисари и името на неговата држава и него како народ нејќат да го споменат, а по својот џеб најубаво го сеќава економско дереџе на кое дошол. Се буни, вреска, не можеш да го убедиш дека во тоа нема некој ѓавол, а едните му велат издржи и биди патриот, другите му велат,

внимавај, се фашизираш. А и едните и другите не му кажуваат во што е работата. Таква е некако драмолетката на оваа, третата, крајна, губитничко гротескна фаза од историскиот од на македонизмот.

Најголемиот поборник за ова и вакво одржување на оваа “платформа“ по секоја цена па макар ја снемало и Македонија е академик Блаже Ристовски. Макар што конкуренцијата е голема и преголема... Крајот на Груевски покажа. Веднаш тука некаде се и Љубиша Георгиевски и владиката Петар, па до поситната боранија, академици и професори, до купувачи на танга гаќички и јадачи на бурек. Македонизмот е фанатизам на сопствениот идиотизам.

Текстовите од индустријата на македонизмот наместо со критичка обмисла да бараат излез од ќорсокакот во кој стасавме со ова учење, многу понемоќно од порано, но сеуште, се рециклираат само за да се продолжи со матежот во кој сите се давиме. Градителскиот проект “Скопје2014“ на македонистичките власти не им успеа затоа што коренито се изменети надворешните околности кои не ѝ одат во прилог на југословенската Македонија. Платформата на Мисирков едно време ако беше абракадабра, сега таа белградска платформа губи на наш овдешен терен од 2001г. од тиранската платформа ѝ не ѝ помагаат никакви црнорукашко удбашки затскривања зад името ВМРО, сенародната политичка организираност на тогаш, македонските Бугари.

БМОРК, ВМОРО е единствената автентична внатрешно македонска политичка платформа на најбројното население на Македонија и Одринско, а подоцна како ВМРО само за Македонија и неа ја осуштествуваат: смилевец, богомилчанец, ресенчанец, кукушанец, ајватовец, гуменџанец. Енде.

Книгата со платформа “По свое“ на филозофот Бранислав Саркањац незабележливо помина, а тој бесшумно се скри како еден од идеолозите на ДПМНЕ на Груевски и на скопскиот градителски проект. Ни прв ни последен, неговата изложена идеја од самото заглавие ја

покажува намерата, демек, "логички" ќе го брани македонистичкото стојалиште за исфрлање на сето наше претходно историско наследство како наш товар и Донкихотски се впушта во проект за создавање на "нови три национални пипала" како столбови на нашиот нов "македонски" идентитет. Сепак, сепак е полукав. Свати во Европа ова не поминува и се повлече. Ќе затреба за некоја идна удбашка далавера.

Македонија е сита, пресита и смртно отруена од недобројани вакви македонистички антимакедонски проекти и протагонисти. Во моментов на Македонија нешто ако ѝ фали, ѝ фали еден нејзин Свифт или Гоголь. Нашиот идентитет само преку дарбата на еден таков талент ќе го прифати, разбере и ќе му се воодушеви светот. Смејови сме.

Познавам многумина кои сјајно ја познаваат оваа проблематика и мачно е што не им се овозможува во Скопје, не на друго место, да направат докторски дисертации и јасно да го извлечат нескриениот шовинизам како јатка-водилка на македонистичкото учење како наша државна идеологија, а со тоа да го подцртаат внатрешното негово антиевропејство. Но таквите лица се токму најголемиот трн в око на македонистичката интелигенција и на тајната полиција.

Јас сум со помали знаења и со овој краток текст ќе се задоволам ако ви покажам само ремарки од шовинизмот кој го учиме и од кој не се срамиме, макар што шовинистичките постапки сега, на крајот на краиштата испаднаа најнеисплатливи за оние што го поттикнуваа. Со тоа, се исправаме пред прашањето над прашањата кое ни виси над главите, од кое ние, македонистичките препреденковци бегајќи како попарени од јадрото на проблемот, сами допридонесовме за тоталниот наш пораз од најлошото. Од времето. Зашто само ние, Македонија и Србија, од петни жили се опираме и никако не сакаме приклучување во несовршеното европско семејство на нејаките? До кога ќе се замислуваме силни, идеални и правдата е на наша страна?

Српскиот државен чиновник, Стефан Верковиќ во шеесеттите години на XIX век со кралски пари за државен проект е испратен на долгогодишно истражување меѓу славјанското население од македонските територии. Од него особено се бара да обрне внимание дали меѓу обичниот народ има некакви песни или народни приказни за Александар Македонски. По долги години теренска работа се враќа со здобиеното сознание дека тој народ има бугарско национално чувство и книгите со собраните народни песни што ги објавува не ги фалсификува и ги озаглавува како "Народне песме македонских Бугара". Нив денес ги фалсификуваме ние и во изданијата во Скопје ги печатиме како Македонски народни песни.

Верковиќ не наоѓа усмени материјали меѓу населението за Александар Македонски, но Александар го има во неговото творештво. Јадрото од белградските учени, креаторите на македонизмот, сами напишуваат еден еп "Веда Словена", божемен пандан на староиндиските Веди и него го отпечатуваат како божемен голем народен еп што го запишал Верковиќ во јужните македонски краишта. Овој научен фалсификат набрзина е раскринкан од тогашната меѓународна научна јавност, но вешто измешаните полувистини и тотални измислици со митски и вистински историски личности по повеќе од еден век ги актуелизира владеењето на Никола Груевски.

Бившиот македонски премиер е со недоволно дијаболична препреденост за вакво колосално подметнување. "Ноото течение" (Мисирков) е одамна до ситници обмислено и како невидлива разградлива струја на милениумското бугарство, за сите овие менувања на системи и децении неуморно расте, постојано придобива нови приврзаници дури, најпосле, под плаштот на ВМРО, не се устоличи и не се ничкоса како поразена наша официјална идеологија. Целта беше да се изведе невозможното: преку македонистичкиот наш божемен идентитет да ја "извозиме" Европа и со неуништениот македонистички шовинизам да влеземе во ЕУ и НАТО.

Ветво и веќе подзаборавено е македонистичкото новомитотворство за нас како најстариот народ на светот. Ни носеа мургави кралеви од Индија, ни покажуваа собраќа од Хималаите и токму провидната финта, Александар по втор пат меѓу Македонците, што заврши со грандиозната папазјанија "Скопје 2014" беше најкатастрофалниот удбашки потег што потполно не демаскира пред светот. Проектот Груевски, не им успеа.

Љубчо Георгиевски им беше крпата за последното успешно удбашко себечистење и рециклирање на македонска почва. Момчето Груевски што многу ветуваше, сега самата УДБА од себе ќе го исфрли за таа да се рекомпонира, пресшалта и опстане. Затоа Груевски го напаѓаат дека немал никаква идеологија и го интересирале само парите, а антивмровската, антимакедонската и антиевропската македонистичка идеологија тридимензионално сред Скопје истопорена, се разбира, ја заборавaат. Или, ја третираат само како естетски кич и правно економски криминал.

За неупатените само би била новост, да речеме, историскиот документ на обмислувачот на македонизмот, Стојан Новаковиќ, до министерот за просвета во Белград од 1887 год." Бидејќи бугарштината како што им е на сите познато, има пуштени длабоки корени во Македонија, јас сметам дека е скоро невозможно таа да се разниша ако ѝ ја спротивставиме само српската идеја... српската идеја би имала голема полза од еден свој сојузник кој би бил остро спротивставен на бугаризмот, тој наш сојузник јас го гледам во македонизмот... Би требало да се состави еден македонски буквар кој ќе биде споен и измешан со српскиот, две третини да содржи македонски, а една третина српски српски јазик и тоа во втората половина...

"Имало еден цар наш што се велел Александро Маџедонско, ние сме Македонци и ова јет Македонија" е умствениот и национален дострел и на белградските чкртаници од писанија на Пулески, "од град Дебар во Албанија".

Весникот на Чуповски од Петроградската книжовна колонија на насловната страна имал шеснаестокрако сонце... (Пошироко дрн-дрн, кај Блаже Ристовски, Нашата кауза, Скопје, 2005г.)

Остарениот Александар Белиќ, со Новаковиќ еден од креаторите за создавање на овој македонски сепаратизам во Петроград, по Втората светска војна, во Белград, на Лазар Колишевски му ги пишува српските букви ползувани од Мисирков кои што треба да ги прифати Третата јазична комисија и да се создаде македонскиот јазик. (Пак дрн-дрн, по Блаже Ристовски, Нашата кауза...)

Сметајќи дека веќе нема потреба од криења и камуфлирања на антибугарскиот македонистички сепаратизам и дека е узреано времето под владеење на Груевски за да заврши веќе еднаш нашето припојување со Србија, нашата Македонска академија на науките и уметностите ја објави срамната Македонска енциклопедија.

Одбор екипата по македонистичкиот метод на Мисирков го направија она што го прават нашите касапски научно образовни институции седумдесетина години. Прокрустовски исчеречени ги вметнале во енциклопедиски одредници личностите и настаните од нашата историја. На македонистите како тука назначениве и на народните злосторници им даваат простор од по неколку шлајфни, се величаат, а великите народни преродбенци и револуционери на народната Организација, намерно се миноризираат, понижуваат и навредуваат. Реакцијата, општа и интелектуална, беше незапамтена. Прв пат, симболички, по стотина години овдешно пенетрирање, македонизмот беше поразен на свој терен, а академик Ристовски поднесе оставка од уредник на енциклопедијата на безчестието.

Овде му е местото и овде треба да се спомене. Во овој ист период, далеку од очите на јавноста, но многу битна за нашиве македонистисички состојби, скоро бесшумно, се водеше една голема, невидена и сјајна литературна полемика: книга на книга, непозната за нашево литературно

и културно поднебје. Од сеопштиве соображенија, на поетот Санде Стојчески очигледно му здодеало со години да го чита македонистичкото изживување на Атанас Вангелов врз македонски современи писатели како божемни негови литературни проследувања по "структуралистички" методи на Цветан Тодоров и Јулија Кристева.

Да, навистина терба да си голем удбашки јунак, со методолошките ракавички на Тодоров да се изживуваш прво со него, дека Тодоров од антрополошко стојалиште (за да остави поголем впечаток нејќе да рече од човечко стојалиште), се определил да биде французин, а не Бугарин. Во што е грешката? Кога Цветан Тодоров рекол дека не е од Бугарија, за разлика од нас меѓу кои спаѓа и Атанас, кои пекол направивме од државава само и само да докажеме дека ете, ништо немаме со клетите Бугари. Што е Никола Тесла? Американски научник од Австроунгарија од српски православци. (Нашиве србомани, како Атанас Вангелов, во обратен случај, за нашите предци пишуваат, од егзархиско семејство, никако од бугарско). Истото е и со Французите Јулија Крстева, со Емил Сиоран, со Стефан Маларме, со Константин Бранкуси, со Ив Монтан, со Силви Вартан, со Шарл Азнавур, со Зинедин Зидан...

Да останел и Атанасчо во Франција, да ги објавувал неговите писанија не на македонски, туку на француски, дека Блаже Конески е рамен на Роман Јакобсон и за тие писанија да добиел катедра на Сорбона, денес Французите и Атанас Вангелов ќе го есапеа за знаменит Французин.

Цел живот професор на Сорбона, Цветан Тодоров еве пред некој ден почина во Париз. Еден од најголемите интелектуалци на дваесеттиот век кој пишуваше на француски, таму оженет и со деца... Што може друго да биде Цветан Тодоров освен Французин со бугарско потекло? Ама важно, не е Бугарин. Демек, и ние сме се определиле да не бидеме Бугари, но Бугарите тоа не ни го дозволуваат. Ама логика на универзитетски професор?... Класичен пример на македонист кој пати од ментален пролив. Кој ни брани да бидеме што сакаме? Одбравме што сакаме, шеќер

не ни треба и сега пак, предците и минатото ни се виновни. До кога? Дури не снема.

Што да се прави со вакви едиповски себемразци како нашиов Атансчо кого УДБА  во седумдесеттите го пратила божем научник, македонистичка величина од него да прават, а тој само нервозно ноктите си ги кинел кога го слушал и читал некомплексираниот Тодоров. Се разбира, се вратил уште поголем македонистички шовинист одошто кога отишол. Добро, Сорбона е мислена именка за Атанас таму да добие катедра, но затоа пак овде, на македонистичково буниште, правеше што сакаше. Дури не се појави и не го растури Санде Стојчевски.

Му објави цела книга за неговите текстови, " За восхитот и за поракатa" (Скопје, 2005.) и литературно "структуралистички" го раскости за да не му текне уште еднаш да напише за некого критика. И, до вчера недопирливото пуленче на Конески го снема од македонската литература како таму никогаш и да не суштествувало. Но, за ова литературното детронирање на спомнатава македонистичка пудлица, молчеа македонските медиуми. Знам и зошто. Македонизмот има плитка матка. Нешто само ги боли, а ништо не раѓаат. Јалови се. А, врз секој македонист виси по една ненапишана книга...

И штом ја изгуби критичарската комоција, чаршијата вели дека сега, анонимно, на Википедија, Танасије Србов со неговата омраза од завист ни ги пишува википедиските одредници. А за себе не дозволува википедиска одредница. На тенкиот поет и пристрасниот критичар Атанас Вангелов му останаа само чаршафите поганија со едиповско мастурбирање на Симен Радев, Партение Зографски, Димитар Ризов... Недобројна е Атанасчо нашата елита за на нив чакија да правиш и ти и останатите македонисти. Се трудам цел живот да ви влазам во функционирањето на вашата мрачна природа и претпоставувам како изгледа едиповски да го лупиш и титули и секакви повластици за тоа да добиваш. И да ги презираш и да ги жалиш...

Длабоко свесни дека нивната “научна“ вистина е само за внатрешна употреба, а од скоро и тука го губат тлото, беше само прашање на денот кога и одвнатре ќе пукне нивната македонистичка хомогеност. Токму од таква природа е (не)доразбирањето што изби меѓу Атанас Вангелов и Денко Малески во жешкиот јуни 2017. “Фактите биле тие“, најпосле нешто признава и Вангелов, но идиотштината на интерпретацијата што ја учел од Конески, а со кои ставови никој во светот не се сложува, па и Малески, нашиот Атанасчо Србов Вангелов од Богданци, сепак и со нокти ќе гребе таквото гледање за внатрешна употреба и понатаму овде да опстојува.

Затоа, макар и странично, правиот човек, мене, ме прашува како тоа сум пишувал на јазик кој не го признавам. Одеднаш добро информираниот Танчо покажува невидена неинформираност. Па уште пред повеќе од дваесет години (1995., број 56) во Славише Шпрахен (Slavische Sprahen) од Универзитетот во Салцбург излезе мојот текст на германски, “Природата на македонскиот стандарден јазик“, подоцна преведен и препечатуван и на други јазици.

Ал Пачино како Мајкал Корлеоне во “Кум“ вели, “Немој до толку да ми ја понижувате интелигенцијата“. Драги македонисти, немојте до толку. Не верувам дека Танаско и останатите баш овој текст не го знаат. Списанието го има во библиотеката на МАНУ, а веројатно и по библиотеките од нивните катедри. И не само Атанас, и сите останати македонисти, и до сега имаа децении на располагање за да одговорат. Ама таму, во тоа списание. Таму да им го објават. Не овде, сите погодии кај што им се на располагање и секого кај што денунцираат.

Се разбира, ќе бидам крајно наивен ако од Атанасчо и останатите македонисти овде очекувам пофалби, како од веќе покојниот проф. Кронштајнер од Салцбург кој во истото списание за истиот тој мојот текст вели, “Младен Србиновски донесе генијална идеја“...

Имам еден недоработен и веројатно никогаш што не ќе го доработам драмски текст, “Македонскиот Едип“ каде што нашиот тукашен Едип наместо самиот себе си да си ги извади очите по дознаениот грев што го сторил, нашиов македонистички Едип очите му ги извади на гласникот Таресија заради од него јавно кажаниот блуд на Едип со мајка му Јокаста. А, македонистички Едиповци овде колку сакаш. Да335 речеме, Атанас Вангелов...

Нашиот македонизам како идиотизам нас одвнатре не изеде и достаточно банализиравме. Сега, ајде да се задржиме суво директно и без заобиколувања на едно критичко исчитување на најпознатото дело на патријаршистот Крсте Мисирков.

Мојата скромност со децении пониетувала да напише предговор на клучното книвче на нашиот македонизам, на Мисирковите “За македонцките работи“, за кое дело од четирите собрани статиички и типосани заедно, е предодреден со децении што ќе му падне на ум, да пишува божемни предговори само Блаже Ристовски. Време е за еден таков нов предговор на предговорот на предговарачот и на авторовиот предговор сосе неговите четири статиички.

Многу пати сум го читал ова книвче од стотина странички кои вријат од говор на омраза, сум ги подвлекувал на секоја страница недобројните реченици во ова Мисирково книвче за од мене замисленото издание на“За македонцките работи“ кое по ништо не ќе се разликува од досегашните негови безброј изданија. Само што на секоја страница, неговите шовинистички реченици ќе бидат маркирани со поцрни букви и ќе има уште еден предговор. Значи книга со три предговори, мојот на Блажета и на Крстета, и четирите статии со подвлечените шовинистички реченици.

Да, драги мои читатели, време е некој пред очи да Ви ги растштрафи и Блажета Ристевски и Крстета Мисирков што не ги читате, а тие се нашиот живот како историски пораз. Еве накусо, и слепец да види

која е и каква е природата на книшката - македонистичка водилка чиј автор нашата интелигенција во 2000г. го прогласи за најголемата личност на векот што заминуваше.

Да се обидеме за проба. Овој пат само на Крстета ќе му земам брис.

Случајно в раце го имам изданието "За македонцките работи" со статии од списанието "Вардар" на "Македонска книга" од 1969 г. и употребениот збор "случајно" го велам од потребата дека ќе цитирам страници по тоа издание кои не ќе се поклопат со страниците од Вашето издание. Се разбира, Вие можете, но и не морате да го барате токму ова издание за да видите дали точно цитирам. Слободно земете било кое од бројните многутиражни, неадаптирани или адаптирани изданија на ова книвче и само зачитајте. Ништо друго. Веднаш ќе добиете просветление и се ќе Ви стане јасно...

Почнувам. В раце сега имате нацрт или мој најкус можен предговор на "За македонцките работи" од Мисирков, а во исто време, засега, в раце држете книга без страници со од мене подвлечените нејзини македонистички, антимакедонски шовинистички реченици. Сите не ќе можам да ги доподвлечам. Бидете и вие креативни, сами доподвлечете ги. Книвчето врие од нив.

Врзете ги ремените. Еве, веднаш на почетокот од кусиот Мисирков предговор (стр.32). Множина од македонцките читачи ке бидат удивени од појавуањето на таја книга. За удивуајње ке им бидит во неја много. Некоји ке речат: зашчо отцепуајне од бугарите, кога није до сега сме се велеле бугари и соединуајнето, а не расцепуајнето праит силата?

Сега одете неколку реда подолу (стр.33) ... да разрушиме се до сега напраено и да зафатиме одноо, така да се речит, од азбука.

И крајот, најкусо од кусиот Мисирков предговор со кој македонистите не замајуваат. (39)... јас ја написаф на централно македонско наречје, које за мене од сега натамо имат да бидит литературен

македонцки јазик (39). Што зборува човеков? Кое централно македонско наречје во 1903? Или нешто пред време навестува? Да, централни региони и наречја само за Вардарскиот дел од Македонија се велешко и прилепско, но никако и во време на настанувањето на овие нарачани и платени памфлети од српската амбасада во Петроград, а најверојатно таму, од амбасадорските чиновници, јазичарите Новаковиќ и Белиќ и напишани, а само од Крстета потпишани во тажната поилинденска есен кога оваа турска територија со доминантно наше население е сеуште неподелена. Во севкупниот територијален македонски контекст, прилепските, велешките или битолските региони и наречја се само западни или југозападни наречја и региони, а неговиот, на Крстета роден регион и говор од Постол, се централните. Така, никако поинаку и толку за неговиот предговор од две странички.

Сега да продолжиме понатаму, со читање на првата статија од книгата, "Шчо напраифме и шчо требит да праиме за однапред?". Статијата е прочитана месец и половина по Илинденското востание, есента 1903г. и општ впечаток е дека Мисирков им гледа сеир и им се сити во поразот на населението во Македонија што го дигнале востанието.

Новините (европските весници) се преполнија со известија од театрото на востаањето (стр.45). Уште еднаш прочитајте и протрлајте очи! Уште во првите реченици востанието на својот народ (ако тој воопшто со него емотивно сочувствува и како нив се чувствува) во статијата неговото "востаање" на Илинден го нарекува театро. Целата европска демократска јавност се зажалила за тортурите врз кутрото мирно население, но Крлета наш, еве што го боли... "Турција како да се најде во тесно и предложи на Бугарија да се дојдит меѓу ниф до согласуајње за македонцкото прашајње (пак на истата стр.45). Тогаш Крле како негов современик, сега нашиве македонистички крлежи, живи не се востанието што имало бугарски карактер, организираниот и востанатиот народ тогаш и секогаш пред тоа самиот таков што се сметал, а и европската јавност што го сметала востанатиот народ за македонски Бугари. Рускиот амбасадор во Битола,

Ростковски и неговиот доушник Крле, и тогаш сеуште ретките србомани, пукаат од мака. “Покојнијо Ростковцки (стр. 50) не једнаш кажуаше: бугарите мисљат, оти само они имаат ум на светот и сите друзи сет будали... Знаеме није многу арну, шчо сакаат они!“ ... “во (пак стр. 50) европејцките ноини за стражејњата на четите со турците, четите се викаа банди и то бугарцки а не македонцки. За убитите четници не кажуваа, убити се толку души македонци, ами толку души бугари“.

Што да се рече, а да се остане сериозен? Самите тие што умираат, немаат ум кои се и што се, за каков идеал гинат, зашто ги силуваат, расселуваат и им ги палат домовите, целата европска јавност е без ум за кое население известуваат, самата турска власт е луда и не знае кого убива, и само Ростковцки и Крки наш, (ај, ќе го есапиме за наш), се лутат што востанатото население не го именуваат како македонци, и зашто за нив (за европејците) терминот македонци означува збир од сите етноси што живеат на таа територија. Да го тапиме ли уште кај што е остро? Еве, бегло прејдовме само десетина страници од оваа книшка - рецептура на нашиот македонистички шовинизам за одеднаш да ви стане јасна кашата во која со децении сме втурнати и секојдневно образовно и медиумски што јаркаме. Еве зашто и денес таа иста “безумна“ Европа од нас бара болно емотивни отстапки за наше влегување во ЕУ и НАТО?

Но, уште еднаш Ве молам, чувајте го трпението и нервите и не карајте се со никого околу Вас. Имајте покрај себе апчиња против главоболка. Ќе ви помине како на кутриња. И мене ми помина. Добивав главоболки пред триесеттина години кога ги зачитав делата на нашите преродбеници, или како што тие самите си се нарекувале, возрожденци. Но, немојте да читате бугарски книги. Доволни ќе ви се и овие во Македонија објавените.

Ова е само почеток. Сега доаѓаат баклавите и шеќерпарињата: “зашто не беше застапена во Комитето (стр. 51) србоманствујуќата и гркоманствујуќата македонцка словенцка интелигенција“? Намерно или ненамерно, еве ја Мисирковата терминолошка недоследност. Пред малку

самиот жали што Европа ги именува востаниците како Бугари, а не како Македонци, а сега и тој се сложува со Европа кога под Македонци ги подразбира и Бугарите и србоманствујуќата и гркоманствујуќата интелигенција. Еве го нашиов денешен спор за името на државата.

Зашто Европа нема разбирање за ваквата (Мисиркова и наша) македонистичка желба, сите во Македонија да сме Македонци, но и ние како најголемата етничка заедница пак да сме Македонци? Изборот е наш, а нам ништо не ни одговара. Ако нејќеме да се откажеме од името Македонци, да додадеме на името на државата географска одредница. Ако нејќеме на името Македонија географска одредница, нашето национално име (тука Европа и солидарна е со нас и не инсистира да сме Бугари, туку) да биде барем Славомакедонци.

А, што се однесува до желбата и жалењето на Мисирков зашто ги нема србоманите и гркоманите во ВМОРО, одговорот е самиот тој и неговите ставови во ова книвче.

Бугарскиот македоно - одрински револуционерен Комитет (првото име на ВМОРО), несомнено имал субјективни слабости, но едно е да ја имаш против себе само турската империја, а друго е во таа закрепостеност да ги имаш против себе и тајно воортачените со турските сили, "србоманствујуќи и гркоманствујуќи". Гледајќи и ситејќи се на народните маки од "театрото" на неуспешното илинденско "востаање", Мисирков вади заклучок дека востанието не успеало затоа што во него "не зеле учество и српски и грчки и црногорски војски (стр.52 и 53)". Мисирков вели дека гледа пошироко, ги зема во обзир и треба да се земаат во обзир и другите интересенти за македонската територија и таа голема идеја од неговиот мал мозок за негова среќа, а несреќа на мнозинското население се случила 1913г. и тој убаво видел (и сигурно ликувал) како ја распарчале македонската територија невклучените "србоманствујуќи и гркоманствујуќи" во Илинденското востание.

Од втората половина на XIX, целиот XX и еве и овие две децении на овој XXI век; безчестието од недобројните провали, убиства, предавства, мачења, уцени и поткупи токму од "србоманствувуќите и гркоманствувуќите", а од 1944, преименувани и редизајнирани во владеачките македонисти е нашата мачна и крвава историја и изживеана наша реалност.

"Нај много јет заинтересуана во македонцките работи Србија. Она предјавуат етнографцки и историјцки претензии во Македонија. И осим ниф имат и политички причини кои никој пат не ке дадат на Србија да допушчит да се решит македонцкото прашајње во полза на једна од балканцките држаи, особено во полза на Бугарија (стр. 58). Пак Мисирков греши. Македонцкото прашајње со Охридскиот и Пржинскиот договор еве се решава во полза на Албанците. Значи, Србија сепак дозволила тоа да се реши во полза на "једна држаа".

Оваа и ваква е отприлика логиката на мисирковото дрндање за однапред и одназад во овој негов програмски есеј и неговото читање е вјерујуто на дејствие на повоените македонисти во повоена Македонија. Посебна црква, посебен јазик, посебна историја... Ја фрливме милениумската заложба и битното учество на нашите предци во оформувањето на општиот наш и нивни бугарскиот идентитет низ вековите и почнавме од 1944. Јово, наново...

Еве, Македонија не е бугарска, веројатно за тоа Мисирков спокојно почива, но ако тој не може да одговори, многу се мисирковчињата и "можит" тие наместо него "да одгоарат": Зашто Србија се што зеде во војна од Бугарите сега во мир им го дава на Албанците? Зашчо Србија сто и педесет години бесплатно работи за Албанија?

Сепак, ова, од првиот памфлет што го прејдо- вме е песна во однос на вториот: "Имат ли се нужда от македонцки национални научно-литературни другарства?"

Првата реченица: “Идејата за образуањето на нашето другарство беше - полно оддељуање на нашите интереси од бугарцките“. Треба ли понатаму? “Во Петроград имало српцки и бугарцки студентски литературни дружества, македонците оделе заедно со бугарцките студенти и тој, Чупоски и уште два-тројца македонски светосавци како него, прават ново, посебно, под патронат на српската амбасада, македонцко, “Св Климент“.

Незнам Вие почитувани читатели, но јас немам во животов читано пошовинистички текст од овој. Крки во овој текст се надминал себе си. “Не умесно и не разумно јет да одељам својте интереси од обшчебугарцките, кога во соједињејњето, а не во расцепејњето јет силата“ (стр.88). Тогаш Крки со здрав памет зашто тоа го прави. Сега почнува најжестокото. Ова се навистина страници за паметење.

Оваа статија изгледа напамет ја учат нашиве сегашни македонисти за нивната апсолвирана антибугарска омраза од која им подникнува кожата. Ќе посочам од неа само многу малку. “Македонцкото прашајње во рацете на бугарцките дипломати и народ јет ред глупости напраени само на македонски есап и наречени маѓународни победи на бугарцката самостојна политика (стр.92). Бугарите беа незадоолни од руската политика во последно време, особено заради прашајњето на ракополагајњето на Фирмиљана (српски владика во Македонија) и за македонцкото востаање (стр. 94). .. главен престапник во ниф се јавуат официална Бугарија и бугарцкиот народ...(стр.97). Причините на ракополагајњето на Фирмилијана ушче јаднаш јасно ке ни покажит, каква нестреќа за нас македонците јет носењето на името бугари.(??? стр.99.) А знајат ли бугарите, оти во тоа време, кога они имаат во Петроград једен Станчев, србите тамо имаат једен Пашич, или једен Грујуч, или једен Новакович (стр.100)? Крстевите ментори, обмислувачите на овие македонистички иницијативи и нарачатели на овие статии.

Ајде полека, прочитајте го ова и останете живи: Она јет главниот извор на сите наши нестреќи. За тоа не можит да се зборуат за некакви

арнотији од Бугарија за Македонија (стр.101). Видете го пак ова безобразие: Македонци! Време јет да се убедиме оти лошијот демон за Македонија не јет никој друг, осим Бугарија, ете зашчо час поскоро требит да одделиме нашите интереси од бугарцките (стр.102). Видете го пак овој гнасотилак: За мене јет јасно само тоа, да голем дел во сите наши нестреќи се должит на бугарцкијо народ (стр.104) Да продолжиме ли со овие Мисиркови навреди? У бугарите немат национални идеали који да бидат обшчо достојање и светиња за сите бугари (пак стр.104). Значит, Бугарија се јави како држаа во вид на историјцко недоносче (стр.105). Бугарцките студенти сет интернационалисти, а ...српцките се буквално, без разлика дали јат некој од Србија, Босна, Ерцеговина или Црна гора, сите сет националисти (стр.107). И на крајот: како и да јет,одделејњето наше од бугарите ке ни дајит возможност критично да се однесуаме кон бугарцките работи (стр. 108).

Така нека биде. И еве повеќе од еден век така е. Сами се уверивте на кои и какви државнички и "мисловни" длабочини се повинуваме и беспоговорно како државна идеологија ги спроведувавме и спроведуваме. Но, на едно мора да му се завидува на овој третокласен интелектуалец што го дигаме до небеси . Ги напишал сам или не, во количеството и силината на едиповството навистина му нема рамен.

Да прејдеме на третата статија. "Националнијот сепаратизам: земјишчето на које се имат развијено и ке се развијат за однапред".

Во втората статија ако беше јасно определено дека Бугарија ни е злијот дух и се што имаме врска со тоа гнасно име е наша несреќа, сега Мисирков, очекувано, преоѓа на сепаратизмот како лек за излез од таа наша етничка смрдеа што ја носиме од вековите. Неговиот пристап е Орвеловски пред да е појавен Орвел и во тој поглед творците на Нечертанието и нашиве македонисти можат слободно да бараат авторски тантиеми од веќе починатиот англиски автор на романите "1984" и "Живитинската фарма". Не го зборам ова баш напамет: многу пати Конески го цитираат дека нешто големо рекол: " Сегашноста е наша, значи

наше ќе биде и минатото". И точно. Кажал нешто големо орвеловско, а сигурно не ја читал "1984". Македонизмот е одржавотворено балканско орвелијанство и Конески, капо ди тути капи, во никој случај ја нема препишано оваа Орвелова мисла. Обратно. Можеби Орвел има учено од Мисирков и Конески?

Ако нешто досега научивме е од овие Мисиркови статии не треба да се откажеме, тоа е заради нивната неповторлива гротескност и црн хумор во кои се потопени и како такви се навистина наше национално богатство. Сите да паѓаат од смеа, а ние на цел свет да пцуеме. Несомнено, несомнено носел неверојатна дарба за хумор за која не бил ни свесен и немал услови да ја развие. (Ах, тие Бугари Татари) и сосе дарбата како тажен кловн, насватено да замине од овој свет. Затоа Крле, еве големо благодарам и од мене. Кутриот и кога се лути, а навистина на Бугарите и на од себе бугарството на кое смрди од срце се лути, мене срце ќе ме фати од смеа. Мајсторлак е да можеш на најголемата самосоздадена лутина да ѝ држиш темпо, а ние читателите од поткикотување, да преоѓаме во гласно смеење. Затоа, почитувани читатели, најтопло Ви препорачувам, овие смејурии не ги читајте ноќе. Соседите на ѕид ќе ви причукаат или ќе заѕвонат на прва помош.

Со таква моќ за засмејување изобилува и третата статија, "Националнијот сепаратизам: замјишчето на које се имат развијено и ке се развијат за однапред". И уште од првата страница:" Македонија после востањето јет загубена за бугарцката народност (стр.110). Но, конкуренцијата со Бугарија од страна на Србија во македонцкото прашајње од политична и национална страна извика на политичката сцена и самите македонци. Македонците зафатија усилено да се интересуваат со прашајњето за нивната народност (стр.112). "Под нивна инициатива првен се образува во зафатоко на деведесеттите години једно национално сепаратистично движејње со цељ да се оддељат интересите на македонците од бугарцките со воведуање на једно од македонцките наречја на степен на литературен јазик (стр. 113, 114). И тие, "работеа под

маската бугари затоа шчо така си се викаше голем дел од населејњето, а друго, на тој начин можеше да се добијет поддршката на бугарцкото праителство, на бугарцкијо народ и бугарцката екзархија (стр.114). Србија се наметна во Македонија откако изгуби надеж да си присоединит Босна и Херцеговина (стр.120). Искуственоста на создаајње србцки интереси во Македонија беше јасна на сите (стр.131)!!!

Кој рече дека не се глупчовци Бугарите и не ги бива Србите? Мисирков? Блаже? Милчин, Љубиша, Венко, Младен? Еве го невидливото кинетичко јадро на македонизмот после кое отскриено камче веќе прозрува и се гледа целиот мозаик на србоманството и удбаштвото во Македонија. "Сите македонци од српцка пропаганда ке бидат на страната на ноото течејње: органите на пропагандата ке сочувствуваат тајно, а неплатените срби ке исповедаат својата македонцка народност јавно (стр. 140).

Значи, оние јавно на улица по луѓе што пцујат се неплатени србомански будалетинки од органите на пропагандата, а оние што се платени и преплатени, професорите, академиците, писателите, политичарите, судиите и полицајциите, тајно, преку државниот апарат, образованието, медиумите, судството и полицијата го спроведуваат "ноото течение".

Браво! Ви се поклонувам македонисти. Нема што. Вие не сте слуги на сатаната, вам и сатаната е недостоен да ви е слуга. Каков Орвел спрема оваа совршена дијаболичност во практика?! Данте во креацијата само ви е рамен во дијаболичното. Затоа Македонија е пекол на земјава. Но, ајде изнајдете уште малку мазохистички сили и да ја прејдеме и четвртрата Мисиркова статија: "Состауала, состауат и можит ли Македонија да состауат од себе оддељна етнографцка и политичка јединица?

"Множина ке се запитаат: за каков национален сепаратизам се гоорит? Не се мислит ли да се создават сега ноа македонцка народност? Но тоа нешчо је искуствено и како такво ке траит ден до пладне. Ами каква

е тоа македонцка народност кога мија, нашите татковци и дедои и прededои се велеле бугари? (стр. 142). На забележуајнето на нашите противници оти никога немало македонцка словенцка народност, можит просто да им се одгоорит: шчо немало понапред, можит да се сторит доцкан (стр. 143,144)... Ама аргумент?! Ај, не пукни од смеење. Бугарцкијот народ јет изгубил готоо цела денешна Србија во корист на србите и се примирил со мисљата за таја загуба. И не броејќи ја за таква, зашчо они не можит да се примирит и со мисљата за загубуајњето на Македонија, кога тоа загубуајње јет исто таква неминуана необходност како шчо беше неминуана необходност и загубуајњето на Србија(стр. 146 - 147)?!

Многу добра и точна историска анализа на Крки. До пред осумдесетина години, во сите книги и карти Западна Морава е Српска Морава, а Јужна Морава е Бугарска Морава. За територијата на денешна Република Косово и да не зборуваме. Преостанатото српското население во овие реони и денес ги гаѓа падежите. Или како што самите асли Срби за нив потсмешливо велат, Срби со говорна мана. Денес оваа територија е населена со доминантно албанско население. Албанците пак ептен имаат говорни мани српски кога зборуваат, а Крле наш никако да стави прст на чело како Добрица Ќосиќ како што спомнавме, кога се прашуваше, зашто Србија добива во војна, а губи во мир?

Страници и страници... Фирмилијан го крсти, Мисирков прди. Како да гледате тв емисии по историска проблематика на македонскиве телевизии. Како да сте седнат со неплатен пропагатор на “ноото теченије“ некаде на некој роденден или на домашен седен... Можит да се забележит на тије, шчо вељат да никога немало македонцка народност. -Немало, ама је имат сега и ке бидит за однапред (стр.150).

До сега Мисирков се лутеше, врескаше и се докажуваше како “врли пропагатор“ на “ноото течение“, но оттука до крајот, последните десетина страници од последнава статија, Мисирков веќе почнува да

фалсификува, најбезобразно да лаже и колку може повеќе, ги релативизира работите.

Ралативизацијата е последната и најважната Мисиркова постапка во безочноста од неговото едиповско безчестие. Како негово така и на денешниве македонисти. И така дојдовме до “националното име шчо го имаат носено нашите татковци, дедовци и нај близки прадедовци. Името Бугарин, како се видит, до полоината на XIX век немало за нашите предедовци по големо значејње од имијњата: рисјанин, рајатин, и каурин“(стр. 166). И сам си паѓа во своја стапица. Тој самиот низ сите статии, како што видовме, против таа наша “вековна несреќа“ вреска. Ако не им значело толку “проклетото“ име Бугари на Комитетот за што толку хистеризираше што го воделе само Бугари и во него не допуштале да влезат и такви како него “србоманствујуќи и гркоманствујуќи“? Зашто се лутеше што цел свет “востаањето“ на нашите предци го нарекуваше востаање на Бугарите, ако самите востанати не знаеле што се и тоа име многу не им значело?

Зашто тогаш толку фрлени пари, вложена човечка енергија и извршени недобројни дејанија врз нашите предци? Зашто воопшто Мисирков и ги напишал (или му ги напишале) овие статии преполни за јавни и тајни, неплатени и платени организирања и заговори против “небитното“ и “гнасно“ национално сознание на нашите предци?

Ако е за горок пелин од Крле, да престанеме. Доста ќе е и овој бриз од шовинистичката брошурка на Мисирков “За македонцките работи“.

## 4. ГУБИТНИЧКОТО САМОФАЛБАЏИСТВО

Со анализата на Мисирковите "За македонцките работи " го одвртев чепот на најконцентрираната шовинистичка смрдеа со кои не залева македонизмот, но далеку сме од тоа со ова Мисирково книвче да завршиме. Не се ли изврши едно сеопфатно критичко преиспитување и идеолошка деконтаминација од македонизмот во нашето образование и култура, секој македонски проевропски премиер нека биде подготвен дека ќе му се повторува "упад во Собранието". Главната потпора на македонското фашизирање доаѓа од устоличените македонисти по научно образовните институции.

Мораме да изнајдеме сила да им кажеме на граѓаните и посебно на учениците кое е нашето или какво е нашето досегашно сваќање за целиот корпус македонски проблеми за внатрешна употреба (израз на Киро Глигоров) и дека надворешното, од светот гледање на истите тие македонски проблеми за надворешна употреба се остро спротивставени. Тука и ние и македонските Албанци и несвесно, но со притаената префриганост на ист начин работиме. На домашен терен ја продаваме манџата за внатрешна употреба, а на надворешен план со странците ги застапуваме нивните сваќања за Македонија. И затоа што гледиштата се крајно спротивставени не оди ни едното ни другото, ни македонистичкото ни европското, па самозакочени и саморазочарани се и едните и другите.

Македонските Албанци од власта го прават истото. Пред странците се европејски цвеќа в бокал ставени да ги мирисаш, а на внатрешен план, на митинзи, со изјави, со секојдневните постапки, на шовинизам трујат. Претседателот на македонското Собрание, Талат Џафери, така тешко и драматично избран, уште првиот ден на работната маса стави албанско знаме. Утредента му дојде американскиот амбасадор, го извади албанското знаме. Потоа, за внатрешна употреба, пак ќе го стави. Тие што се обидоа да го бранат, дека тие негови гестови се за да ја потенцира својата национална припадност, заличуваа на Љубиша

Георгиевски кога ги брани постапките на претседателот Хорхе Иванов. Не е најпотенциран идентитетот на претседателот на Собранието што собраниски седници ги води на својот јазик, потпишува разни документи на албански јазик, потенцирање на идентитетот му е ставањето знаме на друга држава. Кого лажеме? Американците, своите гласачи или опозиционерите? Федерика Могерини убаво порача, има државни, надпартиски и наднационални функции и институции. Бранејќи го неодбранливото за внатрешна употреба, во најмала рака, смешни сме. Европа и САД уште многу, многу маки ќе имаат со нас. Особено Зоран Заев преку чии плеќи сите работи ќе се кршат.

Дали тоа го има во овие мои страници, незнам, но мора на граѓаните со пријателски, разбирлив јазик сите општествено-политички префриганости да му се соопштуваат. Оние граѓани, а такви не се малку, што сами од факти се убедуваат, сами "прогледуваат". Дури и кога не им се по ќеиф. За утре да се начисто кога протестираат, зашто протестираат или кога гласаат, зашто за таа опција гласаат.

Со години подготвувајќи се за пишување на моите романи, исчитав цела македонистичка библиотека на историографски книги. Еве засега ептен малку, (ако се јават, тука сме) за периодот на Втората светска војна. Малку само гребнувам, затоа што некои автори и дела навистина заслужуваат заедничко наше внимание. Забавата и овој пат нема да ви изостане. Ви гарантирам.

За разлика од Првата светска војна кога Македонија е една од териториите зафатена од светските фронтови, општоприфатено е мислењето и сведочењето на народот и историографијата дека македонскиот регион од непоимливите жестокости на Втората светска војна е заобиколен. Во Македонија за време на најголемиот воен судир што му се случува на човештвото нема големи воени операции и скоро никакви до четириесет и третата година, кога по Сталинградската битка се врти текот на Втората светска војна. Но тоа избегнато и беспотребно големо воено квопролевање е разочарување и неуспех за творците и

актерите на тогашните наши милитантните концепции за војување по секоја цена.

Од мемоарите во четири книги и книгата "Борба за Балканот" (Загреб,1980.) на Светозар Вукмановиќ - Темпо, тоа разочарување и нескротлив бес кон македонските комунисти се чита на секоја страница. Не еднаш забележува, воените одреди со кои македонската КПЈ учествува во војната се разочарувачки незначителни. Петнаесетина години подоцна, неговиот соборец, Вера Ацева во книгата "Писмо до Темпо" (Скопје, 1995.) се труди немоќно да му одговори и само повеќе се дозаплеткува од наможноста да му каже зашто мнозинството од народните маси со радост го примаат новното присоединување кон Бугарија и масовно не се одѕиваат на повиците од комунистите за масовен народен отпор. И оние најретките, одѕваните, се воени резервисти или дотогашни полицајци во кралска Југославија во кои е веќе всадена омразата и од спомнувањето на бугарското име. Видливо партизанско засилување се забележува во втората половина на1943. кога антихитлеровата коалиција прави коренит пресврт на воениот терен низ Европа. Можноста за брза кариера во новите услови прави да се зголемат партизанските единици на НОВ во Македонија. И тука почнува веселото...

Така, на пример, Михаило Апостолски (Ослободителната војна во Македонија. Том I, Скопје, 1974, стр.215) пишува за 24 ударни бригади, а во рефератот од Симпозиумот за "Развојот и карактеристиките на народноослободителната војна и револуцијата во Македонија", Скопје, 9 -10 декември, стр. 88, посочува за 23 ударни бригади. Владо Ивановски ги поднамалува за уште една бригада (Од Дебарца до Рогашка Слатина. Скопје 1964, стр.20). И Петар Пепељуговски намлува уште за една и соопштува за 21 ударна бригада (Прилози за воената историја на македонскиот народ. Скопје, 1988. Стр. 485).

За бројниот состав на бригадите или бројниот состав на нивните единици не пишуваат многу. Особено не за периодот пред 1944 година. Тоа им е најумно.

Сепак, Лидија Симовска Полавска споменува за словенската чета од Првата македонско-косовска бригада дека брои околу 30-40 души (Словенците во НОБ во Македонија. Скопје, 1987, стр. 16).

За првиот македонски баталјон "Мирче Ацев", создаден во август 1943 год, Владо Ивановски соопштува (Ослободителната војна во Западна Македонија 1941-1944. Скопје, 1973, стр. 147.) дека батаљонот во време на формирањето имал 110 борци, а во втората книга (Од Дебарца до Рогашка Слатина, стр. 20) дека на формирањето броел 200 борци.

Несватливото разногласие е присутно и околу Кичевскиот батлјон, формиран на 23 ноември 1943. Според (Гоце Митевски и др.Прва македонска пролетерска бригада. Скопје, 1991. Стр 30.) броел 100 борци, а според Миле Михаилов (Военозаднинските органи во Народноослободителната војна наМакедонија. Скопје 1941-1944. 1992 стр. 102) баталјонот броел 500 борци.

Вториот кичевски баталјон има околу 70 борци, Костурскиот 73, младинскиот 150, Кичевско- дебарскиот 80, (пак Гоце Митевски и др. Првата македонска... стр. 30 -74). Батаљонот "Страшо Пинџур" од три дела имал 220 борци, "Стив Наумов " имал 160, косовскиот баталјон Рамиз Садику имал 150 борци (Владо Ивановски Од Дебарца до... стр. 20- 23). Вториот косовски баталјон "Боро Вукмировиќ имал 130 борци (М. Михаилов Военозаднинските органи...стр102). Бугарскиот партизански баталјон "Христо Ботев", создаден во Македонија броел 62 борци, (Боро Митровски Бугарската војска во Југославија, 1941-1945, стр 212) , баталјонот "Васил Левски" броел 120 борци ( Дане Цеков, Трета македонска бригада и косовскиот одред до средината на мај 1944 година, Куманово, 1969, стр. 50) . Во исто време истиот тој Дане Цеков вели дека бројноста на еден бугарски баталјон била (?!) од 700 борци. (стр.23-27). За поединости, број на чети, водови и нивни видови, да не зборуваме.

Бригадите на НОБ од крајот на август 1944 се групираат во седум дивизии. Бројната состојба на дивизиите им е следната: Четириесет и прва

дивизија со околу 1300 борци и старешини; Четириесет и втора дивизија, исто до 1300 партизани: Четириесет и осма со 3328 борци: Четириесет и девета дивизија 1500 борци: Педесетта дивизија , околу 2450, а во ноември 1944 достига до 3523 борци: Педесет и првата дивизија, 2476 борци: Кумановската дивизија, 5800 борци (В. Ивановски Ослободителната војна... стр. 276). Овие бројки ако се точни и не се надуени, збирниот број на македонската народноослободителна војска не е поголем од 18000 до 19000 војници. А тоа е многу помалку од посочената цифра на Михаило Апостолски за 66000 војници за зимата 1944-1945 година (Ослободителната војна во Македонија, Скопје, 1974, стр. 217). Кон оваа бројка нека се додаде и бригадата "Гоце Делчев" од нашинци, исселени во Бугарија од 4600 борци. Пак сме многу далеку во хиперболизирањето.

Поради партизанскиот карактер, македонските единици се во постојани проблеми со вооружување, муниција и облека. Во почетокот на септември 1944, Четвртата ударна бригада во својот состав има 300 вооружени борци и 400 невооружени борци (Раде Гогов Црноречки Младост плачковичка. Четврта македонска народноослободителна бригада. Београд, 1971, стр. 129). "Облеката ни беше ветва и разнообразна, едни носеа англиски, други бугарски униформи, трети селска или градска облека". (Раде Црноречки... стр.160)

Слична е состојбата и во Дванаесеттата бригада на денот на нејзиното формирање, 18 септември 1944. Петстотината борци располагаат само со 60 пушки, 5 автомати и неколку пиштоли (Методија Котевски, Скопската бригада. Дванаесеттата македонска народноослободителна бригада. Београд, 1969. Стр. 18). Дури и најстарата бригада, Првата, долго време мака мачи со недостатокот од оружје. На 13 октомври од 794 борци, 146 се без оружје. Нивното вооружување е: 561 пушка, 48 автомати, 34 лесни шмајзери и една противтенковска пушка (Гоце Митевски и др. Првата македонска пролетерска бригада. Скопје, 1991. стр.132).

Лидија Симовска го опишува вооружувањето и облеката на словенската чета од Првата македонско - косовска ударна бригада: "Оружјето им беше главно ловџиско, германско и италијанско или пак бугарско. Имаше само неколку старојугословенски пушки и сојузнички автомати какви што имаа британските командоси. Некои носеа италијански мундири, други германски па и сојузнички, а сега и бугарски (Лидија Симовска Полавска, Словенците...стр.16-24). Најтешко се чувствува недостатокот на тешко вооружување. Поради тоа се наложува артилериските бригади да дејствуваат како пешадиски единици. (Гоце Митевски и др... Кочани и Кочанско во НОВ 1941-1945.Текст од рефератите на научниот собир во Кочани 1985.стр.390).

Во предвечерието на Втората светска војна, Бугарија лавирачки заигрува меѓу Берлин и Москва и самозаплеткувајќи се во пресложената ролја, во општествената заплетканост, како секаде и секогаш, цехот дебелото го плаќа народот.

Што имаат македонските партизани со тоа? Имаат бинго! Се наоѓаат на победничката страна! Што дека партизаните на НОВ на Македонија се слабо воено подготвени, (малу)бројни и слабовооружени?! Сето тоа е покриено со историското добиено бинго!

Поддржувајќи ја институционално и подразбирајќи ја латентната милитантност како нормална состојба во титова Југославија, ние повоените македонски генерации растевме и бевме комплексирани што во Македонија за време на Втората светска војна немало големи крвави офанзиви како во другите југословенски републики.

Нема да ви цитирам страници, треба сега, ако имате време за тоа, од дистанца да ја прочитате веќе споменатата "Битката за Балканот" на Темпо и како тој ги навредува македонските партизани за нивната неспособност за масовно востание и петнаесетина години подоцна објавените "Писма до Темпо" на Вера Ацева со божемни спротивставувања кои само ги допотврдуваат Темповите ставови.

Отпорот на НОВ во Македонија скоро и да го нема дури не победат Советските сили во пресвртната Сталинградска битка во зимата 1942-1943 год. Луѓето полека се вртат кон добитничката опција, кон мекедонизмот, и тука нема ништо необично и чудно во човечкото однесување. На историски потег се македонските комунисти, добитниците на историското бинго и од нив зависи дали национално мудро и стратешки далновидно ќе ја вложат добивката?

Ова е доказ дека и нам воената и сеопштата среќа понекогаш ни се насмевнувала, и неточно е она нашето површно митотворечко самосожалување дака секогаш само нам историската среќа ни врти грб. Прашањето кое лебди и дали имаме доблест на него да одговориме е дали историската победа е добро исползувана или добиеното на лутрија мора евтино да се искоцкува? Тие што победија: тие, еве загубија. Од најлоштото. Од времето.

Но, ајде да ви дадам уште една пропишана доза интересни факти пред да поентираме.

Дипломатијата на Отчествено - фронтовската Бугарија почнува по трнливиот пат на приклучување кон антихитлеровата коалиција. На 12 септември 1944, новиот бугарски премиер, Кимон Георгиев му испраќа телеграма на Јосип Броз Тито. "Владата на нова Бугарија го смета за свој пријателски долг да го поздрави борецот на нова Југославија, маршалот Тито со желби за една трајна братска соработка меѓу двете славјански држави како за изгонување на нашиот општ непријател, така и за изградба на нови односи во овој дел на Балканот". Тито му враќа на Кимон Георгиев со телеграма на 17 септември 1944. "...ние со радост ја прифаќаме соработката со бугарскиот народ во заедничка борба за избркување на германските окупатори од Балканот".

Оваа иницијатива за југословенско - бугарска соработка е под патронатство на Сталин и тој во разговор со Кардељ му подвлекува , "дека таа е редовна армија, добра војска со офицерски кадри", а југословенската

војска "како нерегуларна, нема таква способност и нејзината бројност е преувеличена" (Владимир Дедиер, Ј.Б. Тито, Прилози за биографија. Скопје, 1977. стр. 521).

Без да сум со претензии за исцрпување на оваа проблематика, но за мојата љубопитност и предоволно, не ми требаат уште многу поединости за да си го допотврдам сомневањето дека македонското историографско гледиште однапред (пак Мисирков?) е зацртано како траекторија и таа линија само ја шират и длабат како што знаат и умеат авторите во современата македонска историска наука.

Досега не ви цитирав бугарска книга од оваа историска проблематика, но сега правам исклучок и ви цитирам само една и единствена. Повеќе привлечен од името и презимето, Георги Даскалов, внук или роднина на кавадаречкиот војвода Ѓорѓи Даскалов, од неговата случајно купена книга на "Славејков" за еден лев, "Блгаро - југославските политички отношенија", (Софија, 1989)., научив повеќе од сите македонски историографски книги. Да, одлична студија од нашиот земјак. Да ви приведам само како била опремена бугарската Четврта армија која дејствува во Брегалничко - Струмичката операција од 15 октомври до 14 ноември 1944. Командант им е Генерал мајор Бојан Урумов. (И ова презиме нешто да не ви е блиско?) и во нејзиниот состав влегуваат: Паттата пешадиска дивизија, (5-ти, 18-ти, 33-ти, 4-ти, армиски пополнувачки полк и 1-ви артилериски полк) а од 24 октомври во неа е вклучена и 7-мата пешадиска дивизија (14, 22-ри, 39-ти пешадиски полк и 7-ми артилериски полк и Втората коњичка бригада, составена од 3-ти и 6-ти коњички полк).

За да се прекине некако повлекувањето на германската армија "Е" од Грција за кон Германија, на 15 октомври 1944г. Четвртата бугарска армија што дејствува од два правци од Делчево, Кочани, кон Штип за Велес и од Струмица и Радовиш кон Штип, располага со 11 пешадиски чети, една тешко митралеска чета, 9 артилериски водови, две инженариски чети со 42000 војници и 7152 коњи. Германските единици им се

спротивставуваат со 22 пешадиска дивизија (16 и 65-ти пешадиски полк) и 122 батаљон. Или, на првата воена линија имаат 5 батаљони со 78 брдски топови и монофрлачи, 12 тенка и 18 хаубици. И т.н. и т.н... Жртвите на Четвртата бугарска армија за овие еденомесечни дејствија се 1884 убиени и тешко ранети....

За да не го слават овие градови во источниот дел на Македонија денот на своето ослободување со влегувањето на Четвртата бугарска армија, сите овие региони имаа до седумдесеттите години еден ден на своето ослободување, па потоа нашите академици, стратези им посочија нови датуми на ослободувањето, со неколку дена поместени.

За оваа однапред завземена стратегија дека Македонија сама и без ничие надворешно помагање е ослободена, задолжен е Михаило Апостолски и по неговите трудови што и до сега ги цитиравме, се вдахновуваат и раководат и од неговите трудови цитираат и препишуваат македонските историчари што работат на оваа проблематика како Петар Пепељугоски, Лазар Мојсов или Маријан Димитриевски…

А “македонското гледиште“ на работите по генералот и академик Михаило Апостолски е во најмала рака тешко одржливо и одбранливо. По време на повлекувањето на германската армија, приливот на борци во македонските партизански одреди се зголемил и воопшто целиот македонски народ се дигнал на востание (Апостолски, Ослободителната војна... стр.93). Во предвечерието на Струмичко-брегалничката операција,од зголемениот број на партизани се формира Брегалничко-струмичкиот корпус, никаде не го споменува бројот на борците, па потоа,од малубројноста на војските на НОВ и ПОМ и поради целосното бездејствие на бугарските војски, Германците успеала да ги затворат долините на Крива река, Брегалница и Струмешница (стр.94). Тогаш, каде отишол новоформираниот Брегалничко-струмичкиот корпус? Две крајно спротивставени гледишта на две историографии за заедничко учество во исти воени операции.

Лазар Мојсов (инаку син на Андон и Евра Мојсови, едни од водачите на Тиквешкото востание), со книгата "БРП(к) и македонското национално прашање", (Скопје, 1978.) која е исто така слаба како историографско остварување и повеќе го отсликува времето на апогејот на македонизмот по кој денес плачат нашиве македонисти отколку што може нешто релевантно од неа да се исползува. Во проблематика што ја разгледува, Мојсов се обидува да даде отпор на "бугарските историографи" на секое поле, па и на нивниот однос кон нивното воено учество во овие ослободителни операции.

Можете и да не ми верувате, но кога се читаат книгите на македонските историографи полни со омаловажување и омраза за бугарските војски, логично е да се прашате дали овие војски на крајот од војната заедно дејствувале или се непријателски војски?

Исто е четивото и кога се опишува и изведената Страцинско - Кумановска воено ослободувачка операција од 8 октомври до 19 ноември 1944г. Од бугарска страна, сојузничка војска е Првата бугарска армија со командантот, генерал мајор, Владимир Стојчев и 73969 војници и дадени 8937 жртви во оваа тешка воена операција. Да, добро ги прочитавте броевите на згинатите бугарските ослободителни сојузнички сили и во едната и во другата воено ослободителна операција во Македонија. На Сремски фронт пак загинуваат над чатириесет и пет илјади бугарски премолчени борци! Не, не се станува одеднаш и лесно сојузник на Тито и Сталин по пријателувањето со Хитлер. Но кој ни е виновен и нам на Бугарите и на Србите и на Албанците и на сите на Балканот што немаме писатели од рангот на Гинтер Грас, без анастезија прво од себе да тргне во вивисекцирањето на нашите трауми.

И, да приврშувам и со овој дел, без да Ви трошам време за спротивставените историографски гледишта од двете историографии. Заслужува само неколку реда за различното гледање на ослободувањето на Скопје.

На широко распредената приказна и уметничкиот занес за раскажување на цртани филмови на генералот Апостолски за ослободувањето на Скопје (стр. 176) нема потреба од посебни податоци.

Уште во август е разоружана и повлечена бугарската царска војска, од градот скоро да се повлечени и германските војски и секој постар скопјанец и денес ќе ви каже дека на денот на неговото ослободување во самиот град немало воени судири. Никакви лаги за борби прв ден, втор ден, трет ден, за левата страна на Вардар, за десната страна, за зграда по зграда... Скопје е барем петнаесеттина километри понастрана од кумановско - страцинските ослободителни дејствија и некој истрел до градот што доаѓа се одделни пукотници по заостанатите германски сили што се повлекуваат.

Истово претерување го превзема и Мојсов во поглавието "За битката за Скопје" во неговата веќе посочена книга."За неговото (скопското) ослободување не е истрелан ниту еден куршум од рацете на бугарските војници, наспроти тоа што ниту еден бугарски војник нема видено како изгледала битката за Скопје" (стр.253 - 257). Според Апостолски и Мојсов, најтешките борбени судири со германските војски завршуваат меѓу 13 и 14 ноември. Но според војнички рапорти и сведоштва на влезени бугарски војници како претходница од Петтиот пешадиски полк од Првата бугарска армија (според споменатиот Даскалов, (стр.288) во Скопје на 13 ноември немало германски воени сили и уште истиот ден по улиците на градот се спровела весела воена парада. Да, старите скопјани очигледно не ги лажат сеќавањата!

Победникот зема се и ја пишува историјата. Воената среќа е на страната на војниците на НОВ и ПОМ и сето дотука е сватливо и разбирливо! Семоќното победничко бинго им ги покрива определените слабости на нерегуларна армија. Но како нови победнички сили тие одеднаш се исфрлени на историската сцена и од нивните државнички потези веќе зависи како победата ќе ја вградат во од нив создаваната и управувана нова држава и власт.

## 5. СЛУЧАЈНИ ПОБЕДНИЦИ ИЛИ СВЕСНО ПРЕДОПРЕДЕЛЕНИ ГУБИТНИЦИ

Конститутивниот АСНОМ во август 1944, или Вториот Илинден веќе е одржан и република Македонија е федерална единка во новата социјалистичка Југославија. Го оставаме победничкиот патос и колнењата на верност: можела ли тогаш одржавотворената Македонија сама да се носи како држава и кадарна ли била да го обликува политичкиот и културен простор на населението од оваа територија?

Со донесените одлуки и решенија, самиот АСНОМ покажува дека на подолг рок, тогаш се тргнало во погрешен, губитнички правец. По шест-седум децении подоцна, по Охридскиот и Пржинскиот договор, веќе одамна е изгубено тоа повоено победничкото бинго и човек неможе да не се запраша, "шчо напраифме" и каде ја утнавме штом дојдовме во сегашново губитничко дереџе?

Децении и децении изговаравме идеолошки мантри како за прв пат вечно поробениот македонски народ создава македонска држава. Кој е тој што ќе признае дека изминатите македонистички децении само ни ја исколчија патеката на губитништвото, а термините Македонија, македонски, Македонци од нашиот нов идентитет стасаа како предмет за спорење до Обединатите нации...

Блаже Конески, најголемиот повоен деец на "македонцките" работи во република Македонија, одамна и не случајно многу пати изјавува: "Големо име зедовме, дали ќе ни дозволат да го додржиме". Значи, знаел што прави. Знаел што направил, на што се нафатил и што ни подметнал. А, свесен е и за последиците: непремостливите последици од осамостојувањето на Македонија наваму на грб како воденичен камен што ги носиме.

Со фарисејска препреденост објаснуваа и сеуште објаснуваат, (но со спуштени носеви) пред учениците, студентите и севкупната општественост дека навистина создале наш посебен идентитет со сите

пропратни нишани. Но дека токму на АСНОМ нешто (не)умислено утнале, дека (не)свесно нешто"пропуштиле", за тоа и денска болно воздивнуваат. Немеме посебни историски податоци, но и не ни требаат. Јасно е како бел ден и тогаш, а особено сега, единственото добитничко поле што во Прохор Пчињски не го одигруваат е да се именуваме во Славомакедонци.

Европа убаво знаејќи дека долги децении нашава управувачка власт во Македонија е антибугарски настроена и несакајќи да не навредат ако неословат како македонски Бугари, и денес таа светска политичка и интелектуална јавност штом сака да прави разлика меѓу нас, најголемата етничка заедница во државата од останатите граѓани Македонци, не именува како Славомакедонци. Што срамно и лошо тоа име Славомакедонци влече со себе? Зарем е полошо од нашето сегашно описно име на нашата држава, Бивша југословенска република Македонија? Токму тогаш, од АСНОМ е пропуштено да тргнеме како Република Славомакедонија, (или можеби нешто друго поинвентивно) рамноправна федерална република во тогашна Југославија. Само и само на тој начин, нашата нова држава и нашиот нов идентитет е без "фабричка грешка", а државата е втемелена врз цврста нерушлива основа која преку еден дијалектички нов обрт, во клучен конститутивен момент, успешно ги потсечува и опашките од минатото кон сите околни држави и креативно се самоослободува за спокојната иднина пред неа. Без оглед што ќе се случува со Југославија подоцна, макар што во тој момент, се разбира, никој и не помислувал на нејзиното во иднина распаѓање. Очигледно асномската самостојност за новите власти не е крајна државотворна цел и возвишен идеал, а само временска етапа на македонистичкото сепаратистичкото излизгување од бугарството до потполно негово смирување во српството. Со можност за сојуз...

Ако сме искрени кон себе, барем да подмолчиме. Тоа е нашата историски пропуштена шанса преку новиот идентитет за подеднаква одделеност од Бугарите, Србите и Грците!

Очигледно, се нејќело. Се нејќело одвнатре стабилна Македонија, па макар во иднина и да притребало "со можност за нејзино идно приклучување кон"... Европа.

Без оваа намерно одвнатре неизвршена македонска општествена мелиоризација, Асномска Македонија во рамките на Југославија беше македонистички жабарник за балканска идеолошка маларија.

Македонија уште со АСНОМ тргнува по погрешен пат на самоуништување и ништо не помагаа повоените четиридецениски победнички еуфории. Народот својата беспочвеност на своето, потсвесно ја чувствуваше како чергичето под нозе од година во година му се истргнува и затоа органски силно, несопирливо, и покрај секонтролирачкото на УДБА, тргна и тргнавме во деведесеттите години од минатиот век кон лижавчињата со внатре искршени стакленца на Љубчо Георгиевски. Народот чувствуваше дека е пет до дванаесет за избегнување на поразот за кој како некој вечно да не предопределил. Сега, по дваесет и пет-шест годишната губитничка опитност со Бранко, Киро, Љубчо и Хорхе, народот попарено бега од Груевски затоа што гледа дека е дванаесет и пет минути... Затоа, на Заев, само среќа.

Наместо одвнатре самопрофилирана врз цврст, неразрушлив темел, имавме лизгава самопрелага преку Вториот Илинден со намерно останатата мисиркова во АСНОМ "фабричка грешка" која децениите што идеа само ја зголемуваа, дури потполно не беше поразена по воениот судир од 2001г. Кратката војна во која загубија македонските воени и полициски сили од албанските паравоени формации заврши со потпишување на т.н. Охридски рамковен договор и Второилинденската, македонистичката, удбашката Македонија замина во историјата. Нашите проблеми се донасобраа...

Спонзорирана од југословенството под кое се криеше и опстојуваше "фабричката грешка", Македонија се престоруваше од година во година во духовната македонистичка клоака и немаше друго

место низ Југославија, туку токму овде се формира и опстојуваше единствениот факултет за безбедносни кадри за сите југословенски републики. Македонија да си остане џандарско врталиште...

И наместо далновидно реформски, задоцнето принудно и болно понижувачки по поразот од 2001г., сега од ден на ден со се поголемата приклештеност во која навлегуваме, ставени сме пред свршен чин на постфестум реформи. За доведената Македонија на работ на опстанокот, сега нејзините креатори зборуваат за деДПМНЕизација на Македонија (за што се во право), но треба да се длабоко свесни дека тој процес на нормализација како деДПМНЕизација значи деАСНОМизација и деМисирковизација.

Таа и таквата, Асномската Македонија што се санкционира со Охридскиот рамковен договор, и ако со него сите етнички заедници се стабилизираа, најголемата етничка заедница сеуште тоне од Асномската "фабричка грешка". Самосмирувачки се кажуваше и се кажува дека никој пред да се распадне Југославија веќе не се сомневаше и не негираше дека суштествува македонската нација и македонскиот идентитет, но со самото пропаѓање на Југославија тој проблем сам од себе зина. Тој лошо именуван процес на создавањето на новиот идентитет преку "фабричката грешка" што се прикриваше и туркаше се појави како нерешлив конститутивно државен проблем. Босна е подруг случај, но и таму со југословенски скроеното бошнаштво стасаа до невидени проблеми.

Времето никој не го враќа назад, најмалку македонистичките Дон Кихоти и за излез од историјата и идеолошката наша закостенетост, избраните елити и без анестезија и без голем шум треба својски да проработат. Она што антиевропски тргнало на АСНОМ, сега седум децении подоцна низ нос ни се истури со Охридскиот рамковен договор.

Опозициските пекања за дедпмнеизација, која што е нужна, значи деасномизација и демакедонистизација, со краен резултат деболшевизација како вмроизација, првоилинденизација или граѓанска

македонизација како антимакедонистизација, вистинскиот калем врз вистинска основа, ако воопшто за тоа имаат сили и кувет македонистите. Нека им е со среќа, но да не бидат пак изненадени, па после самите СДСМ да плачат во стилот на Груевски...

Но да се вратиме уште малку на асномските односи. Потезите што ги прави новата асномска власт се катастрофални. Само во првата ноќ на слободата убиваат без пресуди над триста луѓе. Најмногу умните и употербливите, ретките образовани наши луѓе. Во една ноќ обезглавување на сопствената нација од самите ослободители. Ајде, не врескајте, нема да ви го напишам ослободители во наводници. Секаде и секогаш, секое убиство од државата без суд е злочин, а убиениот од државата без суд е жртва. Оваа "пракса на работа", за жал, во Југославија беше прилично често ползувана...

Македонските комунисти од БКП се организираат во јули 1941. во лозјата на Водно во Скопскиот партизански одред. И тоа што нешто ете, антифашистички, пред 11 Октомври лево промрдало преку Шарло Шаторов, Бојан Блгаранов, под патронат на Георги Димитров и БКП, и со месните, скопски комунисти Бане Андреев, Перо Ивановски, Ќамуран Тахир... и ден денес доодените србокомунисти не го признаваат. Каде е нивниот интернационализам? Класични шовинисти со лева иконографија. Затоа нивните идеолошки сомисленици, божемни другари, соседи и роднокрајци зачленети во БКП гиословуваат како србокомунисти. Зарем за интернационализам пееја само од БКП наивните Венко Марковски и Кочо Рацин дури нивните содругари не им дојдоа до глава? Кого лажеме и што ни треба да фалсификуваме и за Вапцаров од БКП убиен од бугарските фашисти? Па тој глава на рамена три дена не ќе дочувал од темповците, страхилгиговците и видоесмилевците како Кузмана Јосифовски што го симнуваат во втората половина од 1943г. од Бистра и го пуштаат во скопска илегала неколку месеци пред завршувањето на војната.

Првиот Илинден е народен непокор, вториот Илинден е удбашка фарса што по 2001г. се преврте во наша национална трагедија. И освен и во воените услови подемократската Освободилна Фронта во Словенија, (случајот со некомунистот, но антифашист Едвард Коцбек) слична на нашава крвава драма предизвикана од комунистичката ригидност се одвива во различни варијанти и со различна јачина во сите останатите југословенски републики. Манијачки заслепено ги дразневме Словенците и не им признававме дека и во војната и по ослободувањето, биле далеку, вселенски далеку од останатите нивни јужнословенски собраќа и само на нив по одделувањето и осамостојувањето од југословенската федерација не им се испречија проблемите со идеолошко, национално и меѓунационално непомирените граѓани.

Останувајќи вешти затскривачи и верни извршители на проекциите на "Начертанието" , македонските комунистички победници веќе во пресвртната 1944 г. ја испуштаат историската можност за народно (зборот граѓанско тогаш е со негативно значење) помирување и обединување, македонистичка македонска платформа на државотворноста. Споулавени со победничкото бинго в раце, победнички опијането до безумие, тргаат кон неизбежниот пораз од времето...

Со најзатворените македонски граници од сите страни во повоена Европа и со "студена македонистичка" војна со сите соседни држави и до денес непрестаната, а на внатрешен план со форсирање на страв од постојаните произведувања на внатрешни грешници и непријатели, владеачката македонска комунистичка елита ја обликува федерална Македонија во инертен молчаливец на југословенството кој колку што подлизурковски ќе кима, само повеќе ќе ги комплексира македонските граѓани кои освен малку што изгинале за југословенството, уште помалку придонесуваат за развојот на федералната југословенска држава. Излезот за воајерите на својот живот и судбина, се разбира, беше бескрајната македонска сервилност со која се мајтапеа останатите народи и републики со нас.

Препреденоста и бескрупулноста од политиката на перманентни чистки на свој грб уште во самата војна ја сеќаваат македонските комунисти дојдени преку БКП. Колку што страдаат во воените судири, толку се подметнуваат како жртви и директно се убиваат од своите божемни интернационалисти, соборци комунисти дојдени од КПЈ.

Македонските комунисти дојдени од КПЈ се длабоко свесни за својата малубројност, интелектуална инфериорност и безавторитетност во народот. Самото спомнување на името на Југославија во народните маси предизвикува одбивност, па до четириесет и трета година слабото комунистичко движење во Македонија дури и го избегнува употребувањето на името на Југославија. "Колку повеќе размислувам, се повеќе се уверувам дека ти Темпо уште во војната не си бил наивен воопшто. Си знаел точно што сакаш, а наивни и преголеми идеалисти сме биле ние, односно некои од македонските раководители ".(Вера Ацева, Писма до Темпо стр.16,17.)

Од таа незавидна каша кон државотворноста пак ги извлекуваат македонските комунисти дојдени во комунистичкото движење преку БКП. Ако нешто е образовано и авторитетно во кревкото македонско комунистичкото движење тоа се кадрите на "орлицата" и нивната компетентност и заложба стојат зад организацијата на Вториот Илинден. АСНОМ започнува со химнично пеење на "Изгреј зора на свободата". И како благодарност за историски свршената работа, со извршениот превbooт на скопското Кале од македонските србокомунисти врз македонските комунисти дојдени од БКП на крвавиот Божик во јануари 1945, се сече и онаа мала но битна нишка за интернационализам и хумано и класно помирување на населението. Сите Асномци, еден по еден, Ченто, Брашнаров, Венко Марковски, Полежина, Соколов, Пирузе... физички ги чистат или завршуваат со големи затворски казни на Голи Оток, во Идризово...

За овој податок сега што ќе го спомнам, немам историски извор за да се повикам, затоа што нашата историска наука никогаш нејќе засебно

да ни ги изброи и прикаже паднатите жртви од страната на нивните убијци, но по зборовите на наш македонски историчар кој ми се колнеше на чесност, за над три години, од април 1941 до септември 1944, директно од рака на бугарски војски и полицајци во Македонија сенасе, убиени се сто и четириесет и осум наши граѓани, борци и цивили, а луѓето од отпорот во Македонија за исто време имаат убиено сто педесет и два бугарски војници. Отприлика - ист број на жртви на двете страни. Споредбено со други тогашни воени жаришта, безначајно. Жална е секоја човечка жртва, секоја пролеана солза, но колку неуспех за КПЈ инструкторите Шиљо и Темпо дојдени да предизвикуваат вооружен конфликт во припоениот македонски дел кон бугарската држава. Веќе Ви реков, препрочитајте ги Темпо и Ацева...

Таа концепција да се предизвикува воен конфликт повеќе им успева во меѓунационалното скарување на славјанското и албанското население во македонскиот западен регион, па имаме нова нелогичност: многубројни дебарски, гостиварски и тетовски семејства бегаат од теророт на балистичките банди во Охрид, Битола и Скопје, тогаш под бугарска управа. Бегаат од едни фашисти кај други фашисти? А бугарските фашисти им даваат прислон, ефтини плацеви за куќи кои денес, да речеме Дебар маало, го прават најградска скопска населба.

Слепите темпови поддржувачи, лазовците, страхилгиговците, димчебилјановците, димчетреневците без никакви судења на првиот Божиќ на слободата на Кале, Стенковец, Штип, Прилеп, Ресен, Велес... застртелуваат стотици цивили!

По шовинистичкиот лев Божикен преврат, во федерална Македонија продолжува да чади до ден денес неизгаснатата граѓанска војна од 1941 -1945 и синовите на пушкарите и гулабарите, на убијците и силувачите на своите другарки партизанки сега со титули на академици, универзитетски професори и режисери, продолжуваат со ортодоксниот сталинизам, и драконски, со сите полициски средства и методи го бранат своето слепо послушништво од лева провениенција.

На маки се. На голема мака се. Ако ги признаат фактите, ја сечат идеологијата на левиот авторитаризам на која седат и која им носеше победнички облаги, а историското шверцување на нивните родители со крвави раце за божемни интернационалисти и ослободители, паѓа во вода. Едиповската самоомраза е водилка на апсурдната наша губитничка комедија. Илјада пати повторена лага станува - македонизам.

Во Македонија сенешто може да се распаѓа како што се распаѓа, сенешто да оди и во воздух како што оди и сите да гледаат и молчат како што молчат, но доволно е некој да спомене само "б", и уште недоизречен за историско помирување со Бугарија, одеднаш заспаниот удбашки минотаур се буди...

Го прашале американскиот претседател, која е најбогатата држава на светот и тој без размислувања одговорил - Југославија! Во Америка онолку да се краде, одамна ќе ја немаше... Детството и младоста ни поминаа во слушање на вакви гадно надмени разговори и вицеви сами за себе што си ги создаваа и раскажуваа недопирливите удбаши: партијци, директори и чесни интелектуалци во Титова Југославија. И в миг кога се распадна државната префаленост што едвај издржа четириесет и пет-шест години, и денес не им е јасно за гнилежот нејзин одвнатре. Или дека гнилеж биле тие, па сите ние...

Еве, дваесет и пет-шест години живееме во нова држава, независна Македонија. За новата држава е умесно божем од критичка настроеност потсмешливо да се изразуваш, ама за бившата држава Југославија сепак е непрепорачливо и сега лошо да зборуваш. Бившојугословенските простори беа котило на нарцисоидни деструктивци. Самите недопирливи што ја рушија, сега најмногу плачат по неа...

Рефренски да повториме: катавечер веќе со години гледаме дебатни емисии за спас на Македонија и без исклучок, поумни и поубедливи се претставниците Албанци. За пратениците во македонскиот Парламент и да не зборуваме. Најдолното што го имаат Македонците таму

ни е истопорено. Не знае УДБА да избере или на други не смее и да се помисли? Градовите, населбите, селата или маалата кај што живеат Македонците пропаѓаат во депресивно сивило и вјавната беда, а во местата кај што Албанци живеат, реонот се капе и свети во богатства од дуќани, стоковни куќи, камиони и секаква механизација... Тоа ли се заостанатите Албанци за кои пред години од некаде најгнасни вицеви доаѓаа и кажувавме? Тие се држеле, ние не се држиме. Бре, мајката. Ако ние не се држиме, никој на земјава! Ако ние со свештена покорност не ги поддржувавме Љубчо, Бранко или Никола, никој на светов. А, тие, уште на дрва што не не качија за нагледно да ни покажат дека навистина потекнуваме од мајмуни...

## 6. МЕРКАЊЕ СО ОЧИТЕ

Од сеопштото национално зреење што испукува преку предходните поколенија и се вика Сан Стефано, денес сме ние само македонистички горки плодови од болната гранка на болгарското етничко стебло. Да ги мразиме или да се самомразиме... А нема потреба од ниедното.

И нема на друго место помоќна драма за катарзично самопреживување во самостојна Македонија од катагодишното чествување на Трети март во скопскиот хотел Александар Палас организирано од Бугарската амбасада. Од ништо, а од секаде, секој присутен на прославата го напипува и само од себе го потресува внатрешното негово неистрошливо јадро како внатрешно сонце низ очи едни на други дури зрачиме пријателство или омраза. Ако веќе воопшто себе си и некому нешто сеуште значиме. Се бараме и редиме во полутемнина пред хотелскиот влез. Сигурно некако така избрканите од рајот изгледаат и се однесуваат дури ѓаволот што не не додавил се вртка околу нас. Оваа катагодишна прослава е токму тоа. Годинешна официјална средба со џелатот. Свечена процесија на џелатите и жртвите исфрлени губитнички од историјата во ладна хотелска сала што ќе ја топлат со заедничкиот здив едни и други в грла што ги дави и препотува, мешајќи се со испарувањата од вкусните деликатеси на преполните софри... Можеби телата на заедничките предци се испружени по недогледните маси за да штрбнуваме со чепкалки како нафора и се чукнуваме со чашите полни течно црвенило.

Можеби ваквите прослави на останатите македонски етнички заедници се протоколарно поугладени и со поголема гламурозност. Секој ден зацртуваат и спроведуваат "мерки и активности" и еднаш годишно славенички рекапитулираат колку откинале од имагинарното живо ткиво на македонските Болгари. А своите македонистички специјалитети самите мораат да ги поставуваат врз бугарската милениумска државотворна софра: писменост, црква и политичко организирање... Само колку тоа

бескрајно ги дразни и збеснува и ги тера на конспиративно работење. Прво против себе, а најмногу против вистината.

Заради овие три толку силни и живи кристализирачки чворишта (Чеслав Милош) на македонските Болгари врз безобличното селанско општество на македонската територија, и што им недостасуваат низ вековите на останатите македонски етнички заедници, антибугарство им е денонокна опсесија. Можат на целиот народ најжестоко да му всадуваат македонизам, при најголеми облаги и закани го денационализираат, но триножната бугарска идентификациска софра на вековите за сечие сервирање нерасклатливо си опстојува.

Едната ногарка од нерасклатливата софра е болгарската и сесловенската писменост уште од Борисовата и Симеоновата држава, втората е црковната организираност низ вековите преку болгарската Охридска архиепископија, на тие две нозе чекори болгарскиот дух низ вековите, за на крајот од XIX век, повторно народниот државотворен копнеж да ја востанови и третата ногарка од болгарската народна софра како политичка вообличена идеја за независна Македонија преку БМОРК, ВМОРО, ВМРО.

Длабоко свесни за овој недостижен идентитетски државотворен багаж што го имаат македонските Бугари, покрај резултатите од зулумите на турското владеење, македонизмот како жестоко антибугарство за повеќе од век и половина кој ја разори најголемата етничка заедница, преку фалсификувањето на овие кристализирачки чворишта од цела редица третокласници од Пулески, Мисирков, Конески и останатите македонисти, се стигна до трагикомичната безизлезност за нови три идентификациски столбови во македонската почва. И скриената антибугарска сепаратистичка линија, немаше каде, на видело како официјална државна идеологија го зафати изведувањето на грандиозниот државен дебакал "Скопје 2014"! И помина малку време, и веќе си го видоа ефектот од сопственото антиевропејство преку сопствениот автогол

заради кое сме ставени пред ѕид од ЕУ и НАТО за менување на името на нашата држава.

Во утробата на салата како во мајчина утроба, на македонистичките едиповци од нашата близина садизмот им проработува и никаков надворешен гостин и гостинско око не е способен соодносно да го види, спореди и го исчита ниту нашиот мазохизам, ниту македонистичкиот садизам од емотивните судари на нашите погледи со нивните...

На збунетиот бугарски амбасадор и исплашените без причина негови соработници убаво им доаѓа топлината од некоја енергија што не можат да определат од кај им доаѓа, гиликливо детски што ги засмева и тера непрестано да прават со многумина селфи. И пред да кликнат, одзади однекаде сетики некој од неколкумината каракачановци што се мафтаат низ салата ќе подаде глава. Само протоколарно дојдените албански гости нашите заморно емотивни енергии ги заобиколуваат и опуштено отсатни си подмезнуваат од вкусните деликатеси.

В крпче ни е врзано македонистичкото антибугарско обвинување дека Трети март е великобугарски сон иако Сан Стефано е само индивидуален извик од грлото на нашиот предок, бугарскиот неколкувековен потисник за човечко самосоземање и долготрајно генерациско вежбање на гласот по европската музичка скала. Од македонизмот како антиевропска појава пар екселанс ни е строго забрането вежбање на европејството, а најмалку кон помислата за ослободителните плодови од Сан Стефано.

Србија во време на Сан Стефано е веќе три- четири децении слободна, а сеуште поробените Болгари од Ниш надолу наместо да бараат помош од Белград или од Атина, се самоорганизираат за саможртва колку што знаат и колку што им дозволуваат приликите. Каков поголем аргумент за бугарската самосвест на нашите предци за сегашниве наши македонистички прокрустовци околу нас ѕверено што се врткаат.

Без Сан Стефано не би го имало ни Кресенското и Разловечкото востание, БМОРК, ВМОРО, ВМРО и првиот Илинден. Без односот на нашите предци кон Сан Стефано и веднаш потоа Берлинскиот конгрес, би ја немало ни самостојна Македонија. И покрај Берлинскиот конгрес, Сан Стефано ни е европскиот компас и второилинденските Асномски превратчии повеќе цивилизациски да го почитуваа, сега барем како Славомакедонци ќе ја немавме колективната главоболка да го менуваме името за пак некако, да сме, секогаш сме биле - европејци.

Да не беше тоа мое лично творечко самоослободување кон Сан Стефано, како баба Рога од македонизмот преку школувањето наметнато, и од мојата скромност никогаш не ќе протечеше определено моја нарација и никогаш не ќе пропишев. Не треба да одам далеку, Сан Стефано и да не е историски датум и победнички топос од руско-турски фронт некаде таму далеку одовде пред Цариград, преродбенството е случена колективна волја во срцата и сознанието на нашите неодамнешни предци, и сите запустени села и цркви од мојот гостиварски крај што сум ги шетал се градени и возобновувани токму во таа Санстефанска декада меѓу 1870 и 1880 г. Нема и ниедна полошка црква не е посветена на Св. Сава, а градската тетовска црква е Св. Кирил и Методиј. Знам дека истото е и низ Македонија, освен Небреговско црквиче Св. Сава за кое што Блаже Конески пееше “и со плеќи би го држел да не падне“, веројатно насила и отпосле преименувано на српскиот светец, од вујко му Григорије Соколовиќ.

Наследството како бугарска симбиличка препознатливост на македонската територија и далеку пред Сан Стефано и по Сан Стефано е врзувачкото симболичко јадро на веќе имагинарните македонски Бугари без нови големи општествено историски фигури, но по чија шаховска табла сеуште се игра во Македонија затоа што правилата им се најевропски. За Европа нема ништо спорно од Сан Стефано до првиот Илинден. Европски спорно е од Вториот Илинден наваму со неговите повоени, југословенски и сегашниве од назависна Македонија актери.

Љубопитно и незаборавно е да се присуствува и да им се ѕирка в очи на Санстефанските губитници кои што сепак собрале храброст да дојдат на Третомартовската вечер. Сеуште македонизмот нема изнајдено начин за освојување на нивниот живот со шепот. Погледот, сето што им кажува, не се освојува, а останатото можеби е недостојно и за спомнување во животот...

За едни ден за празнување, за единовците ден за доклади. Да, да, тие се професионалци. На работно место се и одработуваат за оние што триста и шеесет и пет дена не обработуваат. Ова им е гумното на родените за зло. Денот за мерки и игри со очите. За земање мерка од око. На ачик и пред сите. Одвреме на време и јас ги погледнувам, знаат дека им се плашам, со немоќта дека се бранам, не знаат со немоќта коклу можам да издражам, тоа и јас незнам, а ги гледам заради нивниот свечен занес во лошото и в сон како што не би ги видел. Со рацете прекрстени пред себе и чест поглед во подот што ни се ниша повеќе од она в уши што ни надоаѓа отколку од забележаното... Небаре сме во преполна сала на сериозна музика во која што веќе нема слободни столчиња и замаено од на нозе ги следиме назуените музичките крици на напакостеноста.

Целата сала е огромен небаждарен кантар... и никој неупатен не може да го почувствува нашето непогрешливо меѓусебно премерување. Овде само правилата на омразата и презирот се вечни. Ова утре на куп го нема... За тоа и доаѓаме. В очи да се видиме. До каде заеднички сме стигнале во невратот. Некогаш од погледите на ситење им читав: ние сме пред невратот, сега пак моето премерување од око ми вели, и на ним им нема спас... Овде и да дојдеш, се знае зашто си дошол. И да не си дошол, се знае зашто те нема...

На првите години од македонската независност доаѓаа многу македонисти на бучно третомартовско дружење. Како врват годините, секој нов Трети март се помалку ги има. Најдобар доказ за таа една година колку допропаднал македонизмот. Заеднички колку сме клекнале. Лаги, лаги, лаги, од лагата белким нешто ќе остане. И остана. Нашиот сеопшт

пораз. Испарува од нас живите препотени беспотребно во салата што не можеме со здив да ја стоплиме. Ние: македонските Бугари, Хунзи, Калаши, ендопи, славомакедонци, Македонци (со големо М), мнозинството од населението, како сакате наречете не... Ние губиме.

Од долгата полна маса како отворен колективен стомак на македонските Бугари, кружи околу рефлекторите дестилатот на омразата по кој седумдневно, дваесет и четири часа работи лудилото на македонистичките лузери. На македонистите, удбашите или србоманите, народот како што ги вика и што се врткаат околу нас, дури од глава не им излегува на кој начин да не купат. Со лошо или со арно. Се им стои на располагање.

Врз нас, врз себе, губитниците и во војна и во мир, до војната 2001г. го правеа пресметливо, со лошо. Купуваш, вежбаш и низ манифестна посветеност како религиозност исповедаш едиповство во тебе дури не ти проработи до автоматизам. Прави и чини што повеќе против Бугарија и секој во Македонија што ја замразува, вратите на рајот му ги отвораат. Стануваш македонист. Како гордо тоа звучи. Од губитник во војна, прејдуваш меѓу избраните победници, во губитници во мир. Од мазохист во садист. Портата на премин од македонски Бугарин, од мазохист во македонистички садист е едиповството. Македонистичката воајеристичка клучалка. Едиповскиот тунел меѓу прејдените и непрејдените низ кого се гледаме како низ крива макарона. Тие нас како мазохисти во пеколот, ние нив во садистичкиот рај. Некого една година го гледаш до тебе, другата година се префрлил во перспективните и зенгините...

Целата историја на српско-бугарските односи е бескрајно долг садомазохистички процес или, српско- бугарска садомазохистичка смртна прегратка од која немаме сили или нејќеме да се откинеме. Неможат да ни направат толку зло колку што можеме да издржиме, таа е нашата втора природа и заеднички да не пропаѓаме, на ваквите воспоставени односи и не би помислиле.

Протоколарно присутните Албанци не ги допира нашата будалеста игра со очите. Занесено загледани во некој нивни свет дури спокојно си мезат, околу нив од нас никого и не забележуваат...

Поразот е сето што претворивме од времињата и вековите компримирано кое бликнува како парастос за иднината што ја искоцкавме и испоганивме до што од минатото дофативме дури боцнуваме од преполнетите софри со од пиле млеко. Софри на вековите од нашите испружени предци... Ни ги поставиле и наполниле. И ги нема... Штипкаме и цвакаме околу нив ние навртените и се чудиме како воопшто не се празнат. Македонистите не би биле македонисти да не пуштаат по некое влакно в јадење, но не можат софрата да ја згадат. Судбина. И на нив ова им е дедовина. И мезат и се смеат и мезат и ни се смеат. И мезиме и им се смееме... Е, што стомачна работа треба за овие јадења во утрешни лајна да ги престориме...

Се видовме и со тие што треба и со тие што не треба и најадени и поднапиени ја напуштаме Третомартовската свеченост со чувство дека нешто под сјајот на канделабрите ни недостасуваше.

Притресувајќи се излезени во темнината, се потсопнуваме на ништо. Веројатно на никогаш непотрошливиот збор, љубов, кој што и овој пат не ни слета од светлината на канделабрите на рамена.

## 7. ИГРА СО СИМБОЛИТЕ

Есента 2016г. слушнавме од градските власти на Белград дека после името на улицата Охридска, го смениле и името на улицата Гоце Делчев. Во сроченото кусо образложение со мек дипломатски јазик, што е за пофалба, беше наведено дека српската општественост Гоце Делчев го восприема како еден од основачите на бугарска организација со антисрпски карактер и наспроти тоа што во некои средини таа историска личност ја слават и величаат, неговото име не заслужува да носи име на белградска улица. Попрецизно и појасно, здравје.

И, како и секогаш од наша македонска страна... Злобно некадарни како мрзеливи снаи дека сепак, многумина знаат колку пари чинат, на нашиве интелектуални шупелки до толку им пресечува дека баш на создавачите на македонизмот не можеш да им продаваш македонизам, па се обидоа да ја вртат работата килаво и одвратно недоречено колку да се каже дека веста е примена на знаење. Нашите медиуми и македонистичките интелектуалци ден и ноќ што симулираат аутизам терајќи по свое и не отераа во овој ќорсокак, како секогаш и тогаш, не понудија одговор освен дека и понатаму со своите белградски пријатели тие ќе одржуваат пријателство. Како сами тие да имаат во Србија пријатели...

Оваа изјава, за нас е болна затоа што во основа е вистинита и со Белград, барем во овој случај имаше можност за поопстоен разговор. Преку овој потег, Белград од нас тоа можеби и го очекуваше. Децениската војна во деведесеттите години од минатиот век на бившојугословенските простори одамна е минато и ни предстојат отворени, само на прв поглед болни, но во основа исцелителни разговори. За сите...

Две години пред македонскиот вооружен конфликт во 2001г. пред дваесетина години (1999), ја објавив книгата “Обеди ништожност“ и предизвикав невидена хистерија од македонистичката јавност кон себе... Македонистите што врескаа против мојот копнеж за помирување,

набрзина добија војна и рамковна Македонија. Не требаше посебно знаење и ум, тогаш тоа што сум го напишал, со рака се фаќаше низ Македонија. Ќе повторам, пред четврт век беше пет до дванаесет за да се избегне катастрофата што зина пред нас и народот тргна по Љубчо Георгиевски. Сега, по повеќе од дваесет и пет години македонска независност, дванаесет и пет е за откинување од Никола Груевски ако воопшто се измолкнеме од сеопшта катастрофа.

Хегемоните никогаш не седнуваат доброволно да преговараат со послабиот или со оној од кого сметаат во моментот се појаки и од благовремено непревземените видовити компромиси од кои сите подоцна многукратно добиваат, тие помирувачки потези секогаш се случуваат по долготрајни судири кога завојуваните страни се достаточно финансиски, ресурсно и човечки обескрвени.

Компромисерски долготрајни преговори еве со децении се во тек по десетгодишната војна во деведесеттите години од минатиот век меѓу бившојугословенските републики, сега самостојни држави...

Од такви неслучени разговори барем за човечко и граѓанско помирување и по еден век меѓу Србија и Бугарија по Балканските и Првата светска војна, испакнува како видлив дел од сантата мраз токму и прашањето за преименувањето на белградската улица ГоцеДелчев...

Во минатите над сто години многу нешта се случиле во балканскиот епицентар на проблемите и веќе четврт век суштествува малата независна република Македонија. Младата државичка за овој четврт век не изнајде сила предвреме да превземе само на прв поглед компромисерски, но далновидни чекори за нејзиното суштествување и развој и проблемите за нејзината стабилност како сега да фаќаат замав.

Сегашните додатни надворешни, моќни притисоци врз целиот регион, како мигрантската криза или исламскиот фундаментализам, бараат од сите само повеќе втренченост и меѓусебно вслушување при

разговорите. И непрозван, а самоповикан за отворен разговор, пак ќе се потрудам никого да не навредам.

Проблемот на самосоочувањето со себе стои пред секоја општествена и културна средина и Србија најмалку на Македонија треба отчет да ѝ дава што и како ќе работи. Поттикнати од потегот за менување на името на улицата Охридска, па улицата Гоце Делчев во Белград, редот на работите сами тераат да помислиме дека српската општественост како меѓу себе сеуште да нема извагано дали нас не сметаат за воен плен или пријатели за соработка.

Ако самиот збор Бугари, бугарско, бугарство го сметаат за закана, навреда или непријателство, проблемот е само во нив. И само во тукашните македонисти. Ќе скршам нечиј атер или не, но бугарството скоро два милениуми е тесно врзано со Македонија и неговото спомнување од кожа што ги вади нашиве македонисти исто така е наш македонски, внатрешен проблем. Ниту за срамење, ниту за фалење.

Една територија може да биде завладеана, окупирана или држана од други луѓе по насилен пат, може да биде населена на мирен начин и со мигранти и со колонисти, нејзината етничка слика релативно и нека ѝ се промени, но на таа територија ако останат институциите кои го отсликуваат карактерот на населението и нивната макар веќе и изгубена државност, таа е долго време само завладеана територија.

Територијата на денешна Македонија за тоа е нагледен пример. Низ времето од разни завојувачи завладувана, но преку цела наслага на македонските векови продираат бугарските институции формирани на таа територија од раниот среден век кои духовно, со различен интензитет, но без прекин зрачат до Втората светска војна, го отсликуваат карактерот на нејзиното доминантното население, а територијата симболички јаословуваат како бугарска земја. Останатите околни и не само околни народи ја запоседнуваат за подолго или пократко територијата на Македонија, но на неа одвнатре само нејзиното доминантно славјано

бугарско население го гради идентитетскиот мејнстрим што им недостасува на останатите околни народи за историски да речат дека Македонија е нивна. Затоа е манијачката потреба од останатите народи околу Македонија од митотворења, накалемувања или грубо фалсификување на фактите.

Првото бугарско царство, старата Бугарија, првата национална држава во Европа е од Борис I до Самуил, од 679 до 1018. Цели триста и педесет години непрекинато бугарско државно управување на сегашнитре македонски територии но и пошироко на балканските територии. Ова го нема во македонските учебници. Денешнте македонски генерации го немаат сознанието за нивното народносно формирање од VII до X век, а им се предава ефтин македонизам дека се неосознаена народносна маса која во XIX век е подложна на пропагандите.

Или кажано со омилениот збор на Мисирков и на денешниве наши македонисти, "бугарската пропаганда " овде се изведува и завршува одамна, пред повеќе од два - тринаесет векови, не во XIX век. Најголемите бугарски "пропагандисти" се високодржавните царски чиновници платени од Борис I и неговиот син Симеон: Климент, Наум, Сава, Ангелариј...

Во тоа далечно минато од истиот тој цар, Борис I, покрстени се нашите пагански далечни предци. Тогаш е формирана Охридската архиепископија, со првиот нејзин бугарски епископ Климент. Тоа време е изградена со царски пари на Борис "Св. Софија" во Охрид како соборната црква на Охридската епископија на Бугарите (нејзиното полно и изворно име). Тогаш се изградени на Плаошник во Охрид објекти на Свети Климентовиот универзитет. Тоа се трите столба на древната бугарска духовност во Македонија на кои со векови јасно ѝ го определуваат карактерот. Или идентитетот, како сега е во мода да се рече. Државната организираност, духовната организираност и образовната организираност ќе зрачат низ вековите до денес... Ете го во една реченица изведениот и извршен државнички процес на национално вообличување и

хомогенизирање на славјано болгарско население како понатамошен препознатлив општобугарски организам низ вековите.

Кој сака да ја види, ја гледа. Дури и Мисирков. Многу разбирлива, многу сватлива и многу едноставна е државотворната тогашна од пред единаесет векови "бугарска пропаганда" која македонизмот сака да ја префрли дека се случила илјада години подоцна, во деветнаесетти век. Нема, нема бугарска пропаганда во Македонија во XIX век. Има само грчка и српска пропаганда. Обратно, "бугарската пропаганда" од нашиве македонски краишта со векови "се извезува" во останатите бугарски предели.

Само за неупатениот и злонамерниот треба да е чудно што бугарското национално сознание е толку силно присутно и во XIX век меѓу македонските Бугари. Тоа не е разултат на "ноото течение". Тоа си е старо бугарско течение длабоко над илјада години и од Македонија како духовно неделив регион од општобугарската етничка целост и Охрид како негов бугарски образовно духовен епицентар.

По клучниот пораз кај Беласица, бугарската држава дефинитивно пропаѓа по меѓусебните братучедски пресметки меѓу Самуиловиот и Ароновиот син. Византија ја завладува бугарската држава што опстојува три и пол векови од Борис, до Гаврил Радомир и Иван Владислав. Во документите од византиски извори и историчари нема никаков сомнеж која држава поразиле, на кои војници нивниот Василиј II (Болгароубиец) очите им ги извадил и кое население завладеале.

Државниот, најсилниот од трите народносни столбови пропаѓа но останатите два, кирилската писменост и црковно клерикалната организираност даваат жилав отпор и целосно не пропаѓаат пред завојувачите. Логичниот отпор за изгубената дотогашната народносна заштита се многуте народни востанија како одговор на византиските жестокости, но најголемото црковно интелектуално спротивставување е

прочуеното Богомилско движење, средновековна бугарска еретичка чудесија што се проширува и на голем простор низ Европа.

И Србија со векови е во бугарската држава, ви велеше дури и Мисирков. Немањиќите ја завладуваат Македонија во четиринаесеттиот век и бугарскиот народносен елемент за нивното владеење над сто години не се губи. За тој еден век, сите Немањиќи се крунисуваат со титулите, Крал на Срби и Бугари. На црковен план, покрај Охридската архиепископија, суштествува и Пеќката патријаршија во која црковна организација е силно бугарското влијание. Нејзиниот прав наслов е српско бугарска патријаршија, а на владичкиот престол имаат седнато дури седум патријарси етнички Бугари.

По битката на Марица, Македонија е освоена од Турците. За православното население овој петвековен турскиот период е најдобриот показател за бугарското сознание на населението. Името Македонија за овој долг петвековен период не се споменува. За историските документи што да се каже? Милиони се. Уште еднаш - милиони! Помало или поголемо, во кое балканско грдче да појдете, во кој архив ѕирнете, во која збирка или библиотека од која било балканска држава да загледате, секаде ова население е булгар милет. И навистина, навистина треба да си се само не научник, како нашиве македонисти за да прејдеш преку сето ова, преку сите планини документи, да ги негираш и да продолжиш да се сметаш за научник.

Во XIX век попушта турското полумилениумско владеење и желбата за обновување на трите народносни столбови и бугарскиот идентитет на најбројното население на овој простор повторно зема замав. Преродбата. И повторно нашата преродба започнува од регионот каде што трите народносни столбови пред повеќе од еден милениум беа поставени и зрачеа бугарство низ вековите. Што да се прави? - велеше разочарано Гане Тодоровски.

Децении и децении пред повторно да се возроди современата бугарска држава, токму од македонските региони и нивното бугарското население нашироко и несопирливо тргнува процесот за учење по училиштата на народен бугарски јазик, а токму од Скопје, но и од другите македонски градови започнува и антипатријаршиското движење за повторно обновување и добивање на своја бугарска црква што и ја добиваат со царски ферман 1870г.

Двата столба од неизгубеното бугарско национално сознание низ вековите закрепнуваат и останува возобновувањето уште на третиот, најтешко обновливиот, државотворниот столб. Тој столб ќе се воздигне со формирањето на БМОРК, ВМОРО, со што и политички ова население се организира околу политичка програма со јасни народни тежненија.

“Внатрешната Македоно - Одринска Револуционерна Организација има за цел да ги сплоти во едно цело сите назадоволни елементи во Македонија и Одринско, без оглед на народноста, за извојување на полна политичка автономија на тие две области.

Само каков вообличен изблик на толерантност и европејство од водачите на измачениот народ. Каква Преамбула! Или член 8: “За постигнување на оваа цел, Организацијата се бори за премавнување на шовинистичките пропаганди и национални расправии кои ја цепат и обезсилуваат“...

Во XIX век врз македонските Бугари има само српска и грчка пропаганда и немерливи, дури одлучувачки се претрпените штети што му ги нанесуваат овие две пропаганди на потлаченото население кое што порано не стигнува до своја автономија или држава.

Србија и Грција победнички во 1913г. ја делат територијата на Македонија, доминантното нејзино бугарско население е подложено на невидени маки. Во Грција населението е систематски уништувано, тоа е посебна тема, но резултатите од српската денационализација и на оваа

територија се слични. И денес, секој што живее во самостојна Македонија, знае дека таа е сенешто, само не и Македонија со доминантно македонски Бугари во неа. Обезбугарувањето на населението, како што велеше првиот наш председател, Киро Глигоров, е веќе завршено и на државните пописи не повеќе од две-три илјади граѓани се изјаснуваат како македонски Бугари.

Победничкиот македонизам како официјална идеологија во федеративна и сега во самостојна Македонија ги преименува македонските Бугари во Македонци, а самото спомнување на зборот Бугари, бугарско или бугарство до скоро носеа огромни непријатности, поточно, до изгубената војна на македонските вооружени сили во 2001г. од албанските паравоени формации и потпишувањето на мировниот Охридски т.н. рамковен договор. Одеднаш префалената Второилинденска, АСНОМСКАТА или удбашка Македонија губитнички си го подви опашот и се престори во т.н. рамковна Македонија. Денес Македонците во независна Македонија се само најбројната етничка заедница во државата која барем гласно веќе не 'ржи на Бугарија.

Немајќи доволно свој српски национален супстрат, а неможејќи одеднаш и да ги посрбат македонските Бугари, српската пропаганда во Македонија преку македонизмот на секој начин мати најбројното население по никој начин да не е само бугарско. И по сите пројавени манифестации, најбројната етничка заедница веќе навистина не се чувствува како македонски Бугари. Но, нововостановениот наш оспоруван национален идентитет ни создаде дополнителни проблеми со името на државата. Со подвалувањето наречено македонизам се најдовме во губитничка, безизлезна состојба.

Охридскиот рамковен договор беше македонско болно трезнење од македонистичката пијанка, тоа ја разбуди колективната националната амнезија кај народот и обичниот човек го сврте погледот кон македонистичката интелигенција дека нешто зад грб наголемо му работела и му работи...

И она што само во четири очи се зборуваше и тајно што се фотокопираше, од кое коските ни се тресеа, за кое мрачните сили претепуваа, бркаа од работа и летаа човечки глави, како што го убија нашиот близок пријател, сјајниот човек и новинар Љупчо Анастасовски, при губитничка немоќ на македонизмот, почна послободно да се зборува. Од демократскиот провев што ни го создадоа Албанците, нашите македонисти од несносливо арогантни и глупави, одеднаш се престорија само во добродушно немоќни будалетинки. Еве со децении такви жално смешни по телевизиите ката вечер ги гледаме инфериорно засрамени како муцаат со албански виспрени соговорници...

Под притисок на јавноста од очигледното губитништво по воениот конфликт од 2001г. и сеопштиот македонски безизлез во независноста, антиевропските сили на "ноото течение" мораа нешто антиевропејско да превземат...

Љубчо Георгиевски, последното големо и успешно удбашко манипулирање, го донесе Никола Груевски на негово место, на чело на ДПМНЕ и процесот за ново македонистичко рециклирање започна. Губитнички поларизирано поделената УДБА на софт македонисти групирани околу опозициската СДСМ, за Њујорк преку Белград, и позиционерите, хард македонисти, ДПМНЕ, за Москва преку Белград, се построија небаре на свиреж од свирче и како еден се сплотија околу Никола Груевски. И од тв А1, Утрински весник, МАНУ, писателите, до здружението со криви носеви... Немаше некој да не е за Груевски. Таков вмровец им требал, економист и прагматичар, а не идеологии...

И невидениот "економист и прагматичар" стартува. Енормните задолжувања тргнаа... Почна невидената еуфорија дека пак ќе се врати Македонија од "рамковна" во АСНОМСКА, пливнаа есхатолози со одговори на крајните прашања за човекот и светот дека ние сме најстариот народ, а светски авторитети за антиката како апсолутни незнајковци беа седнувани на македонистичката магарешка клупа.

Од под жито на видело ја извадија по сто и педесетина години белградската македонистичка игра. “Веда Словена“ се престори во државна идеолошка програма во сто чекори. Куката, ченгелот што ќе го држи народот од целосното осознавање за севкупно губитничко дереџе до кое е доведен е митот за славниот Александар Македонски.

Само со каква пресметлива конспиративност беше шушкан секој чекор од леењето, доаѓањето, криењето и поставувањето на бронзениот Алек. Ете зашто, дури и симптоматично, од скопскиопт земјотрес наваму, со децении ништо не се градеше на центарот и за кого тајно бил таксан скопскиот плоштад! Се чекал само моментот и одеждата вмровска под која камуфлирано ќе се појават...

Почнаа да ни предат приказни за Хунзите и Калашите, да ни носат “наши“ мургави кралеви од Хималаите, антиевропејството стана отворена реторика на власта, тргна преименувањето на улиците, аеродромите, на стадионите, почнаа градителското безредие “Скопје 2014“...

И како што сме сите заедно една шепа ѕверен народ, заличевме на случената бизарна авионска катастрофа од пред неколку години кога болниот несреќник, помошник пилотот на полната Луфтханза со патници, се домогнал до пилотската кабина и свесно авионот го удри од Алпите. Ако на пронајдената црната кутија од авионот, сосема нормално, се слушале лелеци од немоќните патници, сложните македонисти на пилотирањето од Груевски насочено кон сеопшта катастрофа, манијачки аплаудираа дека така треба.

Малкумина бевме што не се качивме на последениот голем македонистички лет.

Опозициската СДСМ многу сака отворени дијалози, поголеми дрндала мајка не раѓа, и неможејќи преку Груевски да го спасат македонизмот кој од по Втората светска војна им носеше облаги, а убаво го сети за век и веков народот на плеќи, се фатија за единствениот

падобран - за спас на својата кожа. Тие што Груевски го фалеа преку сите медиуми дека таков водач на ВМРО-ДПМНЕ им треба, му ги извадија на видело тајните разговори од црните кутии за неговите криминали какви што и тие правеа. И, направија државна криза. Требаше. Требаше да се руши Груевски. Еве, доаѓаат на власт за самите својот македонизам да го расштрафуваат. Правда или иронија на историјата?...

Македонизмот како едиповство нема денунциска сила за згустена мисла на дијаболичноста како оваа на српскиот писател, веќе покојниот академик, Добрица Ќосиќ, "Добиваме во војна, а губиме во мир". Така испукува само добар автор. Останатото - многу пати видено. Со мисла достојна за една од десетте заповеди на Нечестивиот, прво се заразува самиот автор, а потоа нејзината опасна опојност како апсинт ја опијанува и заведува и средината што го говори тој јазик. Често големите автори стануваат повеќе од автори на книги за народите што се служат со истиот тој јазик штом не ги восприемаат единствено само како писатели и литература. Така е и со Светите книги... И се било до квалитетот на лудилото што не заведува...

И авторот на "Кога цутеа тиквите", српскиот академик Драгослав Михаиловиќ, еден вистински паталец поминат низ Голооточкиот пекол, загрижен за српските состојби, велеше дека на Србија не ѝ требаше цела Југославија. Србија е премала за управување на цела Југославија. Доволно ѝ беше само освоената територија од по Кумановската битка. Од по Балканските војни. Сметајќи кажал нешто умно, од него излегува нешто друго...

Авторите на малите народи и несвесно од средината во која живеат, попримаат во себе од митотворствата без кои не би можеле да работат. По тој лакмус големите културни средини ни ја мерат локалната наша обоеност. Како сила но и како слабост.

Студент бев и многу убаво се сеќавам на доаѓањето и овдешниот помпезен пречек на остарениот Стојан Христов. Во ѕвездените,

седумдесеттите години од минатиот век на македонизмот, нашиве удбашко интелектуални мешетари отпочеток успеале емотивно да го прелажат и го довлечкаа овде угледниот американскиот писател по потекло од егејскиот дел од Македонија. Како денес се сеќавам на воодушевувачкиот аплауз што го доби во преполната МАНУ кога започна со зборовите дека тој е единствениот од тука присутните кој го има видено Гоце Делчев. На велигденското празнување пред селската црква во неговото родно Кономлади бил и народниот Апостол. Во шајачна облека и чевли. Не бил вооружен.

На Стојан Христов му издадоа четири тома преведени од англиски на македонски. Книгата "Хероi и убијци" не му беше преведена. А таа книга зборува, сведочи и уште во првата половина на минатиот век од прва рака ја информира меѓународната јавност за борбата на македонските Бугари и нивната Организација.

Многу е јасно, угледниот нашинец од Америка набрзина сватил кај дошол и со кого дошол тикви да сади. За македонистичка несреќа, него не можеа да го уценуваат и бркаат од работа. Не влегувајќи во македонистичката, мисирковска шема на гледање на работите, како што го префалија, набрзина забошотија како да не дошол...

Иако спомнавме тројца стојносни автори, двајца српски и еден американски, со дела кои полека повеќе значат за историјата на литературата отколку за читателите, се навраќаме на Стојан Христов и на неговата тука премолчувана книга, но од пред некоја година и овде преведена и издадена на македонски. Неслучајно американскиот нашинец таа книга ја озаглавува како "Херои и убијци". Работењето без анастезија се брендирани постигнувања на западната култура и во широчината на вивисекцирањето како негово сопствено стојалиште, Стојан Христов е светлосни години пред спомнатите искажувања на Добрица Ќосиќ и Драгослав Михаиловиќ. Ретко, мошне ретко се наоѓа незападноевропски автор кој на едните и исти ликови од неговото милје им го гледа и признава и херојството и не им мижи на злосторството.

И така е. Витештво е да се дигнеш против насилникот, но земањето на оружје в рака е тероризам. Секогаш, секаде и под било чија униформа и знаме.

Гоце Делчев ретко носел оружје, во животот можеби и да не сретнал Србин, негово име на белградска улица не би требало ниеден белграѓанец да навредува, но тој што велел дека светот го разбира како поле на културен натпревар на народите е човекот кој најмногу работи на отворање на канали за прекугранично префрлање на оружје и тој го врши инспекциството на четите на Организацијата...

Не сум чул некој во меѓусебните српски расправи да рече Дража Михаиловиќ е и народен водач и убиец. Четниците биле српска народна војска, но и убијци. Некој преостанат југоносталгичар, особено поблизок титов соработник никогаш не ќе изусти за Тито дека беше и државен водач и диктатор, а партизаните и херои и терористи... Лесно е да се тера својата кауза пренебрегнувајќи го тежнението на другиот. Суштински проблем на сите власти и властодршци. Секогаш и насекаде. Европскиот суд за човекови права донесе одлука со која петокраката е прогласена како еден од симболите на тоталитаризмот.

Двете доминантни во дваесеттиот век разорувачки идеологии, фашизмот и сталинизмот, најчесто потопени во религиозна исклучивост до идеолошка непрепознатливост, риеле низ нашите дворишта. Кај нас не се работите толку јасно определени како во многу западни земји кои што не биле зафатени и од влијанието на сталинизмот, па таму полесно се определува дејствувањето само на фашизмот.

Кај нас и денес авторитаризмот сам со себе како амеба се дели само за да има со кого на нишалка да се клацка, колку да има отспротива противник за самите како џелати да се шверцуваат за божемни демократи и никогаш не прашувајќи се, како “нашата“ правда ја прифаќаат другите до нас.

Невкусност е петокрака на местото на педесет и двата сеуште неексхумирани велешани на Божик 1945, ниту личи лавче за развевање кај споменикот на стреланите Ваташки младинци и т.н. и т.н... Многу сакаме и не е на одмент бугарската држава да се извини за стреланите дванаесет ваташки младинци, но и нашава власт да им се извини на стреланите педесет и двајца велешани, многубројните идризовци, петтемина струмичани... Односот кон слепите точки и места на историјата со неразминираната разорна моќ што ја имаат, пред се е прашање на добра одмереност и преиспитување на нашата човештина. Потоа доаѓа знаењето и политичките одлуки. Тие се идеалните места за почеток на помирување од секаков вид. За поклон од нас сите.

Истата оваа морална дилема е нерешена и кај нашите албански интелектуалци. Под кое знаме дејствувале, виси над нашите албански сограѓани кои сега им издигаат споменици по родните села на локалните албански водачи од време на Втората светска војна.

Ако пред себе си ги преиспитаме нашите стојалишта кон нашите битни политички личности, има шанса за искрено меѓусебно наше балканско помирување. Оваа пред се емотивно сложена постапка на ѕирнување во херојството на другиот, за другите сами да се ѕирнат во сопствените злосторствата врз различните од нив, не значи релативизирање на работите. Хитлеровата демагогија не само што Германците не ги штитеше, туку и ги втурна во кошмар од кој сеуште се извлекуваат и за Хитлер нема зракче човечност што ќе го подосенчи.

Засега и не дај боже, не сме во таков кошмар. Воинствената логика е плитка: она што може да се стекне со сила, го стекнуваат и на тоа имаат право, а она до кое неможат со сила да дојдат, на тоа немаат право. Херојството е мерено и искажано спрема другиот, а со злосторството почнуваат од своите. Штом се моќни да не манипулираат, значи се и ополномоштени да не управуваат. Не со нивното лично право, туко со туѓото, стекнато од некого, со некого или од бога светото право да не угнетуваат, вака некако од кој знае кога, Маркс ми останал во умот.

Имаш ли сила тоа да бидеш, имаш и право, е логиката и времетраењето на едностраните вистини, па биле и македонистички. Сите народи на светов мирно нека спијат, нема геноцидни народи, има геноцидни идеологии. Времето и околностите клучно ја одредуваат секоја идеологија и на времето можеби има оправдувања кога некои личности се туркаат во заднина, но не и кога потполно се премолчуваат затоа што нивното енергетско полнење може друг пат со уште поголема сила да бувне.

Тодор Александров, легендарниот водач на ВМРО, во време на југословенството не смееше ни да се спомне, а тој е единствениот од нас, од ова племе кој е влезен во Енциклопедијата Британика. Да, да, ни Мисирков, ни Конески, ни Колишевски...

Разликата меѓу Тодор Александров, окружниот војвода на ВМОРО на Скопскиот революционерен округ, и основачите на Организацијата е што тој е десетина години помлад од нив. И судбински, нему, на Чаулев и Протогеров им се паѓа во новите, понеблагопријатни околности, при распарчената Македонија да го возобновуваат ВМРО, политичкиот субјект на македонските Бугари. Кој од македонистичките дрндала се осудува да вели Александров нема врска со "старото", демек, од турско време ВМОРО?

Во Балканските војни се судрува овдешново национално изјавено и политички организирано население со навлезените регуларни српски војски и започнува новата македонска мазохистичка етапа на издржливост од вежбањето на српска садистичка суровост врз македонските Бугари но и останатите националности. Резултатот се Тиквешкото и Охриско-Дебарското востание. За овие две востанија и над четири-пет илјади, главно цивилни жртви, два-три пати повеќе од Илинденското востание, се зборува само низ заби и кога се мора. И таа работа, како што изгледа, Албанците ќе ни ја истуркаат.

На тој масакар на над стоилјадната српска војска следува масакрот на четниците на Организацијата врз српските војници кај Удово, кога во една маглива ноемвриска ноќ 1915 г. е нападната српската касарна и потаманетите до три (?) илјади српски војници се фрлени во Вардар. Оваа, но и многу помали, мачни и мрачни одмазднички постапки од разните меѓу себе замразени страни мора без пардон да се извадат на видело.

Александров во кусата и содржинска енциклопедиска одредница на Енциклопедија Британика е јасно оцртан како "легендарен терористички водач на Организацијата на македонските Бугари и обожуван од народот до полубожество". Може ли поточно и понепристрасно. И која идеологија да завладее во Англија или во светов, овој одмерен енциклопедиски портрет на Александров од учените на Оксфорд и Кембриџ засекогаш си останува научно валиден. Зашто овој идеолошки прочистен став од сите прифатен во светот не важи само за српската историографија и за нашиве македонисти? За жал, што би рекол Блаже Ристовски. Сегашниов наш македонистички пораз самиот принудува на сите прашања самите да мораме да прозборуваме.

Историчарот Зоран Тодоровски кој работеше на Тодор Александров, дури и во телевизиски емисии, за неупатениот, најширок круг на гледачи, кажува за генерал Протогеров како во домот на армијата во Софија со денови игра билјард со српското воено аташе... За победниците од Првата светска војна, за големите светски сили на Антантата и нивните балкански победнички сојузници, само по себе е разбирливо дека возобновениот, но моќен политички регионален играч ВМРО е непријател кој треба систематски да се уништува. Губитникот Бугарија, со повторно организираните македонски Бугари на најзина територија, продолжува одвнатре да биде дестабилизирана...

Кругот околу всеотдајниот народен водач во митска широчина од антички херој до студен егзекутор, се стеснува... Александров е убиен под матни околности. Неговиот наследник, Иван Михаилов организира убиство на Протогеров. Дома, кај убиениот генерал, вечниот ерген

Протогеров, најдени се неколку милиони српски кралски динари... Расцепот во Организацијата започнува...

И денес, штом веќе се сакало да се организира партија што ќе ја носи таа историска кратенка за време на македонското осамостојување, од сите македонски фамилии со илјадници поддржувачи на Организацијата, ниедно звучно име од нив не било член во највисокото раководство на ДПМНЕ, освен Мартин Протугер.

Колективниот мазохизам восприемен во македонските Бугари преку поразите од востанијата, од делбите, понижувањата и неправдите како нивна втора природа, бликнуваат низ системско садистичко ѕверување на ВМРО под водство на Михаилов. На никому да не му се остане должен, на секого да му враќаат со мера со која можат. А, можат. Покажуваат дека можат штом другите се избориле за право ним да не им е право. Резултат од меѓусебните пресметки се над десетината илјади жртви од најумното и најспособното од народот... Одгово рот, на лошото со лошо, не го одминува и српскиот крал Александар во Марсеј.

Европа е вчудоневидена и вакви бескрупулни и всеотдајни терористи не може да не ги забележи тогаш пројавениот Хитлер. И каква иронија на историјата, она што не можат најспособните од народот во триесетина години четникување да го постигнат, одеднаш го постигнуваат: фирерот им ја ветува Македонија. Во Бугарија се случува воен удар од болешвички кадри во армијата. Организацијата која што никому не останува должна и секому прави белји, Иван Михаилов набрзина ја расформира пред навлегувањето на болшевичкото влијание на Балканот. И неколк у години пред Втората светска војна веќе е потполно организациски самопензиониран. Како мајстор на конспирацијата е недофатлив за ниедна за него противничка рака. Настрана од сите случувања, Втората светска војна ја поминува кај Анте Павелиќ во Загреб, стар пријател на Организацијата и добро упатен во положбата на потлаченото население во Вардарска бановина. Една деценија пред тоа, Павелиќ е адвокат на дванаесетте студенти во познатиот скопски

студентски процес, уште една тема која што на нашиве сегашни македонисти им стои в грло. По војната, Михаилов живее долг и повлечен граѓански живот. Живее во Рим, буквално под пенцер на ловецот на воените нацистички злочинци, Симон Визентал од Виена. Патува и во САД и Канада. Ја дочекува и смртта на Тито.

Многу слично е и албанското балистичко движење во време на Втората светска војна под фашистичко покровителство за една национална држава на Албанците. Но тоа е засебна тема. Меѓунационална. И како што стојат работите, неа Албанците ја внесуваат на голема врата, а ја немаат барем пред себе расчистено смешно чудната состојба и молчешкум да им дигаат споменици по родните села на фашистички колаборационисти и да бараат признавање на сторен геноцид врз нив.

Ние овде накусо ќе се потрудиме да го разгледаме нашиот внатрешен идеолошки судир. Бескрупулниот Ванчо Михаилов е далеку од ангел, со неговото залетување преку Хитлер до самостојна Македонија, тој ја компромитира и Организацијата. Сепак, проценува и знае да застане. Не учествува во Втората светска војна и го поштедува народот од големи меѓусебни судири. Но, тоа ништо не значи за победниците, македонските леви авторитарци кои до максимум го ползуваат Ванчо Михаилов по војната за пресметка со кого ќе им текне. И тоа трае со различен интензитет до судирот и поразот на македонските воени сили од албанските паравоени формации во 2001год. Тогаш македонизмот и воено губи на свој терен и од таа безизлезност веќе да неможе до бескрај патолошки од себе да бега, сега тој почна интензивно да се самофашизира. Од сакањето повторно да воспостави македонистичко гледање на Македонија, и самата држава ја доведе во прашање.

Ако фашизирањето од немоќ на ВМРО преку Хитлер да дојдат до самостојна Македонија или Македонија во склоп на Бугарија, сегашново наше македонистичко самофашизирање доаѓа од немоќта со нашиот поглед низ Мисирковата клучалка на гледање на работите да ги убедиме

и ЕУ, НАТО и ОН на нас да гледаат преку таа наша вистина за внатрешна употреба. Со еден збор, Македонија е перманентно фашизирана, нејзиното самофашизирање е наша природна состојба.

Изникнато чирче со запушени идеолошки канали, хемороид е на незгодно место на Европа кое освен што нема сили идеолошки да се самоотпуши и постојано гнои и пука, нашата оперетска трагикомичност е што нашата бессилност нема моќ Европа да ја втурне во нова студена војна.

И ако првиот пат фашизирањето на ВМРО маѓу двете светски војни е трагично, овој пат нашето удбашко, македонистичко фашизирање е трагично фарсично. Затоа потребата од толкавото македонистичко криење на своите прави намери и цели под костимографијата на некогашното ВМРО. Качулки, маски, маички… Жестока тепачка во Собранието.

До пред малку време, да можевме, ние македонистите Ванчо ќе го направевме поголем фашист и од Хитлер. Но веќе никој не наседнува на прочитаната и најпосле, отскриената природа на “ ноото течение“ и скоро никој не го спомнува името на Ванчо Михаилов. Доволно децении зад него и зад името на некогашната општонародна Организација се криеја. Токму нашиве македонисти не дозволуваа и денес ништо не дозволуваат за лошите работи на Ванчо Михаилов да дознаеме. Ние толку малку за него знаеме.

Всушност, ништо за него не знаеме. Но, не треба посебно знаење, доволно е да имаш три чисти за да се запрашаш: зашто Михаилов долги децении по Втората светска војна живее на Запад и таму никој за ништо не го обвинил? Во Македонија барем од Ванчо Михаилов сите се имаме оградено. И треба. А на Европа? На Европа очигледно ѝ е доволно од нашите инфантилни балкански јуначења и подмолно изесапените и никогаш недоплатените меѓусебни сметки. Со Ванчо, не се дораскусуриле. Тоа ги боли.

Сега Европа има “мисирковски“ поглед на “македонцките“ работи. Добро, еве, сепарирани сте, имате описно име на државата, самопрофилирајте се внатре. Нам и тоа ни е малку. Мисирков да е жив и сега да рече, како секаде што видовме дека вели, да, нашите предци се чувствувале Бугари, сегашниве мисирковци би го расчеречиле. Море, мајката, дојде време Младен да го брани Крлета Мисирков. Од неговите мисирковци...

Иван, Ванчо Михаилов од Штип, последниот водач на народната Организација е сеуште жива емотивна лава. Седејќи од него понастрана, уште многу време ќе помине дури некој виспрен докторант на него не се нафати да докторира. А, тоа сигурно ќе биде некој историчар од Западна Европа.

И мојата скромност има отслужено воен рок во Југословенската народна армија, па сите знаеме како “народно“ таа заврши. Најлесно е злото на нашата идеолошка злоба преку други да го шлепуваме и се самопрогласуваме за ангели...

Злобно самоподникнати од беспричинска лутина и не помислувајќи дека некој смее за нешто да им пререче, а не и да им се спротивстави, секогаш некако така сум ги доживувал југословенските, значи и македонските комунисти. Не сум бил никогаш член на ВМРО-ДПМНЕ, но сум бил член на СКМ. Со почнувањето на повеќепратизмот, сам појдов во Комитетот во Гостивар и го откажав членството.

Мојата крваво самоизборена слобода само јас знам колку ме чини, колку ми значи и како треба секој ден неа да ја бранам и наново да ја освојувам.

Знам, ми завидуваат на романите што ги напишав. И мене некој од пред нос книжевно да ми го грабнеше и на најширок можен општочовечки план да ги воздигнеше и обработеше травматично судбинските несвесни, свесни и подзатскриени тежненија, маки и радости

и комплицираните взаемни односи од македонското шаренило на народите, и јас ќе си ги кинев ноктите од завист.

Со мене нашата проза прејде од бледо неразбирлива, паланечко македонистичка, во европски саморазбирлива. Македонска. Потсвесно како да ме чекаа и да ми се подиставаа да јурнам од Вруток преку книжевно горливиот пат на творештвото. (Посреќна е состојбата во македонската поезија. Со десетина навистина добри поети, но за нивна лична несреќа - подобри се од Блаже Конески).

На над педесет години, кога поумни писатели и прекинуваат со пишувањето, без срам одбивајќи ме да бидам член на ДПМ, а секој ден да зборуваат за македонистичка широкоградост која што некако тешко им ја прифаќаат затоа што рогови наместо свеќи со децении се обидуваат да продаваат. Со долг стаж на примање подмолни удари од сите страни, и да нејќум, само ми се наметнува: левите ни за влакно не се подобри од десните. Сите заедно се едно, препредени злобници од нашите сокачиња со поминат рок на употреба...

По децении и децении кои одамна ги зацелиле раните на минатото и одамна ги стивнале емоциите, по најпосле восприеменото сознание за потребата од сепак, “нормални“ меѓусоседски односи, во Белград може Гоце Делчев да стои како улица, а белграѓанец да не се навредува. И в Скопје и не само в Скопје, туку и во сите балкански главни градови, не навреда, чест е да стојат улици со имиња на Светозар Марковиќ, Димитрие Туцовиќ, Зоран Џинџиќ...

Уставот на БМОРК нема ни сенка од антисрпство и мало чудо е од европската форма на политичкото организирање на македонските Бугари. Српската вооружена пропаганда е по Илинденското востание, тие имале “работа“ со други комити и други водачи, не со Гоце Делчев. И за таа тема кувет треба од двете страни за да се прозборува.

Како преддејствие, нека почнат од Македонија. Бугарија и Србија да ги избројат секој сторените жртви врз другиот и јавно, прегледно да ги соопштат. Јавноста е подготвена, ќе појдеме и ќе им се поклониме. На двете страни. Еве подготвен сум, на тринаесетти јануари, покрај Вардар со две цвеќа да појдам. Едно за Мара Бунева, едно за Велимир Прелиќ. На двајцата им клечам. И не само на нив, на сите жртви. Од постари датуми, до овие од понови времиња, од било која националност и од каква било идеолошка определба. Како Вили Брант пред гробиштата на жртвите на германските фашистички војници. Од воените жртви на македонската армија во Вејце, до гробиштата на ОНА во Слупчане...

Мораме, мораме да стиснеме заби и да ги деактивираме ваквите слепи точки на историјата со огромна деструктивна моќ, многу на нашава мала Македонија, а на кои никогаш нашите пиротехничари на духот не се ни обиделе и да им пријдат...

Затоа Гоце е релативно прикладна алка за наше меѓусебно и чесно поврзување. Во случајов, со српската општественост. Крајов, како и секој крај, дозволува и заклучок во кафеански стил. Албанците на Балканот ако најмногу сакаат да живеат сами, на Србите на Балканот најздодевно им е сами. Колку им е арно што мораат да живеат со нас, самите нека кажат.

Садомазохизохизму наш заеднички, наша втора природо, време е да се излезе, најпосле, од твојата смртна прегратка.

## 8. “СКОПЈЕ 2014“

Денес српско бугарските судири за и во Македонија се минато. Српството преку антибугарскиот македонизам победи, а република Македонија уште повеќе тоне во криза. Македонија иако не излегува или нејќе да излезе од кризата, со исфрлањето на Бугарите, еден од битните играчи за и во Македонија и извршеното со сите средства обезбугарување на најбројната македонка етничка заедница, некогаш тешко сватливите македонските работи веќе се соголени. Цела српска општествена јавност стана повмровска од нас овде.

Без Бугарија, македонската трагикомична хумореска во сегашните современи искричења за и во Македонија можеме слободно да ги дефинираме како македонистичко - албански, антибугарско - албански, србоманско - албански, удбашко - албански искричења. Или најлошото, антиевропско - албански. Во 2001г. воено, а сега и миротворно, македонизмот како државна идеологија си го најде мајсторот кај нашите сограѓани Албанците. Да не беа Албанците да го поразат, македонизмот можеше да се нарече идеален неказнет злочин. Но, беспочвениот македонизам не би бил жилав и убедлив ако својата ролја негримиран ја игра во нашиов македонски водвиљ.

Без некостумираниот и негримираниот македонизам во ВМРО, македонскиот проблем би се преупростил и свел на остриот и тврд косовски проблем од албанско - српски односи и судири.

Соголена македонска хумореска со во неа само постановка од српско - албанско “пеење и пукање“, и стварносно и театарски неубедлива е и затоа нашиов македонизам толку внимание посветува на сопственото гримирање до непрепознавање и преоблекување во туѓи костими. Влегувањето на разулавениот народ во македонското Собрание во април

2017г. беше под таков грим. Целото ДПМНЕ е таков грим и костим. Без оглед кој какви маички носел.

Албанците бараат во македонската дуо драма во секој поглед рамноправна улога со Македонците и не се подготвени на македонистичко маскирање. Маската, костимите и реквизитите на македонистите за претставите им се на дамнешните македонски Бугарски. Актерите на дамнешните македонски Бугари ги нема, избркани се или уништени, но со нивните маски и костуми полно мисирковци за двојници. Костимите веќе им се испокинаа, реквизитите из'рѓаа, УДБА си сече од десната ногавица за да си ја закрпи левата и обратно, а на сиромашниот македонски театар само македонистичкиот и албанскиот актер.

Зоран Заев, моментниот претседател на СДСМ и моментниот придвижувач на македонистичките паљачовци, политичари, полицајци или сите заедно - едно, економски и интелектуални македонистички криминалци, е новиот албански партнер од нас, најголемата етничка заедница врз шаховската табла на македонските Бугари по која со македонските Албанци (ќе) си ги одмерува силите... Тажно смешна е македонската специфика. Македонските Албанци мошне убаво знаат со кого играат, врз чија шаховска табла играат и по чии правила внатрешни и надворешни треба да играат. Затоа се непогрешливи.

Македонистите, всушност антимакедонци, се би дале и даваат, само да не пукне срам дека играле ролји по погрешни, сега веќе ачик видливи губитнички сценарија на македонизмот и зашто победничката македонистичка Македонија се намалува како Балзаковата Шаргиска кожа? Како на македонската етничка заедница да им објаснат што правеле изминативе децении? Се денационализиравме преку македонизмот, веќе не сме од 1944г. македонски Бугари и пак не им успеа. Ни дома ни надвор. Играа божем внатре на од себе конструирана шаховска табла, "по свое", по правила за внатрешна употреба за Македонски народ (со големо М) со посебна историја, со национални малцинства и дрн, дрн... Тие правила за внатрешна употреба вградени во првиот македонски Устав предизвика

вооружен конфликт со албанските паравоени формации. Со Охридскиот рамковен договор тој устав, Асномството или концептот на удбашка Македонија се руши, а на надворешен план треба да се менува името на државата? Зашто?

Не беше морално, но нужно беше. Затоа. Им гореше под нозе. Изгубија војна, граѓаниниите молчат, разбираат, и веќе не оди, требало - не требало, да се зборува лошо за "злијот дух" Болгарија, а од секаде сардисани... Губитничките македонисти, удбаши или србомани, како народов ги нарекува, се разделија на два дела. Хард македонисти, за Москва преку Белград, под раководство на ВМРО-ДПМНЕ со Никола Груевски една деценија на власт, и помалубројните СДСМ, софт македонисти, прозападно настроени, преку Белград за Вашингтон.

Немаше медиум кој не го фалеше Груевски. Од Тито Петковски, до Стојан Андов, немаше политичар кој не подмочуваше во негова поддршка. Она што никогаш не се случувало, Груевски во МАНУ магистрираше и превеаните старци, белокосите удбаши ерга омнес, во ред чекаа премиерот да им потпише книга. Секогаш кога на власт е ВМРО-ДПМНЕ се прават најголемите гнасотилаци. И навистина успејаа во македонистичкото единство за конечниот наш пораз. Не им успеа на (к)академиците на МАНУ во време на премиерувањето на Љубчо Георгиевски да направат ѕид меѓу нас и Албанците и да извршат размена на луѓе и територии...

Сега наново, пак под плаштот на ВМРО-ДПМНЕ, со Љубчовиот заменик Груевски, наново нешто колосално под жито подготвуваа. Со јуруш и голем дриблинг од колосален маштаб, Македонија да се обидат да ја вратат повторно од рамковна во АСНОМСКА и со сите асномски нишани како македонисти да не примат во ЕУ и НАТО!

Претходниците на Груевски и севкупната општествена јав ност, за што по нешто веќе потспомнавме, за деценија и пол независност веќе ја имаа подготвено овдешнава почва за новиот, (кој знае кој по ред) наш

идентитет и хард македонистот Груевски, јурна во (не)возможна мисија. Со штит или врз штит. Умерена линија кај него нема. Ќе го славиме како митски победник или ќе ни го вадат пред очи како факт од кого ќе вртиме глава? Отвори „студен“ фронт со Грција, од никаде излегоа плева “научници“ и книги дека сме жива антика, најстариот народ, тргнаа тв екипи кај наши заборавени родственици на Хималаите, ни го доведоа и нашиот мургав крал, и почна да се зборува за споменик на Александар Македонски во центарот на Скопје. Она што само се насетуваше и одеше како божемна фолклорна пропратност, одеднаш стана мејнстрим македонизам. Во времето на Љубчо Георгиевски и Васил Тупурковски прв пат не огреа знамето на античките Македонци, заизлегува весник “Македонско сонце“ што се престори во телевизија...

Зарем едно беше да се допамети... Првиот божем опозициски македонски дневен весник, Република, на логото ги стави Александар и Гоце. Античкото македонско знаме што го донесоа “нашинците“ од МВР, од “Димче Митрев“ б.б., набрзина, в парламент го изгласаа како државно знаме. И сето тоа пред очи на претседателот Киро Глигоров. Мудар, мудар, но и Стариот лисец во тие моменти покажа дека е Аланфордофски оптимистички дилетант. А што може друго да биде македонист? Еднаш блескав, друг пат недугав. Затоа не секое прво, наше е секое второ бетонско столбче. Или секоја завршена македонистичка работа е наш полууспех или полунеуспех. Состојба на средножално.

Ако Глигоров и неговата екипа (тие најубаво знаат кој се во неа учествувал), заслужуваат чиста десетка за генијалното дипломатско играње за нашето одржавотворување во невозможно комплицувани услови со референцата БЈРМ, истите тие со внесувањето на антиквизацијата во Македонија ѝ зададоа таков тежок удар на државата од кои и денес не можеме да се соземеме. Таа е трасата на македонска половичност. Наместо десетка, меѓу петка и шеска. Наше губитништво на долг рок кое за да се престори во победништво, Зоран Заев од сега ќе треба да го вози без да удри во ниедно крајпатно столбче.

Ние однадвор само слушаме и никогаш не го знаеме внатрешниот колективен дух на определената политичка елита, но на невидената престижна промоција на книгата на Васил Тупурковски за Александар Македонски во огромната преполна сала на МНТ, присуствуваа сите до еден, во тој момент битни општествено политички чинители од нашата млада држава...

Градителскиот проект "Скопје 2014" дојде како нормална стапка по разгазената патека од македонските интелектуалци од чиј што монструозен наум и реализација сега сите бегаат и допрва ќе одрекуваат дека во неговото идејно прккнување и физичко вообликување учествувале и помагале. Случајно ли Владата на Груевски во реализацијата на проектот гледаше на што повеќе новинари, научни работници, писатели и уметници да им даде барем трошка задолжение и хонорар, за така групно корумпирани, да покаже дека ете, проектот е резултат од колективната енергија на национално осознаениот народ, па на младиот бескомпромисен премиер не му останува ништо друго освен да ја материјализира бликнатата народна волја.

Тажно забавно, но не беше за смеење. Малку пред да почне проектот "Скопје 2014", еден божем воен историчар, вратен од бившата ЈНА од Белград во Скопје, наплеска едно луксузно книгиште за историјата на македонската војска стара пет илјади години или седум илјади години(?), а Македонската армија, при здрав памет, отвори во своите воени простории во населбата Аеродром, Историски музеј на македонската армија долга пет (или седум, осум) илјади години! Од НАТО ли или од друга страна, незнаеме кој (но некој сигурно им рече да престанат со нездравото будалеење) и помпезно отворениот Музеј за најстарата армија на светот, набрзина и молчаливо се затвори.

Зарем едно било, но ова потсетува на нашите писатели Остапбендеровци кога пред триесеттина години одеднаш им притекна (па набрзина застанаа), Папата Војтила ќе го примат за почесен член на ДПМ!

Оваа наша весела Остапбендеровштина, мои се идеите македонистички, а бензинот ваш удбашки, никако нејќеше да запре во свесно тргнатото самофашизирање на македонизмот од немоќта и безизлезот во кој се најде во новата држава.

Секој што ќе слушне за новата централбалканска држава, секој ќе се праша за идентитетот на народот во неа, а како да им одговориш дека таму живеат југословени без Југославија. Мора да се признае, описно, но зачудувачки точно ни е погодено сегашното име на државата.

Во тие, раните деведесетти години на минатиот век, кога сеуште е потајност крчкањето на стратегијата за прифаќање на нашиот нов идентитет во новата самостојна држава, јас направив за МТВ еден разговор токму на таа тема со професорката по античка историја, Наде Проева, и со својствениот нејзин темперамент, таа нејжестоко ги нападна ненаучните и штетни, тогаш сеуште поретки такви изјави. Но, по Циле, работите не одеа во тој правец...

Скопскиот “Утрински Весник“ наголемо се исфали дека воведува книжевна награда за македонски роман на годината. И од првата година - по удбашки. Наградата ја даде на неиздаден роман, “Александар и смртта“ од Миодраг Мицковиќ. Нашиот Бобо на жирито им доставил шапирографиран ракопис, ако нешто и воопшто им доставил...

Сеподржаниот Груевски со ДПМНЕ дојде на власт и веќе работата “под жито“ не смееше да чека... Палачите на амариканската амбасдада веќе станаа најголеми вмровци и под вмровскиот мандат треба да се прават и се прават најгнасните работи.Тргна и задолжи уште една деценија од опасности и закани. Не беше сигурно и дома, но најдобро беше дома да се седи...

Јуришниците на диригирано создадената еуфорија од наново откриениот наш вистински идентитет не седеа мирни. В град и најретко, по неодложна потреба и да се излезе, и да се избегнува колку се може

центарот... Но се некој од некаде се ќе се појави да ти се закани или опцуе. Бегај, Младен, бегај... Јасно е, ќе ти наместат беља и ќе речат, ене ги, меѓу себе се пресметуваат како во триесеттите години.

Особено им помагаше жена му на академик Блаже Ристовски. Ќе ме види, и ќе фати да вреска доодената бабичка Мери и се врти некој џандар во цивилно од некој кафеански стол да скокне и ја поддржи за мој групен јавен линч. И не била единствена во таа тактика и на власта и на опозицијата. Остарениот артист Илија Милчин каде и да ме сретне, ќе го пушти гласот колку го држи. Нема друго, бегај! Атмосфера само за "Скопје 2014"...

И државно оркестрирано фаќајќи залет, тргна севкупниот национален проект за наше ново национално себепреоткривање... Медиумската логистика деноноќно блуе колумни, книги, емисии за Персеј, Пердика, Олимпија, за Фичо II и Алек III Македонски... Аеродромот го прекрстија во Александар Македонски, градскиот скопски стадион во Арена Филип Втори македонски, преименуваа автопатишта, улици, булевари...

Е, да е жив Стефан Верковиќ, да се изнарадува како заживува како државен проект неговата "Веда Славена". А бе какви Албанци? Биле стари колку орлите? Нам, на Македоноидите, Господ преку видео спот ни се јави. Ние сме народ од еден од првите тројца луѓе кои што Господ ги создал. Наш е Аристотел, наш е Еврипид, наша е Клеопатра, наш е Јустинијан. Наш е Василиј II Македонецот и тој со Самуил Македонецот уште тогаш што водел братоубиствени војни и на свои браќа и братучеди им ги извадил очите. Зато македончето никако да тргне напред? Многу предавници, кодоши и непријатели има во своите редови. Кој не го прифаќа ова стојалиште е непријател и предавник. Ама сега, под водство на Грујо, еднаш засекогаш, прво со нив ќе расчистиме. Од нив ќе тргнеме, па потоа здружени, повторно ќе види светот со кого има работа... Виолета Ачкоска натипоса книга, "Предавствата и атентатите во македонската

историја". Од антиката, до денес. Или од Каин и Авел, сето што погинало, сето е македонско, до денес...

Можете ли вие, современици мои, да заборавите како нашиот државен врв го чекаше нашиот цар од Хималаите на скопскиот Аеродром?! Се заборава ли средбата на Владиката Стефан со неговиот и наш мургав цар, дојден кај нас на гости! Архиепископот ја вади од глава неговата ќамилавка и ја става шапката со пердув од неговото височество Газанфер на својата тимба.

Одеднаш, во скопското градско Собрание, неатрактивно за амбициите и вистинската неформална моќ што ја имаат, полно јавни личности, меѓу кои и Владо Попоски или Ѓорѓи Маријановиќ, се кандидираа и влегоа како скопски општински одборници. На прв поглед и симпатично, но целта очигледно е друга. Што побезшумно да го туркаат на мала врата многумилионскиот градежен проект во центарот на градот.

Македонизмот е хемороид на чмарот на Европа, тоа незгодно чирче изникнато на непријатно место кое што при блоковската европска поделеност само од себе загнојува и и пука; со небитната бенигност тоа не може да ја разори Европа и старата дама со голема толерантност како кон своја деликатна интима се однесуваше кон македонизмот. По нејзиното обединување, а оваа деценија додатно раздразнета преку Груевски, ЕУ и НАТО очигледно решија македонизмот да го стават под скалпел.

Груевски како наши премиер беше рассрдено крешчендо од севкупната некогашна македонистичка затеченост во југословенскиот лој. Одглас на нашето послушничко дување во иста тиква. Да издржиме, мораме да издржиме, ни е колективна мантра уште од првиот ден на Грујовото стапнување во Владата пред повеќе од една деценија. Неговата реторика и тврдост во ставовите, отворањето на "вториот студен фронт" со Грција и молчаливоста на неговиот албански коалициски партнер, Али Ахмети, не останаа незабележани. Особено од секое политичко лице што доаѓаше однадвор.

Има и мислења дека отворењето на овој "втор студен фронт " со Грција е наш меѓусебно договорен заговор за Македонија да се сведе на Република српска и остане и понатаму во корпата од српските прашања и проблеми. Како и да е, Грција не остана мирна. Распрдениот македонизам дури од неодамна виде што значи мерење на стаповите со етаблирана држава. Со едно перфектно излагање на тогашната грчка министерка за надворешни работи, Дора Бакојани за новонастанатите проблеми што тие ги имаат со нас, нивниот северен сосед, Европскиот парламент го сврте на грчка страна и пред европските официози веќе не поминуваат нашите селски итроштини, едно збори, а друго прави. Во грчка полза пред светот почна "да зборува" и нашата бронза и стиропор во центарот на Скопје.

Вештата грчка дипломатија проработе во полза и за првиот, постариот, потстивнатиот "студен македонски фронт" отворен со Република Бугарија веднаш по Втората светска војна. Она што бугар ската дипломатија со децении не знае да го формулира како проблем со Република Македонија и буквално во македонистичкиот спор имаше загубено, сега наново, како втора виолина, повторно има шанси да ја покаже својата недугавост...

Напрчено смешни како оперетски ликови, на нашите добро нафатирани македонисти со во себе тргичноста што ја носат од нивната прочитана длабока лага која веќе предизвикува само смеа и потсмев во околината, а нивната неразбраност за бегање од себе само нив самите ги труе и уназадува, им остануваат само плачливите со патос реплики кои болно од нив излегуваат и одекнуваат во македонската штама затоа што ете, не остана веќе достоен човек за нив да ги слушне и разбере, а камо ли, од нив и да се вдахнови. Ова не е народ, затоа него постојано некој друг го ќушкал, ова е џган непрокопсаници кои ја плукаат штедрата рака на власта која истура убавина во време на сиромаштија. Зарем за овој народ треба секојдневно дваесет и четиричасовно жртвување во седум дена од неделата. Скопје веќе деценија нема небо. Над Скопје во центарот се

раскрачил со по една нога од двете страни на Вардар огромен, гол удбашки задник и неуморно сере барокни згради и скулптури...

Освен што тргна насила да го прекројува нашето сознание, болно-фанатичниот македонизам забегувајќи од себе отиде толку далеку што со увезување и садење на палми низ Скопје и Македонија се обиде да интервенира и да го смени и растителното опкружување. Во населбата Аеродром пониетија и рајска градина со егзотични животни да направат....

Далеку од очите на јавноста, со загрепски "Јадран филм" е склучен договор тежок неколку милиони евра за ТВ серија под име "Македонија", од ни помалку ни повеќе, од 150 едночасовни епизоди! Серијата овие есенски денови 2017, од новата македонска Влада е стопирана да се работи и македонските граѓани и светската публика ќе останат ускратени да ја видат и во екранизирана форма "Веда Словена". Но, ѓаволот, велат е опасен дури не си го видел. Небаре пластична фигуричка од киндер јајце илјада пати зголемена, излеана во бронза и ставена среде Скопје, аматерски изработената скулптура на Александар Македонски застрчи и зачуди со неприкладната големина во однос на просторот и околните објекти. Околу бронзениот Ацо сето зајачи, зазвуче, пропрска и засвети, а само тој ни да мрдне и по втор пат не викне "за јуриш" по останатите бронзени лица што имаат чест да гледаат во подопашникот на Букефал.

Провинцијализмот е секогаш со огромен кувет и расипан стомак, самата грандиозност, за нас провинцијалци, е сам по себе достигнат успех и таа наша беспотребна претенциозност најчесто е показател за кичот како победник над апетитот и пофтата, над недоџваканоста и прсканиците.

Александар Македонски е закопан на Огражден, е закопан на Кожуф, е закопан в пештера, го донесле во буриња со мед, со урда, го чуваат ламји... и тргнаа трагачите на државен трошок по неговото злато.

Шумата од згради и скулптури во центарот на Скопје од ден на ден згуснува и само во Скопје може да се видат барокни згради кои се помлади од згради градени во современ стил.

Да понудеа јавен меѓународен конкурс за урбанистичко архитектонско решение на центарот на Скопје, денес неговиот центар виден и прочитан од најпрефинети градителски очи и буквално светски ќе запулсираше за многу помалку од досега фрлените пари. Но, во скопскиов градителски случај, такво нешто и за владата и за Груевски е наприфатливо по никоја цена затоа што на голем денешен градител и да му ставиш задача да проектира зграда во барок, тој со гредителската изразна сила и на таа стилска вежба ќе му удри свој печат како отклон и поглед од определениот историски стил на ова време.

Кензо Танге, можеби најголемиот архитект на втората половина на XX век, не бил никогаш во Скопје. И во најголемите негови гужви, само една година пред Олимпијадата во Токио 1964, каде што е тој проектант на Олимпискиот стадион, тогаш, многу јасно, во изградба, ја прифатил и потпишал урбанистичка концепција за постземјотресно Скопје. Нека ни биде простено што со скудна имагинација го замислуваме генијалниот Јапонец над скопската замјишна мапа. Само што го видел тлоцртот на нашиот главен град, со Вардар како даденост и тврдината над него, велат, советувал за градски кули како меѓусебен дијалог, допишување и намигнување на скопските векови со скопското Кале. Како подоцна е реализиран овој скопски архитектонски палимпсест преку Градскиот зид е друга приказна од специјалистите на таа област.

Со овој педесет години подоцнежен скопски градителски проект, се сака на Скопје нешто друго да му се протне и неговата затскриена концепција е сенешто, само не и плод на нашата невиност.

Оваа урбанистичка антиутопија, материјализирана мисирковштина завиена во митостворената "Веда Словена" е деценискиот македонистички безобразлук кој најточно го отсликува нашето работење

“под жито“. Ние нејќеме светска ракописна префинетост, ние сакаме намерна каша од битни ликови за овој простор кои намерно се измешани со оние кои што овде само прооделе или воопшто овде не ни поминале... Свесна разбушавеност за да не му се фати ни почетокот, ни крајот. Големи и сериозни теми за работа на разни специјалисти, за монографии на негативната утопија како триумф на ништото...

Овде, во овој градителски проект, ако овде воопшто и има некаков проект, не е постигнато најважното и најпотребното, сведеноста на целата материја во едно, на целиот проблем што се обработува до едност како единственост, дури до негова знаковност која што е формула на едноставноста, која што е најтешко да се постигне во уметноста и што ја постигнуваат само најголемите мајстори во своите најуспешни остварувања. На тоа самосведување како генеричко самооформување дури и воопшто во овој прескап проект не се ни мислело и затоа не е изнајден сопствен начин што ќе ги смири и помири низ високо артикулирана (во случајов) архитектонска и скулпторска елоквенција, со сила и смисла што ќе ја редуцира бушавоста, а ќе го искадрира и измонтира прочистеното во неповторливи доживувања и впечатоци. Овде сето тоа го нема. Секој дел и издвоеност од овој (намерен) калабалак, ако ова е воопошто накаква целина, си зборува и значи самиот за себе. Може, секако има и нешто и што отсконува, но во севкупната стиропорна аморфност и бронзена збрканост, подоброто тешко се издвојува.

Овде нема восхитувачко зинување од нападот на убавината врз сите наши сетила. Шетајќи низ центарот на Скопје, покрај кејот на Вардар и префрлајќи преку мовчињата, во нас проработува заморна зачуденост и хуморот со негова надмоќност како наша одбрана од околината што не ја примаат сетилата. Зарем сме толку духовити, си велиме, или сме само цангризави незадоволници? Зарем само нам сето ова скапо рингишпилско шаренило ни изгледа далечно и поддалечено кога врвиме покрај него одошто тоа истото како наш емотивен и ментален багаж во себе кога го носиме? Дури и скулптурите по мовчињата на нашите современици што

ги знаеме и пред некое време и низ центарот што сме ги сретнувале, ни изгледаат далечни и неинтересни, воопшто не скоривајќи ни сентименти по нив. Никакво наше проштално мрднување на главата кон оние како земни луѓе што не восхитувале, нервирале или кон кои сме биле безразлични...

Секојпат, да речеме, во Охрид, или било каде кога одиме, сакаме од некој познат или нов агол пак да пуштиме поглед врз убавината пред нас. Луѓето затоа сакаат да патуваат. Откриваат и преоткриваат убавина...

Оди двесте чекори лево или десно од реката Вардар и убавината како нормалност ќе те заплисне од Старата чаршија, Свети Спас или од Старата скопска железничка станица... Само во тој круг, во центарот на Скопје не се вртам до сопнување за пак да го видам градот од некој агол што се врежал во мене или во некои други професионалци: фотографи, камермани или сликари кои што пред мене некоја убавина од новоизградениот центар забележале и како достапна секојдневна уживанција ми ја сервирале...

Овој градителски проект го нема и заразното. Го нема, што велат теоретичарите на уметноста, јакото асоцијативно лепило. Нашиот поглед во бескрајната фрагментарност овде е наш поглед во искршено огледало кое не дозволува мисловно поврзување преку некаква знаковност, со некаков рез како во филмот, со пауза во музиката или со нова глава како во романот, за да се пређе или прескокне од една ментална присатност на друга, од еден објект или скулптура, на друг објект или скулптура.

Никаде ни трошка игривост во овој ентрописки концепт со незауздана форма и како ретко нагледно на друго место, форматот на експериментот на најдобар начин овде му дошол до глава на чувственоста и рациото. На саодржината. Шетај колку те држат нозе низ скопскиот центар кој што ни предизвикува непријатна празнина во себе како насликаните метафизички празни плоштади на Џорџо Де Кирико.... И кога ќе дојдеш дома, се чувствуваш како да си дошол од работа во рудник.

Оваа ода на подлоста како заморна црна утопија е здивено компонирана намера со прескапи матоци на инфантилноста, и ако фиреровата миленичка, Лени Рифенштал, направи документарец за "Триумфот на волјата", македонизмот среде Скопје колективно се самопортретира преку овој наш триумф на инаетот, на фанатичната непопустливост на нашето сегубитништво. На перманентното секташење. На заканите кон својот народ.

Последно нешто на кое би помислиле нашиве анахрони цареви на омразата е помирувањето. Не ги бива. И толку. Оваа тродимензионална онириčност на едиповштината им требаше за да го покријат изградувањето на Офицерскиот дом среде Скопје. За да го префрлат во него градското собрание, за да се венчаваат во него млади брачни парови... За засекогаш провинциски скаменето да изгледа центарот на градот. За секој ден пред Офицерски да го гледаме паркиран џипот на градоначалникот како го гланца неговиот без причина испотен шофер, за на ѕидот да стои потпрен велосипедот на чуварот врзан со коноп да не му го украдат, за претпладневно да ги прошетуваат газињата низ продавниците општинските секретарки дури дуваат по вештачките нокти...

Погледнете на интернет каква неповторлива градска сала на центарот на Рејкјавик имаат пред една година направено Исланѓаните? Погледнете неодамна каква сала во центарот на Грац имаат направено Австријците...

А ние? Безброј сали, саличиња и зградичиња, клозетчиња. Скулптурите лесно се тргаат и веројатно, набргу ќе се тргнат, а обликуваниот скопски центар ќе сведочи. ВМРО да го возобновува Офицерскиот дом во Скопје е како Евреите да го возобноват Рајхстагот на нацистите. Дури и да им се потшепнеше нешто слично од Белград, овде не се најде поразбран човек што ќе речеше, немојте, не бива да се возобновува таа неславна и од земјотресот 1963. урната зграда. Офицерскиот дом е симбол на меѓувоеното, жандармериското Скопје, тоа

е нехеројскиот период од вашта историја по овие земји. Таа зграда е компромитирање на вашите српски победи од Првата светска војна со кои толку се гордеете. Има таму многу умни српски луѓе кои, убеден сум, ќе ги разбереа ваквите зборови.

По замјотресот, во разрушено Скопје за прв пат по Втората светска војна, во време на развиорената "студена војна" меѓу блоковите, едно до други, на едно место, покрај војниците од други армии се и американските и советските војници. Заедно расчистуваат, заедно им помагаат на скопјани, заедно пијат... Но оваа историја како сознание на постземјотресно Скопје и Македонија не ја ползуваме. Наместо да се престориме во центар на помирувањето, на балканското и сеопштото, упорно ја играме ролјата на јаболко на раздорот.

Македонизмот нејќе помирување. Затоа што прво ќе треба да се помири со себе. И се наоѓаме дваесет и пет години како во расплетот од античките драми во кои прво ќе треба да си ги погледнеме преку едиповството нашите дејанија. Не стасавме да станеме Срби, веќе не сме македонски Бугари, а наскоро можеби не ќе бидеме и Македонци. Ете затоа молчи македонската интелигенција. Затоа што има нечиста совест и нема луѓе како македонистите кои толку многу ѝ се ситат на Европската унија кога не ѝ оди. Затоа што во нас болшевичкиот македонизам е авторитаризам, а како општествена појава сама по себе, антиевропејство.Тоа е нашата мака со која и по ѕвездите би врескале. А, за нашиот македонистички безизлез ни ѕвездите, ни Грција, ни Бугарија ни е виновна. Тоа е скриеното јадро на проектот "Скопје 2014". Безизлезот. Од безизлезот, од зорт доаѓа сподвижничката сила за по секоја цена тој да се реализира.

Пари за уметност и култура никогаш и никаде нема доволно и само во нашава препната држава, власта одеднаш истури милиони и милиони... Каква култура и уметност?! Преубаво македонистите знаат дека за нив како шверцувани победници веќе времето не работи и кожа треба да се спасува преку ујдурма. Во случајов, оваа градителска. И при нејзината

реализација најмалку е водено сметка за уметничкиот резултат. Авторите на нарачките наместо до несносливост да се перчат што успеале свој труд да имаат во центарот на главниот град, како од чума бегаат од медиумите. Овде, на неговиот центар, во овој симболичен густеж без почеток и крај треба да се брани и замаскира беспочвеноста на македонизмот. И слепиот да прогледа, а резилот да не ни излезе на мегдан.

За ова јадро на проблемот, подводниот дел од македонистичката санта на мраз бесцелно што плови и несопирливо што се топи, никој не зборува во испишаните ридишта текстови и саати наснимени и издебатирани емисии.

Како и секој оджевеан општествен феномен во себе незабележливо излижувајќи се дури еден ден не се искрши, самите македонисти најубаво разбраа дека обедината и неблоковска Европа им го уништува македонизмот со неговите институции, а тие како негови протагонисти за мала догледност што ќе го наджевеат, функционираат како инвалиди што се влечат на штаки и веќе не можат со ништо да припомогнат за нов негов замав, и од сите можности што ги нуди иднината за секој вид на развој, македонизмот е осуден и му престои само угинување.

Со помала или поголема духовитост и зајадливост, секој од својата област, архитектонските здруженија, тукашните новинари и специјалисти од разнии области, само на видливото но не и на длабокосуштинското како негов феномен се задржуваат и пливајќи по површноста на проблемот, ги разгледуваат само противзаконските одлуки за проектот, нестручните планови и изведби, неговата естетска неиздржаност, и се разбира, украдените и испраните пари... Напаѓајќи го неговиот популизам, самите јаваат на површно популистичка карта.

Сдсмовските македонистички интелектуалци, пред некоја година го поканија да го посети Скопје и несомнениот авторитет за современа уметност, Звонко Маковиќ и стручно предавање да одржи за проектот. И

вчудоневиден од виденото, слободоумниот загрепски професор изрече крајно негативни оценки за јасно присатната фашизоидна нишка што ја содржи целиот проект, чудејќи се од каде одеднаш овој авторитарен творечки изблик среде Скопје.

Професор Маковиќ во потенкост не ги знае (или од учтивост ги премолче) подводните гребени на македонизмот, а без овој и ваков сличен длабински пристап кон јадрото на проблемот како негова темна, неразврзана и неспознаена страна на македонизмот,бројните текстови што секојдневно се пишуваат, само ја дозатскриваат и препакуваат вистинската природа и причина за овој наш вечен синор на авторитаризмот, за нашите хитлерчиња и сталинчиња од нашиот сокак кои вечно си се менуваат на власт. Затоа народот за двете најголеми македонски политички групации вели, исти се. И така е. Исти удбаши се. Од зорт поделени и од губитничката беспомошност сега меѓу себе скарани, пак ќе се прегрупираат.

Истите здушно што работеа Груевски да дојде на чело на ВМРО-ДПМНЕ, само колку се несреќни и еднострани во критиките кон овој проект. Само колку жалат што тој воопшто се создаде. Што им е пред очи и што работи против сите нив, а од него не можат да бегаат и да се правдаат дека го нема. Оној што не им одговара можат да го замолчат, но овој заканувачки страотилак лесно не се трга од центарот...

Всушност, прикривајќи си ги своите траги, за Груевски и за неговата врхушка дигаат несноslива врева дека се само уличари, апаши без идеологија, како ова што го гледаме во центарот да не е македонистичка идеологија? И само заради таквото негово непромислено владеење го мразат својот Груевски. Знаат дека и тој и оние што ги советувале за овој проект им сакаале најдобро, а сега тој проект, материјализиран, тродимензионален македонизам пред наши очи им го потготви заеднички крај. Да се останеше само на книгите фалсификати, и понатаму некако пак ќе се извлекуваа... Сега, ниеден ал не им пасува. Да

ги дислоцираат скулптурите, значи признаваат дека грешеле, да остават како што е, покажуваат дека се останува на антиевропските заложби...

Груевски со непопустливоста зврши мечкина работа. Од незнаење ја пушти сантата македонистички мраз да заплови и неутешно да се топи... И ако би го суделе, ќе го судат само како криминалец. Останатите дејанија затоа што им се заеднички, ќе ги премолчуваат. Но, сепак можеби има некаков вселенски ред. Проблемот со името на нашата држава како жежок костен за решавање пак дојде да го решава токму СДСМ. Наследничката на партијата што ја спроведуваше со децении "фабричката грешка".

Во нултата точка на историјата, каква што беше пресвртната 1991г., името од сенеродната ВМРО воскресна како алтернативна народна енергија за нужни промени и најмалку бев сам, ниту единствен, кога уште пред дваесетина години посакувавме, по мекедонското одржавотворување, кратенката на историската ВМРО да се избрише како предзнак од современите политички партии.

Има и такви кои сугерираат дека ВМРО треба да се напише пред секоја партија. Од преупотребливоста да изгуби сила самата митска кратенка. И тоа стои.

Но, можеби е уште попрецизно како предзнак пред секоја политичка партија ако стои кратенката УДБА. Да. Речено цинично, но само на прв поглед. Најпосле стасавме до дуплото дно. До орвелијанството на политичкото организирање насекаде во светот. Секоја легална политичка партија по светот е регистрирана, проверувана и тајно управувана од државните органи. Пред американските партии треба да стои ЦИА, пред руските КГБ, пред германските партии БНД... Тоа е секоја држава. Отсекогаш и засекогаш. И не зборува сега мојата скромност ништо ново, ниту нешто многузнајно или премногу храбро. Само ја одмотувам последната од стоте опаковки во кои е завиена заблудата, а внатре, зрно грав.

И како големиот Радован Павловски што вели, како војник без пофалба секому што се нуди, и мојата скромност овој текст им го понуди на читателите. Самозаблудено, смета, вакви текстови секогаш ѝ се потребни на јавноста. Влијаат позитивно на нејзиното здравје.

Затоа се постојано (не)потребни слободоумни писатели. Ха, тие ти биле здравје (можеби токму тие се болест) на нацијата. Сепак, во определено време, она што наштетува, друг пат истото тоа, подзаштитувало. И така... И нашиот македонизам кога ќе се распакува е како и сенешто. Простотија. Зрно грав.

Девмровизацијата е вршен и завршен суров процес од 1913г. наваму, а од 1944г. до 1991г. е изведена демакедонизација како македонистизација на Македонија.

Девмровизација и деескапеизација е (принуден сум да употребам неизделкан нов термин) демакедонистизација. И ништо друго. Ни треба нивното демакедонистизирање за наше македонизирање и заедничко поевропејчување.

Со одвнатре неслучената македонистичка прочистеност како достигната катарзичност, македонистите и понатаму си остануваат тоа и сега што се, авторитарци со лева и десна иконографија. А со тоа, ништо не сме направиле. Сме ја свртиле паричката наречена УДБА од една страна на друга, од ДПМНЕ на СДСМ и обратно, и пак сме ја пикнале во истиот џубокс на авторитарноста, по новостара песна за новостар македонистички проект...

И, да завршиме. Во антивоените песни на Боб Дилан и Џон Ленон за помирени светови без граници, дека секој човек ни е брат и за светови без оружје, би можело можеби оттука да им допишеме и еден утописки наш стих: О, колку е убаво да замислиме свет без споменици!

Особено зашто доаѓа од Скопје

## 9.ОЧИ В ОЧИ. САМОСООЧУВАЊЕ.ПОМИРУВАЊЕ.

И во српските книги од многумина спомнувани дека им донесоа најповеќе на самите нив непријатности, поточно и поискрено од нашиве македонисти историски гледаат на работите. Во многу читаната и спомнуваната во осумдесеттите години, "Книгата за Милутин" од Данко Поповиќ, книга за идеалите, свои и на противникот, еве како размислува главниот јунак, селанецот Милутин втурнат во војните:

*" А ние, на Косово. Па отаде по арнаутските планини и беспатја.*

*Што е ова - го прашувам Младена - онака насамо, во доверба. А тој, душа наша, ми објаснува. Бугарите ни ја пресекоа отстапницата низ вардарската долина и не натискаа кон Албанија, друг пат немаме.*

*Добро, Младене - го прашувам - зашто нас Бугарите не нападнаа од зад грб? Ние со нив заедно Едрене го освојувавме, таму брат ми погина. А Младен ми објаснува, се разбира, во доверба: Бугарите не нападнаа затоа што Пашиќ го погазил договорот со нив и тринаеста им ја зел Македонија лево од Вардар.*

*Добро Младене, да не била војната тринаеста и Брегалница, да не го направил тоа Пашиќ заради Македонија, дали нас сега Бугарите би не нападнале? - го прашувам. А тој, онака, ги спушта рамениците: можеби и не, вели.*

*Па добро - го прашувам - колкусега нас ќе не чини лево од Вардарот?*

*Младен замолче. Јас застанав, па се мислам: ја задовме Македонија лево од Вардар, а сега ја изгубивме Србија. И толку луѓе. А уште колку ли ќе останат по овие планини и клисури, помислувам. Каде е тука сметката ?(стр. 18-20, Белград 1985.)"*

Сите си го добиваме своето како што ја проектираме ова сегашност како наша иднина. Затоа не бегајте од иднината, таа секогаш и секого го стигнува...

Нашата македонска сегашност е македонизмот како порано проектирана наша иднина и сега на големо му ја плаќаме сметката. Со државата. Крвава сметка, вересија од ништо... " со одблесок македонцки од географцката област... Името македонец прво се употребуаше од македонцките словени, како географцки термин за покажуање на својот происход... Тоа можит да се забележит на тије шчо вељат никога немало македонцка народност. - Немало, ама јет има сега и ке бидит за однапред. (Мисирков, За македонцките работи стр. 149, 150)".

Има една добра книга "Бугарскиот Велигден" на проф. Жечев, за копнежот не само на Бугарите. Тоа е книга и занес по Велигден, по сопствена преродба. За придвижувачката состојба на патос која што бара само крилја, а човек сака да е птица. Идеална идеја е концепција без доволно мудрост која најчесто завршува како лична или колективна катасатрофа.

Ние балканците многу опит имаме со такви преродбенски идеи кои што в раце ни испукувале и сеуште ни испукуваат. На крајот од минатиот век, во нашиов регион такви национални проекти десет години воено работеа за осуштествување на балкански идеални територии и држави.

Бугарскиот граѓанин, на граница со нас, во близина на нашите идеални идеи и намери, во осумдесеттите години покажаа нешто многу големо. Бугарската несовршеност направи да останат настрана од нашите совршени идеи, концепти и идеали и на тоа нивно несовршенство додржаа. И сосема нејуначки и небалкански, убаво се потрудија и со големи маки и одрекувања влегоа во несовршената европска заедница. На тој начин бугарскиот граѓанин остана балканска несовршеност. Тоа е нивниот дофатен колективен Велигден.

Бугаринот е почетното, малото човечко, рудиментирано во нас балканците. Без Бугаринот останатите балканци одамна би биле надлуѓе. Ибермени. Бугаринот пречи што тоа топлочовечко мало и несовршено, не потсетува на Европа. Обединетото несовршено европејство е дом за таквите. За слабите и кревките. И како времето врви, на бугарската несовршеност се повеќе им завидуваат останатите идеални балканци. И треба да им завидуваме. Особено ние, совршените Македонци, од совршено проектираниот македонизам за пропаст на нашата Македонија. После прочуената Македонска енциклопедија, наскоро се очекува МАНУ да издаде прирачник, Како најлесно да си ја уништиш државата во сто лекции.

На силните, не им треба Велигден. Тие се постојано во преродбенска еуфорија. За македонистите секој ден е Велигден. Проектот "Скопје 2014" е идеална поставка на силните. И заради одстапките, заради обмисленото мешање на јаките низ камуфлаирање меѓу слабите, недопрофилираноста како почетна релативизација потоа бара да биде нивна негација.

Тајно, (тоа секогаш кај нас оди заговорничко- удбашки тајно) со половина уста, колку да се рече се спомнало, се најави градење Музеј на силните во Битуше, Музеј на преродбата од Западна Македонија. Тоа е тоа, ашколсун, преродба без преродбенци! Музеј на Новаковиќевото Начертание! Музеј најпосле очистен од гнасното, фашистичко БМОРК, ВМОРО, ВМРО, од заблудените Бугари кои не знаеле што се, без Миладиновци, Прличев, Шапкарев, Цепенков, Џинот, Делчев, Груев... А со восочни бисти на Томо Брадина Смиљаниќ, Воислав Илиоски Илиќ, Василије Трбиќ, Добрица Матковиќ, Јован Долгачот, Тодор Маневиќ, Браќата Петковиќ, Григорие Соколовиќ, Ѓорѓи Пулески, Коста Шахов, Крсте Мисирков, Димитар Чупоски, Наце Димов, Мицко Крстиќ, Анѓелко Крстиќ, Видое Смилевски, Угрин Јоксимовиќ, Светозар Вукмановиќ Темпо, Блаже Конески, Бошко Смаќоски, Атанас Вангелов, Љубиша

Георгиевски, Јордан Плевнеш, владиката Петар, Баба Цана и дедо Блаже, бабата Мери... и останатата македонистичка повоена боранија.

Во десетте тома народни умотворби на Марко Цепенков од седумдесеттите години, кои што на три пати се преиздаваа, бело платнена, светло сива и црвено цигла, на крајот од белоплатнениот десетти том ја оставиле и народната песна од прилепско за Григор Соколов, Соколовиќ, вујкото на Блаже Конески. Треба интернет дечиштава да ја пронајдат и да ја стават. Да видите како народот го опејува неговото конвертирање. И редакцијата на десетте тома под водство, разбира се, на Блаже Ристовски, увидела дека се претерало, па во останатите изданија оваа народна песна веќе ја нема. Добар музејски експонат за Музејот на антиевропејството во Битуше од идеално обмислената, шовинистичка Македонска енциклопедија. Нашите фанатици на сопствениот идиотизам, навистина заслужуваат, заслужуваат да фрлиме уште десетина милиони евра за нивни скулптури, па и корени да јадеме. Не е малку од нив, животот го испрдеа само да бидеме бановина, да бидеме губернија или вилает и само и само да не сме тоа што сме, европејци. И да не сме таму кај што треба да бидеме, во Европа.

Да имаш држава стокмена само за некој преку неа да те разорува и да му служиш преку тебе да вршат дестабилизација и во други држави, каква е тоа државна идеологија? Каква е оваа наша Македонија? Каков е човечкиот профил на нашиве македонисти? Мора отворено да им кажеме: ова не е држава на нејзините граѓани. Каква е таа држава наместо да ти служи, ти на нејзината идеологија беспоговорно послушен да ѝ бидеш, вечно сомнителен да ѝ бидеш, а од колективното “нечисто и губитничко“ минато и од нашата легендарна молчаливост никогаш да не се задоволни. Тоа е нашава удбашка Македонија...

Не сме потрагични и покрвави од Босна, Црна Гора, Косово, Одринско... Македонија е најголемата балканска крвава зафканција. Ние сме најманипулираните. Македонизмот е недостижен врв на балканската манипулација. Од повидните денешни српски интелектуалци нашиве

македонисти тешко дека поткрепа добиваат и ќе добијат. Белградскиот професор Срѓан Пуриватриќ кој има докторирано на средновековната бугарска Самуилова држава тешко дека јавно би бил претставен со неговата научна работа во Македонија. Саглам Срби одамна не доаѓаат во Македонија. Истото се однесува и за бугарски интелектуалци. За грчки и албански и да не зборуваме.

Опитот од досегашниот мој не баш малку изживеан живот ми кажувава дека од асли Срби и Албанци не сум имал проблеми. Иако беше пред дваесеттина години, не го заборавам искреното честитање на повеќе луѓе од српска националност, по мојот тв дуел со Драган Павловиќ Латас. Витештвото на постарите нации не смееме да им го порекнуваме и секогаш да го мешаме со туторство. Еден скопски адвокат со српско име и презиме, со канцеларија во центарот на Скопје, со кого и сега срдечно се поздравувам, покрај честитките, дури и со грижа на совест ми рече, излезе на дуел со внукот на генералот Драган Павловиќ Шиљо. Таквите удбаши како него ве масакрираа, не ние, вашите српски комшии. Ова за да го зборуваш, прво треба да си чесен па после да си начитан, и знај, ако имаш проблеми, јас секогаш бесплатно ти се нудам да те бранам...

Ако закажувам што ми зборуваат и како ме фалат за моите романи моите соседи Албанците во Вруток, дека ти немаш во оваа џандарска држава, вујко владика, и не очекувај од неа никогаш арно, треба легенди да раскажувам...

И така е. Проблемот, пред се, е во нас. Нема да зборувам и за останатите млади држави и нации на Балканот, тоа е нивен проблем, но самонавредливата сепаратистичка рассрденост на новоизлупените нации и потоа сето сватено како сопствено здобиен аристократизам на пораснатите пилиња што веќе смеат да ги клукаат квачките, често пати ги провоцираат постарите нации. Класичниот пример на наше провоцирање е нашиот спор за државното име на Македонија со соседна Грција. Некој ќе ми забележи дека Конески го навредив што го спомнав неколку пати.

Епитет не употребив за него. Проблематизирав негови ставови кои што сега ни се пранги на раце.

На новите нации по правило, им пречи најдоброто од самите нив. Кај нас малку порано видено, но на Бошнаците им потпречуваат: Иво Андриќ, Меша Селимовиќ, Кустурица, Есад Чимиќ... На новопазарците некој кога им вели, вашите стари родови се најблиски со Свети Сава, наместо како комплимент, нив тоа ги навредува...

Во осумдесеттите години, во Македонија кога “царуваше“ Лазар Колишевски, неговиот роден брат, Петар Кулишев во два мандата е Претседател на бугарското Собрание...

Кај култниот македонски артист Ристо Шишков уште при студирањето, во Белград ја увиделе неговата исклучителна дарба и режисерот и педагог Мата Милошевиќ, видовито предвидувајќи, татковски го посоветувал дека неговото враќање во Скопје е само непредвидлива авантура. Таму се прави нова култура, кој знае што од тоа ќе излезе. Таквата средина најлесно талентираниот човек го проголтува. Остани овде, веќе работиш во најдобриот театар... Ристо Шишков не послушува и неговиот крај, го знаете.

Македонизмот е државно мафијаштво и како идеолошко уличарство му помагаат и го крепат српски шешељовци, бугарски каракачановци, македонски мијалковци, албански алиахметовци... Македонистичката антиевропска Македонија е нивни рај и меѓу себе и тендери си местат.

Многу работи можеме да даваме и земаме, за многу да премолчуваме и се пазариме, но од сите проблеми што ги имаме и што ни се множат, за македонизмот нерешлив проблем е бугарството. Не Бугарија како држава. Бугарството во нас е наш внатрешен проблем, а Бугарија е само наш надворешен проблем и сосед како и сите останати. Бугарството како слој од нашето духовно наследство на вековите е наше хамлетовото

огледало и него македонизмот трудејќи се да го искриви, што вели Симе Симев, самиот македонизам во него изгледа карикатурално за надворешноста.

За светот сме неразбирливи и смешни и оттука произлегуваат сите наши фанатизми, фантазми и митотворства. Илјада пати повторена лага, станува - македонизам. Ама само за внатрешна употреба.

Нашиот внатрешен проблем сами со себе и во себе што го имаме, Бугарија како држава треба јасно да го разбере за и таа кон нас емотивно да не реагира. Затоа што македонизмот како антибугарство од неа тоа го бара и на тоа ја чека...

Бугарија штом седи настрана, работите се многу чисти во Македонија. Бугарија штом молчи веднаш се гледа кој што прави во Македонија и колку македонизмот е безживотен. Бугарското молчење е колективно бугарско ментално возраснување и придинесува за македонистичкото препелкање на риба на суво... Македонизмот без Југославија диши на шкрги. Готов е. Ни големосрпство без Голема Србија, ни југословенство без Југославија.

Бугарското европејство некогаш ако добива почит во македонските очи од сите националности е Бугарија кога мудро молчи. Сите малку пообразувани граѓани во Македонија убаво знаат дека имаме општобугарска историја. Дека сме биле "едно етничко цело", што го проголтува, како што видовме и Крле Мисирков.

Само тоа и толку државата Бугарија смее да бара од Македонија "дека сме биле едно етничко цело"и да инсистира тоа да се почитува во Македонија и да влезе во учебниците. Тоа е европско гледање на "македонцките" работи.

Сите македонски националности тоа и сега го поддржуваат, само македонистичката интелигенција на најмногубројната македонска етничка група и српската етничка заедница тоа не можат да го сварат.

Ова бугарското инсистирање како нивна државна политика во никој случај не е бугарско мешање во нашите сегашни македонски внатрешни работи. Мешање ќе е ако врз слободно самоопределените македонски граѓани има мешање при нивната национална определба или во начинот како да ја уредуваме државата. Таа работа нека остане проблем на македонските даночни обврзници. Тоа е само наша, внатрешна работа.

Докрај за да не биде добро, Бугарија си има и една мала провокација кон Македонија. Каракачанов. Секогаш кога не треба и како не треба, се вмешува. Нема постапка која што ја направил, а да не е штетна за Македонија. И за Бугарија, се разбира. Сега кога македонизмот е на раскрсница, да се поевропејчува или да се досамоуништи доуништувајќи го народот, време е за ефтина Каракачанова провокација. Неговите пријателски здруженија со иритирачко инстант бугарство само ја компромитираат подругата природа на слојот старо државно и духовно бугарство присутно и по сите балкански народи, а најдебело напластен во Македонија.

Вечно неодговорното Божидар Димитрово и Каракачаново дрндање за "братјата" отаде Осогово прават несогледлива штета врз единствената внатрешна политичка македонска платформа. Онаа на историското (БМОРК, ВМОРО, ВМРО). Дојдено е одамна време: прочиташ ли некаде ВМРО, само подалеку! Како и Љубчо Георгиевски и Никола Груевски, така и софиското клонче исполнува нечии нарачки и даваат повод и на македонистичките фанатици на сопствениот идиотизам во Македонија и на однадвор одредени околни средини, нашата сенародна Организација да се третира како увезена. Пак да повториме, БМОРК, ВМОРО ја формираат и уште тогаш проевропски политички ја артикулираат: ресенчанец, смилевец, гуменџанец, кукушанец, солунчанец и богомилчанец.

Ефемерното софиско ВМРО е бушон во бугарската општествена поставеност. За секој од Македонија само до него да допира. До него да стасува. Македонскиот граѓанин тоа убаво го разбрал. Секој што има

некаква потреба во нашата источна соседка, ги одминува каракачановците и си поминува најубаво што може во пријателска Бугарија.

Оние што се чувствуваат македонски Бугари, државата Бугарија може и треба да ги заштитува штом нивната држава Македонија со нив најсурово се пресметува. Но, во Македонија нема бугарско малцинство. Ни било по кеиф нам внатре или не, во Македонија, на сите од најголемата етничка заедница, длабоко општата етничко историска линија ни е славјано бугарството на нашите предци. И секој политички фактор од Бугарија, јавно и секогаш само јавно, и никако на друг начин, треба и може да потпомага и за внатремакедонско помирување и за општомакедонско помирување на сите етнички заедници.

Културолошкото влијание од средновековна Бугарија, особено со писменоста, а подоцна и со богомилството, остава регионална врзивност со сите подоцнежни балкански средновековни држави. Сите до еден од денешниве балкански народи, да не забораваме барем пред себе, но сите кој малку повеќе, кој малку помалку, по над триста години биле Бугари. По старата средновековна Крумова, Борисова, Симеонова, до Самуилова Бугарија, првата држава со национален предзнак на балканските и европските простори почнува "начинот" на вообличувањето на останатите подоцнежни средновековни балкански држави. Македонското одржавотворување е извршено најдцна, по Втората светска војна. Едноставно, кај нас и во денешна Бугарија е најсилен Кирило Методиевиот и Свети Климентовиот култ.

Денешна Бугарија како европска држава која не го дестабилизира регионот може да биде од секого искрено сослушана па, и послушана. И тоа би било бугарско и европско сваќање и за македонските и за балканските проблеми. Денешната бугарска држава е како благословена за овој регион во ова време да придвижува разни инфраструктурни проекти, европски вредности, дури и идеи, на пример, за заедничка балканска историја што би се учела по балканските училишта. Но за далновидни погледи, како споменатиов, за излегување од балканската

историја и влегување во европската постисторија, треба и саглам бугарски европски политичари, не ненаситни тендерции...

Сите балканските народи од севкупната состојба во која се наоѓаат се незадоволни, некои со повеќе причини, некои со помалку и сите се во право штом само се помисли колку малку напреднале откако се осамостоени во современи држави. Зашто и да не, можеби и треба некогаш да помислиме на малите азиски тигри кои за триесеттина години станаа светски економски сили. А ние? Да имаш независност, од Грција веќе над двесте години, Србија слично, Бугарија тука некаде, до Албанија веќе над сто години... Немаме право на изговор и не смееме да бараме реплика од историјата.

Историските гревови се премавнуваат со помирувања. Гревот не е наследен, вели Шекспировиот Тимон Атињанецот. За разлика од сеуште свежите сеќавања од неодамнешните југословенски конфликти, балканското помирување е можно, најбезболно може да почне и почна со Заев од кај нас, од Македонија, преку нашите тукашни, подзарастени, поодамнешни рани. И самоповикан, по дведецениско молчење од под македонистичката бетонска излиена плоча на изолацијата, а можејќи сите да Ве погледнам в очи, на потрадиционален начин, ја испраќам оваа скромна порака и клечам пред сите Вас балкански граѓани и Вашите државни институции.

Грци браќа и сестри! Со мојата скромност, и од име на сите изманипулирани македонски граѓани кои сакаат искрено помирување со Вас, Ви се извинувам, клечам пред Вас, барам прошка, простете и уште еднаш простете, за сето наше присвојување на античката историја, но и за други наши постапки со кои сметате, сте биле од нас навредени. Пронајдете човечка топлина како зараза за Вашите соседи од која заеднички ќе се грееме.

Бугари браќа и сестри! Простете за сите систематски фалсификувања на нашата општоблгарска средновековна историја и сето

антибугарство излеано кон Вас. Многу горчини пробавте од нас, затоа што својот како што знае да ти го замеси, не може ниту еден пекар. Затоа месениот леб од свој човек е најсладок. Имајте милост за нас, одамна одметнатите ваши роднини.

Албанци браќа и сестри! Во една куќа кумство нема и најмалку сакам да Ви попувам, а на кумство сакам да Ве повикувам. Ви се извинувам за сите сторени и почувствувани неправди и болки од име на УДБА затоа што таа полициска институција ја чувствувате како гарант за Ваша потлаченост. Побарајте место во вашите срца за нас, Вашите соседи.

Срби браќа и сестри! Македонизмот како наше еднонасочно пријателство е иритација за останатите наши соседи кое што не претвори во балкански губитници. Извинувајќи Ви се за потрошената енергија на нас и погледнувајќи Ве в очи, да тргнеме кон создавање на заедничко поливалентно пријателство на македонска територија преку кое Македонија меѓу сите Вас соседи одеднаш ќе добие медиумски и секаков друг вид позитивен имиџ, а внатре меѓу нас ќе проструи, најпосле, граѓански топла сочувствена струја. Србија и Македонија време е еднаш да излезат од "линијата на огнот". А, ние тоа, најискрено признаваме, без Вас, не го можеме.

За да не бидеме секогаш само ништо. За вечно да не плачеме. Од другите.

Младен СРБИНОВСКИ

# Содржина


1. МЕЃУ УДБАШИТЕ 3

2. СЕМИЊА НА ОМРАЗАТА, ’РКУЛЦИ НА ЉУБОВТА 5

3. ШОВИНИЗМОТ, НАША ДРЖАВНА ИДЕОЛОГИЈА ОД КОЈА НЕ СЕ СРАМИМЕ 32

4. ГУБИТНИЧКОТО САМОФАЛБАЏИСТВО 54

5. СЛУЧАЈНИ ПОБЕДНИЦИ ИЛИ СВЕСНО ПРЕДОПРЕДЕЛЕНИ ГУБИТНИЦИ 65

6. МЕРКАЊЕ СО ОЧИТЕ 75

7. ИГРА СО СИМБОЛИТЕ 82

8. “СКОПЈЕ 2014“ 104

9. ОЧИ В ОЧИ. САМОСООЧУВАЊЕ.ПОМИРУВАЊЕ. 123

CIP – Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека,, Св. Климент Охридски,, , Скопје

821.163.3-95

СРБИНОВСКИ, Младен

Триумф на ништожноста / Младен Србиновски.-Коцаре Принт, 2018 – 135 стр. 21 цм.

ISBN 978-9989-2568-2-0

COBISS.MK-ID 107484170